**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Петтото продолжение на Тринаесеттата седница**

**на Собранието на Република Македонија,**

**одржана на 31 март 2003 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1, со почеток во 10,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Тринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Сашко Кедев, Петар Наумовски, Елеонора Петрова Митевска, Неждет Мустафа, Ѓорѓи Оровчанец ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Почитувани пратеници,

Дозволете ми да ве известам со оглед дека и опозицијата тоа го бара, а и пратениците од позиционите партии често ме замолуваат за тоа. Денеска ќе работиме до 17,00 часот како што е нормално. Меѓутоа, ако оваа точка што е сега на дневен ред не биде завршена до 17,00 часот, тогаш ќе работиме до нејзино завршување. А ако со неа завршиме пред 17,00 часот што се надевам, бидејќи е само еден закон, тогаш во 17,00 часот ќе ја прекинеме работата, без разлика по другите закони каде сме и ќе продолжиме најверојатно утре. Меѓутоа, ако до 17,00 часот не ја завршиме работата по овој закон, тогаш ќе работиме до гласањето по законот.

Продолжуваме со работа по 19-та точка - Предлог за донесување на закон за поттикнување на вработувањето, со Предлог на Закон.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон, според редоследот на пријавените дискутанти.

Има збор госпоѓа Наташа Биковска.

НАТАША БИКОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани пратеници,

На самиот почеток сакам да кажам дека после излагањето на министерот за труд и социјална политика кое што беше доста исцрпно и

аргументирано, мојата дискусија ја скратив скоро на половина, односно ги отфрлив сите делови каде што стоеја бројките и аргументите. Ќе ми дозволите во кратки црти да образложам зошто ја поддржувам оваа иницијатива за донесување на законот за поттикнување на вработувањето, околу неговата содржина и она што јас како пратеник го очекувам како позитивни ефекти по донесувањето на овој закон.

Почитувани пратеници,

Живееме во држава во која што стапкатата на невработеност е издигната на ниво од над 40% и со тоа сме убедливо на највисока позиција, односно рекордери во Европа, што секако мора да признаеме е заслуга на претходната власт. Но, ќе се сложиме сите, нема поважна задача за сите оние што денес се занимаваме со политика од создавање на услови за итно запирање на порастот на невработеноста и впрочем граѓаните на Република Македонија од нас тоа и го очекуваат. Податоците од Заводот за вработување на Република Македонија покажуваат фрапантни бројки на лица кои бараат работа, а не се во можност да ја најдат. Ситуацијата е еднакво алармантна и во градските и во руралните средини и кај лицата со и без соодветна стручна подготовка, односно квалификација. Иако сите статистики укажуваат на огромен подем на невработеноста и осиромашувањето на населението во изминатиот период бевме сведоци на севкупно разградување и на овој сегмент од општеството, неадекватна политика на симулирање на вработувањето и што е уште полошо преземање на неадекватни мерки за решавање на овој проблем. Бевме сведоци на уривање на еден систем и грубо кршење на законите во една држава, а особено на прописите за вработување. Претходната Влада успеа да воведе еден нов институт, нова квалификација за вработување која не постои ниту во една држава, а тоа е припадноста на одредена политичка партија. Суспендирани беа и стручноста и квалитетот и што е најосновно уставното начело за достапност на работното место на секого под еднакви услови.

Под параванот на реформа во јавната администрација беа извршени низа незаконски вработувања оптоварувајќи го јавниот сектор без притоа да се води сметка за интересите на државата и нејзината макро економска политика. Вработување во приватниот сектор речиси и не постоеше. Денес исправени пред овој проблем мора да признаеме дека неговото решавање нема да биде ниту брзо, ниту лесно. Но, сепак имаме програма за зголемување на вработеноста и флексибилноста на пазарот на работната сила. Мора да дадеме виза на првите чекори во надминување на проблемот со невработеноста. Сметам дека овој Предлог закон е добар почеток во борбата што не очекува. И не би го нарекла како што

деновиве популарно го нарекуваат Бранков закон, мислам дека сите оние кои што ја сваќаме суштината и целта би требало популарно да го наречеме надеж за невработените на Република Македонија. Неговата основна цел е поттикнување на вработувањето преку надоместување на средствата за придонеси на работодавецот. Притоа посебно е водено сметка за стимулирање на вработувањето на лица кои биле корисници на материјални бенифиции било по основ на паричен надоместок за невработеност, или по основ на користење на социјални парични надоместоци. За овие лица се предлага покрај партиципација од страна на државата во придонесите кои работодавецот е должен да ги намири и дополнителни средства во висина од 25% од месечната нето плата по работник во Република Македонија односно тромесечен износ на средствата во висина на просечно исплатениот износ на социјалната парична помош во претходната година. Со тоа се обезбедуваат неопходните услови приоритет при вработувањето да имаат лицата кои се најзагрозени, категорија невработени кои со оглед нивната материјална, социјална и старосна структура реално имаат најмалку шанси да бидат работно ангажирани. Сметам дека работодавците ќе ја искористат оваа можност и во прв ред ќе ангажираат лица од овие две категории, со што во определена мерка ќе се надмине проблемот на сите оние на кои предвремено им престанал работниот однос заради прогласување технолошки вишок загубари и стечајци. Адекватен третман треба да имаат и лицата со најголем социјален ризик корисници на социјална помош. Секако ова ќе биде во функција на остварување на нашите програмски определби, во секое семејство во Република Македонија барем по еден вработен.

Од една страна Предлог законот дава мошне големи погодности за работодавците кои ќе вработат невработени лица на неопределено време, за да од друга страна тие погодности ги лимитира со строги обврски на работодавецот. Со предложените решенија се отстрануваат сите неправилности и аномалии кои е можно да се појават. Би ги издвоила обврската на работодавецот да ги задржи нововработените лица двојно повеќе од времето за кој тој користел средства за придонеси и за плата. Утврдувањето како репер најголемиот број вработени во еден од последните 12 месеци кај определен работодавец и обврската за враќање на средствата за неоправдан престанок на работниот однос. Санкциите кои се предвидени со строгите парични казни се мошне ригорозни, така што според мене е исклучена можноста од секаква злоупотреба.

Почитувани пратеници,

Македонија ја притиска невработеноста со сета своја драматичност. Невработените и нивните семејства се соочуваат со чувство на безперспективност, отфрленост и непотребност од државата. Оттука секое толкување на овој предлог закон како непотребен, за мене е депласирано и најмалку сериозно. Денес со предлогот за донесување на закон за поттикнување на вработувањето ние докажуваме дека Македонија има власт со сили, знаења и способност за разрешување и надминување на проблемот на невработеноста, а во моментов само ја поминуваме стартната позиција кон остварување на нови продуктивни вработувања со што граѓаните на Република Македонија ќе можат да живеат подостоинствен живот во својата татковина.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Кога се зборува за Законот за поттикнување на вработувањето мора да се има во предвид основниот факт дека тоа е веќе видена работа и наместо со инвестициони активности и кредитна поддршка на претпријатијата, се предлага закон кој иако е во подобрена форма од претходниот не претставува ништо друго освен краткорочна и административна мерка од која се огради дури и меѓународната асоцијација на трудот. Имено, сметам дека за да се донесе ваков закон потребно е тој да биде во пакет со мерки кои што ќе предвидуваат инвестиции, кредитирање и погодности истовремено при реализацијата на тие инвестициони активности, односно при ефектуирањето на ново изградените капацитети кои ќе дојдат врз основа на тие инвестициони активности. Така и во самото излагање на министерот Манасиевски беше изложено дека на овој закон не може да се гледа како на изолирана мерка која што може да се посматра сама по себе и сама за себе, туку во контекст на вкупните мерки кои што ги има во предвид да ги презема Владата во иднина.

Основното прашање тука ми е: зошто овој закон се предлага како издвоена мерка во овој Парламент, туку не заедно со на пример формирањето на банката за микрофинансирање, или со програмите за развој на инвестиции, или со програмата за поттикнување на вработувањето кои што треба како целина да ги

гледаме тука и да ги донесеме во смисла на проценка и остварување на реални резултати во областа на вработувањето. На краток рок сметам дека овој закон ќе даде формални резултати. Но, ако тоа се случува без инвестициони активности особено од надвор кои што реално можат да ја зголемат вработеноста, овој закон нема да претставува ништо друго освен цена која што ќе ја платат сите граѓани на Република Македонија особено оние кои што се во тешка финансиска и социјална состојба, затоа што со зголемувањето на стапката на данокот на ДДВ и ефектите во парични средства од тоа кои што изнесуваат околу две милијарди денари, целосно се поклопуваат со износот на потребните средства за реализација на овој закон кои што претставуваат околу 33 милиони евра, или исто толку околу 2 милиони денари. Тоа значи дека доколку Владата се определеше за други неадминистривни мерки за поттикнување на вработувањето, немаше да има потреба од покачување на цените на производите на кои стапката на ДДВ се покачи од 5% на 18%. Овде сакам да истакнам дека веднаш почнува да се покажуваат резултатите од овој Предлог на Владата, така што цените на градскиот превоз веќе се покачени во Скопје од 20 на 25 денари што значи дека се демантира уште од старт онаа најава на министерот за финансии во однос дека цените ќе се покачат 0,5%, или трошоците на живот ќе останат релативно на исто ниво.

Овој закон, со неговото донесување, со неговото предлагање тука мислам дека ќе се постигнат повеќе цели, односно ќе има повеќе последици.

Прво, ќе се изврши легализација на вработените на црно или диво вработените лица. Јас сметам дека ова може да се оствари не со овие мерки кои што се предвидени со овој закон, туку со зајакната контрола од страна на трудовата инспекција. Бидејќи објективно овие лица работат и постои реална потреба за нивен ангажман. Значи, зајакнатата активност на инспекцијата на трудот неминовно ќе доведе до легализација на овие вработени, бидејќи последиците од нивната активност ќе ја почувствуваат работадавците кои што ги држат на црно овие вработени односно не ги почитуваат законските прописи.

Втора, последица е тоа што ќе се создаде нелојална конкуренција на пазарот на работна сила. Имено, работодавците во наредните две години нема да плаќаат придонеси за нововработените, затоа што тие ќе се надоместат од буџетот односно од средствата кои се прибираат преку даноците од сите граѓани на оваа држава. А тие даночни оптоварувања постојано се зголемуваат како што рековме и со зголемувањето на данокот на ДДВ.

Трето, овој закон најдиректно ќе предизвика и нелојална конкуренција меѓу фирмите. Ова од причини што оние фирми кои досега работеле успешно и вработувале нови лица, нема да можат да ги користат бенифициите предвидени со овој закон. Оние кои што биле чесни и кои што ги почитувале законите се ставаат во подредена положба во однос на оние кои што биле нечесни и кои што вработувале на црно, кои што не ги почитувале законските прописи, кои што не правеле нови инвестиции. Значи, се поттикнуваат оние фирми кои што во претходниот период биле во многу поинаква позиција, во позиција на непочитување на законите во однос на оние фирми кои што навистина успешно работеле и ги плаќале сите давачки кон државата. Производствените трошоци на овие фирми ќе бидат реално помали во однос на производните трошоци на оние кои ќе мораат да ги плаќаат придонесите на државата. Тие трошоци не се мали, изнесуваат дури половина од месечната плата, како што слушнавме 4.206 денари е износот кој што го покрива државата на име на придонеси за нововработените.

Четврто, овој закон не ги отстранува можностите за негово изигрување. Имено, не е дефиниран начинот на кој ќе се врши контрола и надзор над спроведувањето на овој закон. Единствено се упатува на активности кои според сегашните надлежности ќе треба да ги вршат државниот инспекторат за труд, Управата за јавни приходи и Заводот за вработување. Како овие институции ќе знаат дали навистина се работи за нови реални вработувања, или пак за фиктивно вработување на роднини и пријатели за легализација на вработените на диво, за отпуштени работници од една фирма како технолошки вишок и потоа истите тие работници да се вработуваат во друга фирма без да се плаќаат придонеси за нив.

Петто, неможноста да се отпуштат од работа во наредните две години е многу дискутабилно. Имено, ако самиот работник побара да му престане работниот однос, дали со тоа ќе му биде оневозможено на работодавецот да ангажира нов работник на негово место. Со одредбите од законот наведено е дека тоа работодавецот нема да може да го користи. Значи, се ускратува можноста за користење на привилегиите од овој закон доколку по барање на ново вработениот работник согласно овој закон не е можно да му престане работниот однос на вработениот. Исто така, во случај на повреда на работните обврски што ќе се случи доколку нововработениот согласно овој закон направи повреда на работните обврски што како последица неминовно ќе доведе до престанок на работниот однос на овој вработен. Дали тоа ќе значи дека работодавецот ќе мора да ги толерира овие вработени за да не ги враќа средствата назад, односно за да не го губи правото

да вработи нов човек на тоа работно место на кое што е вработено лицето согласно овој закон за поттикнување на вработувањето.

Сметам дека на овој начин неминовно е да се доаѓа до една ситуација во која што се појавува нееднаквост кај одделни работници, затоа што дел од нив ќе бидат вработени согласно овој закон и ќе користат едни услови за работа, едни начини на работење. А од друга страна статусот на другите вработени ќе си остане ист. На останатите вработени можат да им бидат изречени сите дисциплински мерки, можат да бидат исто така прогласени за технолошки вишок, немаат апсолутно никаква заштита во однос на нивните работни места освен она кое што го предвидува законот. Значи, нееднаквата позиција на старо вработените т.н. и ново вработените навистина ќе доведе до една уставна дилема околу самата позиција на овој закон, не како мерка, туку создавање на нееднаквост на пазарот како што спомнав и претходно со нелојална конкуренција меѓу фирмите, нелојална конкуренција на пазарот на работна сила, а исто така недоволно, или нецелосно ги отстранува можностите за негово изигрување.

Да резимирам, идеата на овој закон не е економска, туку политичка. Идеата на овој закон не е за образување на стопанскиот растеж, туку фиктивно намалување на стапката на невработеност. Тоа е уште едно фрлање прав во очи на граѓаните за остварување на политички цели, желба да се остави впечаток кај луѓето дека Владата прави нешто за намалување на невработеноста. Но, тоа сепак е веќе видена работа, ги видовме резултатите од законот од 1998 година кој како што кажа претходната колешка, претставуваше закон на надеж, а во суштина се појави како последица задржување на работа на 22 илјади лица кои што и претходно беа вработени, меѓутоа со изигрување на законот, со пуштање на фирмите во стечај, со отпуштање како технолошки вишок и вработување на други фирми од исти газди, од исти сопственици, фиктивно се евидентираа ново вработени. Сметам дека донесувањето на овој закон би го поддржал само доколку одеше заедно со кредитни линии, со инвестициони активности кои што ќе беа во склоп на една генерална стратегија, навистина битка со невработеноста во Република Македонија. Вака како што е предложен сметам дека не ја заслужува нашата поддршка како Парламент.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Андова.

АНА АНДОВА:

Благодарам господине претседател, господине министер, колеги пратеници,

Дозволете ми да ви ги образложам моите согледувања по овој Предлог закон во релација со останатите од овој пакет. На предложениот закон кој е еден сегмент од макро економската политика на Владата даден во програмата за зголемување на вработеноста и флексибилноста на работната сила и примената на истиот во пракса, гледам како на чекор, или фаза во поттикнувањето на приватниот сектор во процесот во кој државата ќе престанува да биде главен работодавец, каква што за жал сега е состојбата според статистичките показатели во однос на бројот и структурата на вработените.

Суштината на овој закон е создавање на амбиент и поттик за нови вработувања преку ослободување на работодавачите и преземање на обврската од страна на државата за плаќање на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување и придонесот за вработување за ново вработените лица. Значи, се стимулираат работодавачите под одредени услови утврдени со закон да отвораат нови работни места, невработените идни работодавачи да вршат дејност како трговец поединец, или трговско друштво како и физичко лице кое врши дејност во согласност со законот. Особено е важно за мене што мерките за поттикнување од овој закон се насочени кон одредени целни групи кои спаѓаат во групата на долгорочно невработени лица, како што е тоа дефинирано во член 3 од овој закон. Тука би сакала кратко да искоментирам во два правци.

Во однос на помладата популација која ја сочинува 39,6% од невработените кои се на возраст до 30 години користејќи ги бенефициите што ги нуди овој предлог закон за поголем број од нив може да се каже дека имаат логички и природни претпоставки, а тоа се возраст, односно младост, квалитет и квантум на знаења комуникациски и други видови вештини врз основа на кои можат да го фатат трендот на времето и да се прилагодат на современиот пазар на трудот помогнати од мерките кои ги нуди овој предлог закон и на тој начин сами да учествуваат, да ги поттикнуваат, а и да ги генерираат, зошто да не, реформите на пазарот на работната сила во создавањето на клима на поголема флексибилност и конкурентност.

Ние мораме да се ослободуваме од стереотипите во нашата заедничка ментална шема, од типот - нишај врата земај плата и се надевам дека во ова сите ќе се согласите со мене.

Во некои дискусии по буџетот на Република Македонија, за кои расправавме деновиве, а вотој дух јас ги сфатив експозето на министерот за финансии господинот Петар Гошев, беше укажано на потребата од совладување на модерниот менаџерски пристапи, или поинаку кажано во било какви проекции да се тргне од она што реално го имаме како основа или старт, а не од претпоставени и посакувани вредности. Јас тука би ја додала и потребата од личен, индивидуален сеов менанџмент како што тоа инаку се нарекува, за да почнеме да ги согледуваме нашите заеднички клишеа и да создаваме услови, макар и минимални, на почетокот, со одреден поттик од државата да се ослободуваат креативните индивидуални способности кои навистина можат да се валоризираат во материјална сатисфакција.

Имаше и други коментари по однос на средствата од буџетот наменети за овој закон. На пример беа спомнати некакви фикции, масовни хипнози и слично, но очигледно се работи за индивидуална ретроградна амнезија за изминатиот период.

Исто така во амандманската расправа по буџетот, во делот на средствата кои треба да го покријат овој закон, беа спомнати проекти финансирани и поддржани од странски донации. Како учесник токму во наведените, јас нив ќе ги спомнав во сосема спротивна конотација.

Верувам дека токму идеите понудени од учесниците по овие проекти, патем речено тие припаѓаат во целните групи кои ги третира овој предлог закон, можат без сомнение да се реализираат преку самовработување потпомогнати преку решенијата што ги нуди овој закон, особено во правец на секторите на новата економија и услужните дејности. Од друга страна на овие мерки предложени со предлогот на овој закон гледам на директни и активни мерки за поттикнување на вработувањето и решавањето на фирмите загубари и судбината на луѓето кои се вработени и биле вработени кај нив и кои како целна група од овој закон сочинуваат повозрасна категорија, над 30 години возраст, со респективниот процент од 60,4%.

Тука би сакал да ги потстам работодавачите, со можноста да им се надоместат средствата за платените придонеси на плати, ќе добијат учинок потврден во претходно искуство, веќе стекнати умеења и вештини и би сакала да напоменам, особено за голем на работни места, квалитетот на работата и учиникот е правопропорционален со возраста.

Уште еднаш да потсетам и сега и порано, се случувало грубо да се прекршуваат законските прописи во однос на пол и возраст и при тоа да се прават

елементарни грешки во проценката на перформантноста на профилот на работник кој им е потребен.

Со мерките предложени во овој закон, еден дел од споментатите категории на работници не можат да го комплетираа нивниот работен однос.

Поради претходно кажаното во овој контекст токму тука и не случајно би ги спомнала иницијативите кои граѓаните ни ги испраќаат и ни се обраќаат нам.

Почитувани пратеници, на крајот дозволете мојата дискусија да ја завршам со лична нота, како некој кој во повеќе наврати бил на државна милост, од перспективна лична искуствена категорија, знам можните решенија за излез од состојбата не се во ваков или онаков третман на паричнит надоместоци, туку во создавање на услови и можности за поттикнување на продуктивото работење. Токму заради тоа јас ќе гласам за овој закон.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

И благодарам на господинот Ана Андов.

Има збор гсподинот Ристо Бислимовски.

РИСТО БИСЛИМОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани пратставници на Владата, почитувани колеги,

Во последниве години Република Македонија се соочуваше со сриозни проблеми во нејзиното опстојување, кревка економија, нарушена политичко - безбедносна состојба, зголемен социјален товар. Во такви услови, не можеше да се очекува друго освен сиромаштијата во пораст, невработеноста во пораст. Со други зборови, голема социјална несигурност на најголемиот дел на граѓаните во Република Македонија. Така нашата државата наместо да го задржи трендот и да се движи кон средниот ред на земјите во транзиција, паѓаше се подолу и се повеќе се одалечуваше од патот на развој, повисок стандард и се разбира подалеку од Европа. Причините за тоа се од субјективен и објективен карактер. Но, сега немам намера да ги анализирам тие причини иако во голема мерка се познати. Сега подобро е да се работи и да се наоѓаат решенија за да биде подобро.

Владата на Република Македонија токму во тој правец уште во јануари 2003 година ја усвои макроекономската политика на Република Македонија за 2003 година и покрај другото ги усвои и мерките за поттикнување на вработеноста и флексибилноста на пазарот на работната сила во Република Македонија во 2003

година. Се разбира немам намера да ги коментирам сите мерки кои се доста сеопфатни и комплексни, туку ќе се задржам на предлогот за донесување на закон за поттикнување на вработувањето со предлог на закон, кои произлегува токму од споменатите мерки. Ќе споменам некои аргумети кои одат во прилог на тоа дека овој закон треба да се подржи и Собранието на Република Македонија да го донесе.

Прво, со предложените решенија ќе се зголеми стимулот и мотивот на работодавците за вработување на работници на неопределено време, наведено во член 3 од Предлогот, затоа што со средствата за придонеси на плата, за ПИОМ за здравствено осигурување, за осигурување во случај на невработеност, ќе можат да ги поврата од буџетот на Република Македонија, но да добиваат и други средства, доколку вработениот бил корисник на паричен надоместок по основ на невработеност или социјална помош. Значи, вработодавецот може да добива и вакви дополнителни средства.

Второ, заради таквата поволност сосема е нормално да се очекува работодавците да размислуваат и да програмираат и планираат развој кои во иднина ќе повлечат и нови вработувања.

Трето, со предложените решенија државата наместо да финансира пасивни работоспособни корисници на паричен надоместок или социјална помош, ќе финансира поттикнување на нивно вработување, нивна активна улога, од која ќе произлезе создавање нови вредности.

Чезтврто, со овој предлог закон не може да се спроведуваат вработувања во јавниот сектор, со што се разбива сфаќањето дека државата е единствениот сигурен рабородавач, туку вработувањето се носчува во стопанството, што е исправно, со што се стимулира развој на пазараната економија, а преку тоа и развој на пазарот на работната сила.

Петто, со овој предлог закон работодавците ќе почнат да го заборавaат поимот непријавен работник, а работниците ќе се оддалечат од поимот работа на црно.

Шесто, со овој предлог закон нововработените ќе почната да заборавaат дека биле стечајци, технолошки вишок и слично и полека ќе почната да се одлепуваат од најдолната граница на сиромаштијата.

Седмо, со предложените реални се и објективни очекувањата да расте бројот на вработените и полека да паѓа бројот на невработените.

Осмо, предлагачите со одредбите од предлог законот не испуштиле да го уредат и прашањето за надзор, па и за казнување во случај на нивно

прекршување, што значи ќе се води сметка за почитување н воспоставениот ред, како што доликува на една правна држава.

Почитуван пратеници, ваквите оценки не е тешко да се извлечат од јаснит решенија од предлог законот, но уште повеќе и поради искуствата од примената на ваков сличен закон од 1997 година кој Владата на Република Македонија во минатиот состав го укина. Причините за неговото укинување се сведуваат на тоа дека со него не биле постигнати саканит ефекти, што не е точно, бидејќи имаше доста вработува, министерот во своит кажувања изнесе и точни бројки. Ова го спомнав затоа што и сега дел од опозицијата за овој закон мисли слично и уште додава дека можат да се предизвикаат само политички ефекти, но од краток рок. Јас се согласувам дека тука има политика, но не дефинирана политика, туку јасно определена политика за поттикнување на вработување на начин како што тоа го предвидува предлог законот.

Се согласувам дека во оваа сфера треба да се преземаат и други мерки, да се изнајдат и други можности за зголемување на вработувањето, преку нови инвестиции, отворање нови мали и средни претпријатија, рестартирање на постојните претпријатија, се разбира доколку за тоа постојат објективни можности и слично. Сето тоа е во согласност и со макроекономската политика и со мерките за решавање на прашањето со невработеноста.

Почитувани колеги, мислам дека ова се доволно причини и аргументи, дури и дел од опозицијата да го подржи овој закон и да гласа за него. Се разбира, јас ќе гласам за него.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Нелко Стојановски.

НЕЛКО СТОЈАНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници, почитувани министри,

Велата дека пред фактите и боговите полчат. Овде беа истакнати бројни факти и аргументи во прилог на донесувањето на еден ваков закон, но тие изгледа не бле доволно силни за еден дел од опозицијата. За разлика од некои колеги пратеници кои искажаа резерва или скепса, или дури беа и против донесувањето на овој закон, јас веднаш да истанам дека го подржувам донесувањето на овој закон, со кој се создаваат услови и можности за поттикнување

на враборувањето, на тој начин што државата од буџетот ќе партиципира во трошоците за они што ќе бидат нововработени работници на неопределено време, од редот на невработените.

Колеги пратеници, верувам дека ги погледнавте последните извештаи за вработувањето и невработеноста во Република Македонија за последниот месец, за месец февруари 2003 година. Во тој месец, спроед Заводот за вработување се евидентирани 380.289 невработени лица од кои 5.895 се новопријавени во тековниот месец. Споредено со февруари минатата година има пораст на невработеноста од 3,8% или за нови 14.032 лица. Овие факти, претпотасувам секого мора да го загрижат, бидејќи сме една од државите со највисока стапка на невработеност во Европа.

Она што последно треба да го нагласиме при истакнувањето на потребата од донесувањето на овој закон е актуелната состојба со вработувањето во Република Македонија. Имено, реков на сите ни е познато, не само на стручњаците кои се занимаваат со оваа проблематика, дека се работи за еден сериозен општествен проблем и би рекол топ тема во секојдневните разговори на граѓаните. Исто така ви е познато дека невработеноста се наоѓа во директна врска со неискористеноста на капацитетите, дезинвестирањето, намалениот извоз, опаѓањето на продуктивноста, влошениот животен стандард, порастот на сиромаштијата и сивата економија. Практично, проблемот на невработеноста навлегува и ги загрозува сите сегменти и на економијата, но и на животот воопшто.

Состојбите на пазарот на трудот во Република Македонија се особено загрижувачки. Тоа што посебно треба да не загрижи, да подлвечат уште еднаш, не се сасмо високата стапка на невработеност, која пред малку ја спомнав, која, како што реков е една од највисоките во Европа, туку фактот што повеќе или 60% од невработените чекаат за работа повеќе од 4 години. Овој податок укажува уште на една карактеристика на нашата невработеност. Имено дека таа за жал има долгорочен карактер и предизвикува низа несакани трошоци и последици од економски и социјален карактер, како што беше елаборирано и влијае би рекол, катастрофално, многу негативно на она што социјаолозите често го именуваат како основна келија на општеството, на семејството.

Денешната незавидна состојба во која се наоѓа пазарот на трудот е резултат на повеќе фактори, меѓу кои тука би истакнал: динамичните структурни промени предизвикани од процедсот на социјалната таранзиција низ кои поминува нашата држава во последните години и недостатокот на глобална стратегија на

претходната влада за решавање на овој проблем. Имајќи ја предвид ваквата состојба, оваа Владата на Република Македонија храбро се одважи да презема мерки кои ќе бидат во правец на зголемување на капацитетот на пазарот на трудот, со цел да се спречи понатамошниот пораст на невработеноста и да се постигнер сеопфатна акумулација на работниот потенцијал. Во тој правец, Владата на Република Македонија во својата макроекономска политика се определи за спроведување на активна политика на пазарот на трудот која опфаќа разновидни мерки, овде ви беа спомнати, јас само да ги скицирам, помошта при вработувањето, како што е иформирање, посредување, консултации, потоа обучување, доквалификација и преквалификација, но и директно отворање на работни места. Покрај тоа Владата на Република Македонија треба да ја огранбри и мобилноста на работната сила, со цел да се зголеми флексибилноста на овој Пазар. Имајќи предвид дека настана колапс на страна на побарувачката на работна сила, Владата на Република Македонија увиде дека на овој сегмент треба да се делува и да ги насочи своите мерки за поттикнување на побарувачката на работна сила. Точно во тој правец е и предложениот закон од страна на Владата на Република Македонија за превземање на придонесите за нововработените, на свој товар, со што ќе се зголеми мотивираноста на работодавците за прием на нови работници.

Од предложените мерки за решавање на овој проблем, може да се забележи дека Владата на Република Македонија финира еден нов сеопфатен приод кон водење политика на пазарот на работни сила преку интегрално и координирано дејствување, имајќи ја предвид максимата, да им помогнеме на луѓето, да си помогнат себеси.

Кои ќе бидат непосредните ефекти од овој закон, веќе беа во голема мера наброни, да не ги повторувам. Меѓутоа, само да спомнам дека најнепосредни ефекти ќе бидат изразени во брзо зголемување на вработеноста, но и намалување на трошоците на државата по преминот на една група луѓе од сегментот на невработени кон вработени, со тоа и престанок на социјалната помош што државата ја дава за невработените.

Уште би сакал да додам и тоа дека кога се предлагаат мерки за стимулирање на вработувањето, да се предложат и мерки кои претставуваат интервенции во стопанството, во правец на неговата либерализација. Со самото тоа би започнал нов инвестиционен циклус, односно инвеститорите би имале поголема доверба дека стопанството за кое тие би инвестирале ќе биде водено од компетентен и економски предвидлив начин, при што економските правила и начела

не би се менувале преку ноќ. Колку пазарот ќе биде полиберален и во поголема мерка влезот на нови претпријатија е проследен со помалку бариери и поттикот за инвестирање ќе биде поголем. Секако дека треба да се напомене дека интервенциите на Владата на Република Македонија на пазарот треба да бидат се помали. Новите инвестиции ќе носат нов капитал, нова технологија, управувачки способности, соодветни на новите предизвици и подигнувањето на нивото на вештините на работната сила и како резултат на вака преземените чекори ќе се оди кон зголемување на вработеноста. Во тој правец би предложил и одредени мерки кои значат и подобрување на условите за живот и работа на луѓето кои живеат на село, преку развој на инфраструктурата и културата на руралните територии. Во таа смисла би било добро да се подобрат условите за производство, преработка и меркетинг на земјоделските производи и нивно приближување кон европските стандарди, особено во сферата на екологијата, давање на поволни кредити за стимулирање на земјоделството, заштита на домашното производство од нелојална конкуренција и инвестиции во човечки ресурси.

На тој начин мерките на економската политика ќе обезбедат отворање на нови работни места и ќе дадат шанска млади и стручни кадри да започнат свои бизнис кој би бил профитабилен.

Кога сум на крај кај младите да го истакнам уште фактот што ни е познат. Имено одливањето на млад стручен кадар. Ние мораме да обезбедиме усклови, младите за кои доста се ивестирало во нашата држава да не ни се одлеваат и нивните способности да ги користат некои странски земји.

Доколку сакаме тој тренд да го запреме, мора Владата да превземе соодветни мерки со кои ќе се најдат решенија и за младите во сопствената држава, да го најдат своето место под сонцето.

Уште еднаш да повлечам, ќе го поддржам Законот за вработување на овој начин.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Петар Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Ценета потпретседателке, претставници на Влада, колеги пратнеици.

Мојата дискусија можеби ќе биде поразлична од другите, бидејќи јас ќе се задржам малку повеќе на практичниот дел од примената на овој закон.

Со право се очекуваше бранувањата во Парламентот во предложениот закон, но јас лично се надевав дека опозицијата ќе биде малку поконструктивна, во однос на причините зошто не сака да го поддржи овој закон.

Само да ве потсетам дека и министерот се стави на располагање да ги поддржи сите заштитни механизми, кои би можеле да се вградат во овој закон, за да не дојде до злоупотреба на истиот. Да ве потсетам дека и амандманот на Владата кој што беше доставен во петокот, беше во функција на тоа.

На почетокот сакам да потенцирам само некои разлики помеѓу стариот и новиот закон и тоа многу кратко.

Прво, различно е времето на задржување на работа за која работодавецот користел надоместување на средства за придонеси на плати.

Второ, разлика во дефинирањето на вработувањето и

Трето, за мене најсуштествена разлика е одредбите од овој закон да неможе да се применуваат, ако работодавецот има неплатени обврски по основа на придонеси на плата и данок на плата.

Со самото тоа што одредбите од овој закон не се применувааст, ако работодавецот е државен орган, јавна установа, јавно претпријатие или орган на единиците на локална самоуправа и тн. го елиминира вработувањето по партиска линија , кое вработување за жал постоеше во минатото, а до израз дојде последниве четири години.

Со понудениот закон за поттикнување на вработувањето реално можеме како што рече министерот да вработиме некаде околу 17 или до 20 илјади нововработени. Но ефект може да се постигне само ако во исто време се реализира и програмата за поттикнување на малите и средните претпријатија преку обезбедување на кредитни линии, а посебно поттинување на странски инвестиции. Мораме да се согласиме деја за тоа треба да постои амбиент и во Парламентот.

Јас би се задржал само на еден проект, а тоа е проектот за финансиски услуги во земјоделието, односно познат под името “Инфакт-2” кој е всушност во функција на вработувањето.

Со овој проект се опфатени повеќе категории, јас не би сакал да зборувам за него, но за нас е интересна третата категорија, а тоа се претпријатијата што се занимаваат со преработка и со трговија на земјоделски производи, каи со овие инвестиции ќе отворат нови работни места. Која е целта? Целта на проектот е да го подобри стандардот на живеење на населението, преку обезбедување одржливи

инвестиции и преку намалувањето на невработеноста на активносто и работоспособно население.

Затоа апелирам, Владата, односно ресорното министерство, пред се Министерството за финансии што побрзо да седнат со претставниците на петте банки и двете штедилници кои се одговорни за реализаија на овој проект да се договорат за деталите, посебно за каматната стапка, која се надевам дека ќе биде помала од 9,06% како што беше ИФАТ-1 да може овој крдит да се пласира што побрзо, а ќе биде во функција на вработувањето.

Само за информација со овој проект се обезбедуваат над 3000 кредита.

Сакам да нагласам дека со овој закон  ќе се намали вработувањето по партиска линија, затоа што регрутирањето на невработените е од Заводот за вработување и од Центарот за социјална работа, а мораме да се соглассиме дека во овие две институции има невработени од сите политички партии, но има и невработени кои не се партиски определени, а и тие имаат право на вработување и користење на сите бенефиции, кои произлегуваат од работен однос.

Голем дел од обврската за зголемување на вработувањето и намалувањето на сиромаштијата го носи Парламентот. Тоа значи и позицијата и опозицијата.

На крајот се надевам дека опозицијата ќе се надмине себеси  ќе притисне на зеленоо копче и ќе гласа за потикнување на вработувањето, бидејќи тоа се однесува за сите невработени граѓани и се разбира и за невработените членови од опозицијата. ЛДП ќе го поддржи законот, и ќе ја поддржи секоја иницијатива, која се однесува за вработувањето, односно намалувањето на сиромаштијата, без разлика дали таа доаѓа од позицијата или од опозицијата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодариме на господинот Петар Апостолов.

Збор има госпоѓа Славица Станковска.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Почитувана потпретседателке, колеги пратеници, претставници на Влада,

Во дискусиите што овие два дена беа водени, имавме можност да слушнеме аргументи кои одат во прилог на Законот за поттикнување на вработувањето, главнон од страна на пратениците припадници на позицијата и аргументи против истиот закон од страна на пратеници припадници на опозицијата.

Во едно мислам дека сите ќе се согласиме без разлика кој на која страна припаѓа дека бројката од 374.144 невработени лица не е загрозувачка, туку алармантна.

Исто така, сигурна сум дека со цел респект на луѓето кои припаѓаат на оваа категорија граѓани некоректно, а уште помалку умесно е нивната мака да се користи за маркетиншки цели, а без разлика на искажаните мислења од страна на моите колеги, убедена сум дека сите имаат добра намера и сакаат да дадат свој придонес за надминување на состојбата, поради тоа што овој прболем нема етнички карактер, ниту пак конституционален, уште помалку партиски.

Сите сме свесни дека причините за ваквите состојби се од објективен и субјективен карактер. Но враќањето наназад за барање на виновниците, ниту ќе ни ја олесни, а уште помалку ќе ни помогне за разрешување на проблемот. Наивно е да се очекува , а сигурно тоа не го очекува ни предлагачот дека со овој закон, целосно и трајно ќе се реши проблемот со невработеноста. Дури од името на законот тоа може да се види: поттикнување на вработувањето.

Сигурна сум дека првите ефекти од одредбите во Законот ќе создадат можност за поттикнување на вработувањето, поради тоа што дел од обврските за новите вработувања ги презема државата, со што финансиски го растеретува работодавецот.

Исто така, во функција на стимулирање на вработувањето ќе бидат и други погодности во зависност од тоа на која цел на група невработените припаѓаат, кои работодавецот има намера да ги вработи.

Покрај погодностите што ги нуди законот од одредбите на истиот произлегуваат и обврски на работодавецот кон вработените и времетраење на нивно ангажирање.

Од друга страна, за да се спречат злоупотреби од различен вид ќе постои надзор за спроведување на Законот, но исто така и значителни парични казни за сите оние што ќе го кршат законот, или нема да го почитуваат.

Впрочем, она што го нуди законот сите имавме можност да го прочитаме. Исто така, имавме можност да слушнеме од страна на мои колеги дека Законот нема да биде во функија на поттикнување на вработувањето, туку дека само луѓето што веќе се вработени, а кои имаат нерегулиран статус, ќе имаат можност да се стекнат со право кое им припаѓа благодарение на обврската што државата ја презела.

Верувам дека ефектите од законот нема да одат само во оваа насока, што не значи дека со вакви состојби нема да се соочиме. Но и овој ефект е во функција

барем на осознавање на горе-долу пореална бројка за вистинскиот број на невработени. Никоја Влада, па и нашата неможе да нуди законски проекти со кои ќе се планираат и дефинираат работните места. Но обврска на секоја влада, па и на нашата е да создава амбиент во државата за заживување на стопанството и активности за стимулирање на мали и средни претпријатија, кои навистина неможат да комулираат број на работна снага, но се бизниси со многу помал ризик.

Изнененадува фактот кој после 12 години транзиција и обиди за пазарно стопанство, начинот на размислување на најголем дел на нашите граѓани освен на оние што голем дел од својот живот го поминаа во поранешниот систем останува непроменет во смисла на барање на решавање на проблемот на вработување од страна на државата.

Транзицијата е долготраен и болен процес за разлика од земјите во регионот кај кои исто така се случува транзиција, во нашата држава тој процес беше уште потежок и посложен, заради тоа што беше обременет со разни ембарга, до воени дејствија кај нас и во соседството.

Иако за нашиот граѓанин важи мислењето дека е чесен, вреден и креативен овој процес направи тој да ја изгуби сопствената верба и способност за рационален пристап за излез од тешката состојба, посебно во која се наоѓа.

Многу е мал бројот на граѓаните кои започнаа сопствен бизнис, уште помал на оние кои станаа препознатливи и успешни бизнизмени. Привилегијата барем да се обидат да направат нешто во оваа насока непосредно по распадот на поранешната Југославија имаа само луѓе кои беа на одредени позиции и главно ги претставуваа нашите стопански гиганти надвор од државата.

Од овие причини активностите на Владата, освен што треба да бидат насочени во законски решенија и мерки кои ќе го чинат севкупниот амбиент за стимулирање на стопанството, треба парлалено да превземат активности кои ќе бидат во функција на целосно и навремено информирање и насочување на граѓанинот за поволностите што се нудат, како и за потребите на домашниот и странскиот Пазар.

Уште еднаш сакам да потенцирам што е ова што во овој момент, а во иднина го сметам како значајно, а што произлегува од понуденото законско решение но и други активности на Владата, а тоа се: позитивни ефекти во насока на намалување на невработените, без разлика на која целна група припаѓаат невработените граѓани, стимулирање на работодавците за проширување на сопствените инвестици и зголемување на бројот на вработените заради понуденото финансиско

растерретување на државата. Економска политика која се базира врз специфичностите на нашата економија и држава и коистење на меѓународните искуства, поттикнувајќи го зголемувањето на обемот на инвестициите, имајќи ја предвид структурата и природата на невработеноста, се со цел подобрување на условите за заживување и динамизирање на стопански активности и намалување на невработеноста.

Ова се главно причините поради кои јас ќе го поддржам законот.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Им благодариме на госпоѓа Славица Станковска.

Има збор господинот Благој Голомеов.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Почитувана потпретседателке, почитувани претставници на Владата, почитуван господин министер, почитувани колеги пратеници,

Пред нас е едно стално законско решение, кратко и јасно, но за него расправаме веќе втор ден, што значи дека побудува голем интерес и е исклучително значаен.

Се согласувам дека ваквите законски решенија гледано изолирано, не се во духот на пазарната економија, бидејќи можат да продуцираат елементи на нелојална конкуренција. Но се поставува прашањето за каква фаза на економија зборуваме во Република Македонија во услови кога ние имаме преку 370 илјади невработени, кога имаме огромна диспропорција помеѓу понудата и побарувачката на работна сила, кога структурата на невработените е страшно неповолна. Само околу 40% се до 30 годишна возраст. Дури 33,7% се над 40 години старост.

И на крајот каква пазарна економија кога преку 40% од бруто домашниот производ е разулат на сивата економија. Затоа сметам дека ваквото законско решение, заедно со останатите мерки на оваа влада, што има намера да ги спроведе, што се веќе најавени, пред се во насока на создавање на предуслови за намалување на каматните стапки, потоа, обезбедување на поволни кредитни линии и создавање услови на поефикасно користење на веќе постојните кредитни линии, реков поедноставување на нивната процедура и условите за доделување на тие кредити. Ова заедно со засилената борба против корупцијата и зголемената царинска контрола ќе придонесат кон создавање на амбиент поволен за

отпочнување на единствен циклус, толку неопходен за создавање на нови работни места.

Почитувани пратеници, ваквото законско решение е применето и потврдено во повеќе земји кои минуваат низ транзиционен период. Затоа е и прифатливо за меѓународните финансиски институции и ММФ и Светската банка.

Ние можеме ваквиот законски проект да го гледаме од повеќе аспекти.Можеме да го критикуваме , но факт е дека кога беше применето 1998 година во Република Македонија и покрај сите слабости кој во сегашниот предлог закон се исправени даде резултат.

Статистиката е немилосрдна и покажува дека таа година имало околу 60.000 нови вработувања во однос на годините пред и по 1998 година кога бројот на нови работни места се движел некаде од 20 до 30 илјади.

Се согласувам со некои претходни дискутанти кои зборуваа дека ваквите законски решенија треба да се надоградуваат и ако ова законско решение во тогашни услови ни беше само поради политички мотиви еднострано укинато, ако беше надоградено, мислам дека ќе дадеше и подобри и потрајни ефекти во македонската економија.

Овој закон претставува дел од активните мерки кои се насочени во насока на елиминирање на сиромаштијата преку поттикнување на вработувањето, како една од основните цели на макроекономската полилтика на оваа Влада, а тоа е можно само преку поттикнување на инвестициите, економскиот раст и развој, преку реформи на пазар и работна сила и создавање услови за поголема флексибилност и конкурентност. Очигледно дека опфатените мерки кои се применуваат досега а кои се состојат пред се, од трансфер на социјална помош, која според големината ни одалеку не е доволна за нормална егзистенција, претставува само ублажување на агонијата што продуцира надеж за нејзино разрешување.

Не сакам повеќе да должам бидејќи беа искажани многу аргументи за и против, само ќе кажам дека поради сето ова овој закон треба да се поддржи и јас ќе гласам за него. Истовремено упатувам апел до Министерот за труд и социјала, господинот Манасиевски дека е крајно време да се определи најниската цена на трудот во Република Македонија по гранки или како единствена стапка. Тоа е неопходно за нормално функционирање на пазарот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодариме на господинот Благој Голомеов.

Има збор господинот Кире Гештаковски.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Почитувана потпретседателке на Собранието,почитуван министре, членови на Владата, почитувани драги колеги.

Денеска на дневен ред е Предлог за донесување на закон за поттикнување на вработувањето со Предлог на закон.0

Најпрво сакам сосема накратко да зборувам за моментот и состојбата во која се наоѓа нашето стопанство, посебно на полето на невработеноста.Имаме почитувани мои колеги 380 илјади невработени работоспособни граѓани, спрема најновите статистички податоци од месец јануари 2003 година, или над 35% од нашето работоспособно население.

Со овој податок сме убедливо најлоши од сите земји кои се наоѓаат во процесот на транзиција, после над единствено се наоѓа Босна и Херцеговина. И не е само тоа, туку и структурата на невработени лица е катастрофално лоша. Над 50% од невработените се квалификувани, полуквалификувани и лица со нижо образование, а над 60% од сите невработени лица се постари од 30 години. Што говори сето ова?

Ова говори дека овие лица имаат многу мали, скоро никакви шанси да се снајдат во страшната конкуренција која владее на пазарот на трудот. Најголемиот број од нив се стекнале со овој статус како последица од некој технолошки вишок, стечај или некоја друга структурна промена.

Од вкупниот број на невработени има 46.772 лица кои примаат паричен надоместок по основ на невработеност плус правото за пензиско и инвалидско и здравствено осигурување. Покрај овие лица на крајот од 2002 година 80.000 семејства биле корисници на социјална парична помош од Буџетот на Република Македонија. Околу овие бројки и показатели изминатите недели се согласивме сите посебно прецизно и точно оваа социјална карта на граѓаните на Република Македонија беше упорно презентирана од страна на нашата почитувана опозиција.

Се согласуваме дека тоа се вистинските бројки, но вистината на крајот секогаш победува почитувани колеги. Ние претставниците од сегашната позиција пред 15 септември ги кажувавме и стално ги повторувавме овие бројки. Вие господа од сегашната опозиција викавте дека се ова измислени бројки, дека се служиме со некаква поинаква математика од вашата, дека изворите на статистичките податоци ни се од погрешни места

Сега искрено очекував и верував дека ќе дадете поддршка на овој закон. Две недели роните крокодилски солзи за оваа најзагрозена група на граѓани и сега кога на дневен ред се стави донесување на Предлог-закон за решавање на 20-тина илјади нивни судбини велите дека е ова промашен закон, фрлени државни пари во бунар, дека е палијативно решение, дека граѓаните ќе се ставеле во нерамноправна положба и дека нема да го поддржите овој закон. Секако дека е тоа ваше право иако мислите добро знаете дека еден ваков сличен закон имаше добри резултати во 1998 година кога се вработија само по основ на овој закон над 36.000 невработени од кои над 22.000 и по пет години од тогаш останаа на работа.Добро знаете дека тогаш згрешивте што го укинавте овој закон, но едноставно моравте да го исполните вашиот даден завет дека ќе срушите се што беше дотогаш изградено во периодот, откако често милувате да кажете шестгодишното претходно владеење на СДСМ до 1998 година. Но, не застанавте само на тоа, туку срушивте многу работи изградени во претходните 60 години со вашите штетни договори и распродажби од кои последици ќе трпиме сите ние заедно со нашите деца и следните 20 години.

Најмалку можевте да се помирите со називот со кој јавноста го нарече популарниот Бранков закон, а популарен стана по ефектите што ги даде тој закон. Образложението ви беше дека е тоа лош закон и дека вие ќе донесете нов многу подобар закон. Ниту донесовте нов закон во следните четири години ниту го зголемивте бројот на невработените лица, туку напротив го обременивте со една фрапантна бројка од над 100.000 нови невработени лица. Што ни преостанува нам господа пратеници?

Сега, нам, на ова парламентарно мнозинство и на оваа Влада наоѓајќи се во една ваква вонредна состојба во сферата на невработеноста. Дали треба да чекаме да проработи економската логика и логиката на пазарот на трудот. Дефинитивно не, господа. Ние ќе го донесеме овој вонреден закон, бидејќи се наоѓаме во вонредна состојба.

Овој закон е само една од мерките содржани и презентирани во стратегијата, програмата за зголемување на вработеноста, а комплетно оваа стратегија ќе успее со спроведувањето на макроекономската политика на Владата. Со низа нови законски решенија, со низа измени и дполнувања на старите законски решенија и со строго почитување на законот и Уставот подеднакво од страна на сите граѓани на Република Македонија на цела нејзина територија ќе успееме овие страшни бројки и показатели на крајот од нашиот мандат да ги преполовиме или драстично смалиме.

Сега работиме на создавање предуслови за подоцна да ни се случат овие убари предвидувања.

Во меѓувреме, секоја една одговорна Влада мора да преземе вакви вонредни мерки давајќи им шанса за преживување на своите граѓани, кои се доведени до работ на егзистенцијата.

Од сите нивни протести, штрајкови ни поручуваат дека повеќе не говорат и не мислат со нивните глави, туку тоа говорат нивните празни стомаци. Едноставно бараат леб за да преживеат. Јас нив потполно ги разбирам и со чист образ ќе го поддржам ова законско решение, бидејќи сум цврсто убеден дека ќе ефектуира со 20-тина илјади нови вработувања и тоа претежно од најзагрозената група граѓани социјални случаи кои примаат социјална помош и невработени кои примаат паричен надоместок по основ на невработеност.

Исто така тоа е значи дека почнуваме на дело да го спроведуваме она тешко ветување кое го дадовме пред нашите граѓани дека ќе се залагаме да има барем по еден вработен од секое семејство во Република Македонија.

Не сакам конкретно и подробно да зборувам за содржината на законот член по член, бидејќи тоа беше доста елаборирано, само сакам да кажам дека бенефициите што им се даваат на работодавците кои ќе примаат новвработено лице со овој закон мислам дека од нив ќе бидат правилно искористени и ќе придонесат за нивно подолготрајно солидирање.

Верувам дека по четири години нема да ги отпуштат тие новвработени, бидејќи оној најтежок перидо кој е потребен за квалификување на еден работник сега им го плаќа државата, а понатаму едноставно таквите квалификувани работници ќе им носат профит на работодавците.

Задоволен сум и со решенијата што се нудат во овој закон за заштита од изигрување на истиот и од контролата на спроведувањето на законот. Исто така предвидени се солидни казнени одредби за непочитување на законот било од страна на работодавецот или од страна на работникот.

Овој закон заедно со растеретувањето што се направи со укинувањето на данокот за финансиски трансакции од 6,5 милијарди денари и над една милијарда денари до намалената општа постапка на ДДВ од 19 на 18% ќе даде еден здрав, еден здив, еден кислород на моментално нокаутираното наше стопанство.

Овие 8 милиони денари кои се испумпаа во стопанството ако правилно се искористат може многу лесно да значат нови 20-тина илјади квалитетно вработени

лица. Повторувам квалитетно, бидејќи 4.000 евра се сосема пристојна сума доволно за едно квалитетно ново вработување.

Длабоко сум убеден дека со овој закон ќе се остварат сите замислени ефекти и се надевам дека по завршувањето на важноста на овој закон 31.12.2003 година најсериозно тука сите заедно повторно ќе разговараме и размислуваме за продолжување на неговата важност и следната година.

Ви благодарам за вниманието.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодарам на господинот Кире Гештаковски.

Збор има господинот Драган Ѓорѓиев.

ДРАГАН ЃОРЃИЕВ:

Почитувана потпретседателке, почитувани членови на Влада, дами и господа пратеници,

Денеска кога стапката на невработеност во Република Македонија е на ниво од над 40% и кога невработеноста ја притиска нашата држава во сите сфери на нашето живеење и влијае врз порастот на сиромаштијата, врз деградација на квалитетот на животот и заострувањето на социјалните напнатости денес кога бројката од 380.000 невработени и нивните семејства се соочени со бесперспективност обземени со чувството на непотребност и отфрленост од страна на државата неопходно се наметнува потребата од донесување на закони кои ќе создадат услови за итно запирање на порастот на невработеноста и отворање на процес на нови вработувања, со што граѓаните на Република Македонија ќе можат да живеат подостоинствен живот во сопствената држава.

Реалната потреба од политика на вработување како една од главните столбови на макроекономската политика за 2003 година мора да биде насочена кон воспоставување механизам за запирање на порастот на невработеноста и спречување и намалување на долгорочната невработеност со опфат на одредени категории на ица, кон давање на приоритет за активни мерки за вработување и обновување на нарушените функции на пазарот на работната сила. Токму во таа насока се предлага и Законот за поттикнување на вработувањето кој денеска ни е доставен.

На почетокот сакам да ја поздравам објективноста на пратеникот Љубисав Иванов-Ѕинго и неговата конструктивност по однос на овој закон, меѓутоа, и

огромната разочараност на голем број на луѓе од негативниот став на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ во однос на Законот за поттикнување на вработувањето.

Исто така сметам дека кога се предлагаат и донесуваат позитивни законски прописи од областа на економијата и трудовото законодавство потребен е консензус меѓу позицијата и опозицијата во највисокиот законодавен дом. Позитивните ефекти од примената на еден сличен ваков закон донесен 1997 година се непобитни со фактот што околу 23.000 лица кои се вработиле по тој закон сеуште работат и остваруват приходи на своите работни места.

Во новиот законски текст на Законот за поттикнување на вработувањето се вградени дополнителни заштитни механизми за да нема злоупотреби односно законот утврдува обврска за вршење на надзор и контрола над спроведувањето на законот и ги определува органите за вршење на надзорот, а определува и високи парични казни за работодавците и одговорните лица поради кршење или непочитување на законот.

Со овој Предлог на закон му се овозможува на работодавецот кој ќе вработи работник на неопределено време од редот на невработени лица кои спаѓаат во групата на долгорочно невработени лица, а кои најчесто се од редот на семејства со ниту еден вработен од семејството, социјално загрозени домаќинства, корисници на социјална помош, корисници на паричен надоместок по основ на невработеност, лица прогласени за технолошки вишок, невработени лица на кои им престанал работниот однос по основ на стечај да им се надоместат средствата за придонеси за пензиско и инвалидско и здравствено осигурување за период од 24 месеци, а работодавецот се обврзува да ги задржи вработените на работа најмалку двојно повеќе од времето за кое користел надоместок на средства за придонеси. Покрај тоа овој закон предвидува и право на дополнителна стимулативна финансиска поддршка на работодавецот за нововработените лица од редот на корисниците на одделни материјални бенефиции во определен износ кој ќе се исплаќа на работодавецот месечно за време од три месеци за секое ново вработување од категоријата на невработени лица.

Со овие мерки ќе се изврши финансиско растоварување на работодавците при задоволување на нивните потреби од работна сила и поттикнување на поголем интерес кај нив за нови вработувања од редот на невработени лица.

Бенефициите од овој закон ќе можат да ги користат и невработени лица кои ќе отпочнат со вршење на дејност како трговец поединец, како трговско друштво или физичко лице кое ќе врши дејност во согласност со законот.

Сепак мора да се каже дека ако сакаме Законот за поттикнување на вработеноста во целост да ги даде очекуваните ефекти мора да биде проследен со други закони, програми и мерки во областа на финансите, економијата, и трудовото законоставство, но исто така паралелно мора да се преземаат активности за подобрување на квалитетот на образованието односно преку практична обука уште во текот на школувањето да се зголемат шансите младите да најдат работа веднаш по завршувањето на своето образование. Во исто време неопходно е да се организираат и програми за обука за усовршување, соусовршување и преквалификација на невработени лица пријавени во Заводот за вработување заради ефикасно приспособување на работна сила кон тековните услови и потреби за на крај целите кои треба да ги постигне овој закон би биле следните:

ќе се намали бројот на невработени лица;

ќе се легализира работата на лица кои досега работеле, но не плаќале придонеси;

ќе се добие пореална бројка на невработени;

ќе се намали бројот на корисници на социјална помош, така што финансиските средства кои досега се трошеа од Буџетот сега ќе се трошат за активно ангажирани лица.

Од сите овие причини јас ќе го поддржам овој закон.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодарам на господинот Драган Ѓорѓиев.

Реплика господинот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Бидејќи во излагањето на претходниот дискутант беа изнесени многу невистини дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ била против вработувањето, што не е воопшто точно. Морам да искажам едно чудење од ваквиот настап на претходниот пратеник. Би му поставил едно прашање дали не е подобро државата да обезбеди поддршка на инвестиционите вложувања, да ги мотивира комерцијалните банки за пласман на средсдтва кои ќе овозможат нови работни места, а паралелно со тоа ќе се ослободат работодавачите од плаќање на придонеси за вработените лица за определен временски период. Сето тоа како пакет мерки за борба против невработеноста.

Нашата пратеничка група не е против вработувањето, туку за реални, а не фиктивни вработувања и туак би го поставил прашањето зошто министерот не кажа колкав број на веќе вработени беа отпуштени од една фирма и потоа истите тие вработени според поранешниот закон за поттикнување на вработувањето во други фирми. Зошто за овој закон за да се донесе мораше да се покачи данокот за додадена вредност од 5% на 18% и да се покачат цените на производите.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на реплика господинот Ѓорѓиев.

ДРАГАН ЃОРЃИЕВ:

Очигледно претходниот дискутант не ме слушал добро, небеше во насока пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не ги поддржува вработувањата, туку има голем број реакции од граѓни на РМ на негативниот став на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ кон предложениот закон. Значи, не кон нови вработувања, да не ги намипулираме и менуваме работите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со расправа.

Има збор господинот Орданчо Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Почитуван потпретседателе на Собранието на Република Македонјиа, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

До пратениците на Собранието на Република Македонија е доставен предлог за донесување на закон за поттикнување на вработувањето со Предлог на закон со тоа што ни се предлага овој зако да биде донесен по скратена постапка.

Имено, образложено е дека не се работи за сложен и обемен закон, па се предлага на истата седница на Собранието на Република Македонија на која ќе се разгледува Предлогот на закон да се претресе и самиот Предлог закон.

На самиот почеток сакам да потенцирам дека Владата постојано како принцип скоро редорно ни сугерира и ни поднесува законски проекти и истите да ги донесуваме во една скратена постапка под изговор за итност или дека се работи за закони кои не се обемени или не се сложени.

Јас воопшто не можам да се согласам со ваквата аргументација дека не се работи за сложена материја, како што е прашањето на вработувањето, напротив ова

е проблем кој заслужува мнгоу поголемо внимание и поголемо време затоа што тоа е едно од најосновните и најесенцијалните прашања кои го засегаат секој граѓанин а Република Македонија, а особено невработената популација.

Затоа ваквиот пристап и постапките на Владата за брзо донесување на овој закн нема оправдување и нормално носи грешки кои едноставно ќе ги чини особено неваработените граѓани на Република Македонија кои веројатно многу очекуваат во дело на она што значи трудово или работно законодавство.

Во рамките на ова и во оовј контекст т.е. во делот на она што значи вработување, јас особено сакам да нагласам дека денеска владеачката гарнитура на чело со СДСМ во текот на изборната кампања децидно нагласуваа дека по добивањето на власта во рок од три месеци ќе изготват програма за вработување со тоа што од секое семејство ќе биде вработен по еден член и навистина граѓаните на Република Македонија поверуваа во тоа така што СДСМ го доби ман датот токмју на овој сегмент од нивната изборна програма и едноставно многу очекуваа и очекуваат да се реализира ветувањето од изборната кампања.

Но, дали е тоа така и што денес имаме пред нас на разгледување и дали денешниот Предлог - закн за поттикнување на вработувањето со Предлог на закон од 17 члена е таа програма за вработување што ја нудеше и за која зборуваа во текоцт на кампањата СДСМ со коалициониот партнер Либерано демократската партија.

Ако ова што денеска го гледаме е таа програма, тогаш мора јавно да признаеме пред македонската јавност, особено пред невработените, пред невработениот електорат, кој гласаше за СДС, дека ова е едноставно најголемата изборна лага на владеачката гарнитура и ова личи на се, само не на програма за вработување.

Пред нас имаме неколку листови каде што се внесени 17 членови што никако не значат и score неможат да ветат разрешување на најгорливиот и најголемиот проблем во Република Македонија, а тоа е проблемот на невработеноста, особено не во обемот во кој што ветуваше СДС и ЛДП. Значи, можеме да констатираме дека и после истекот на 6 односно 7 месеци, наместо ветените 3 месеци, не можеме да ја видиме таа ветена програма со конкретни решенија за нејзино спроведување, особено во делот на вработувањето, затоа што, веројатно, коалицијата на СДС и ЛДП ја немаат. Тоа значи дека коалицијата нема никаква идеа и ништо ново во доменот на вработувањето, со голема доза на сигурност дека нема да се случи ништо атрактивно, за да бидеме уверени или барем да се надеваме дека во блиска

иднина на ова поле ќе бидеме сведоци на нешто поконкретно и поопипливо особено во делот на вработувањето.

Во врска со самиот предлог, предлогот на закон, во образложението се наведени неколку основни начела. Има 5-6-7 начела или принципи на кои што се заснива Законот. Од нив, позначајни се обезбедување на потреби од работници на работодавци, обезбедување услови за остварување на правото на работа, слободен избор на работа, ефикасност во стимулирањето на нови вработувања, принцип на обврска за задржување на работа на вработените, супервизија во примената на Законот, ефикасност во поттикнување на вработувањето и др.

Меѓутоа, гледајќи го овој предлог на закон во неговиот глобален концепт, се поставува прашањето дали тој, со предвидениот капацитет може да одговори на целите за кои што е донесен и дали погоре наведените основни принципи и начела можат до крај да бидат исполнети со неговата практична примена. Или, поточно, се поставува прашањето нуди ли тој излезни решенија и колку сос неговата практична реализација ќе се обезбедат и овозможат нови, пред се продуктивни вработувања, особено ако се има предвид дека Владата, за спроведување на примената на овој закон има обезбедено или ќе обезбеди околу 2 милијарди денари.

Мојот личен став е апсолутно скептичен, убеден сум и тврдам дека обезбедените средства во висина од 2 милијарди денари едноставно ќе бидат фрлени по ветер. За ваков став и убеденост, за неефикасноста на овој закон имам повеќе причини и образложение:

Пред се, имајќи го предвид членот 2, ставот 2 од предложениот закон за потикнувањето на вработувањето, во него децидно е кажано дека одредбите на овој закон важат за работодавци и претпријатија што редовно ги плаќаат обврските по основ на придонеси и даноци на плати. Или, поточно кажано, законот важи само за бонитетни претпријатија. Сметам дека со ваквото решение не се создаваат услови и амбиент за квалитетна работа и не се постигнува целта на законот, затоа што со ваквиот начин на условно стимулирање и оние малку претпријатија кои се добри и не се оптоварени со проблемот на прекубројно вработување, ќе ги ставиме во ситуација да бидат во една неповолна состојба, неповолен работен амбиент, бидејќи ќе се судрат со проблемот на превработеноста и непродуктивно ангажирање на работна сила.

Имено, секое вработување што не е предизвикано или не е резултат на потребите на работниот процес, не е продуктивно и нужно ќе продуцира објективни потешкотии во работењето на претпријатието што перспективно може да го доведе

претпријатиeто во позиција да отвори постапка на стечај или ликвидација. Дури и самото решение во Предлогот на законот со кое што за работодавецот е предвидено обврска нововработените, според овој закон, да бидат задржани на работа барем 4 години, а не обврска за трајно вработување до пензионирање, тоа значи дека и самиот предлагач не е убеден во можноста за нивно трајно вработување и дека ваквото решение е дискутабилно и дека денеска се постигнуваат само моментални ефекти. Ако се работи за претпријатие, за добро претпријатие, претпријатие што работи и има развојни можности и потреби, тогаш нема потреба тоа да го примени овој закон, т.е. за него не значат ништо овие 4.000 денари по вработен по основ на придонеси од плати што ќе ги плати државата, туку ќе прими толку работници колку му требаат и колку што бара работниот процес. Затоа инвестициите од овој тип и според овој закон единствено не се потребни.

Многу подобро ќе биде доколку наведените средства од околу 2 милијарди денари бидат инвестирани во нови развојни капацитети што ќе создаваат нова вредност или пак во капацитети што во Република Македонија ги има и тоа на претек, но не се во функција од едноставна причина што беа оптоварени со вишок работна сила или се во стечај или им недостасуваат обртни средства. Значи, Република Македонија имамногу изградени стопански објекти, со изградена инфра структура што сега, од различни причини не е во можност да работат, но со мала можност сметам дека би биле во позиција продуктивно да профункционираат тие претпријатија. Убаво би било доколку овие средства бидат според определени програми доделувани на стопански објекти што веќе ги има и се надвор од функција на работа.

Како пример би го зел Дрвниот комбинат во Кавадарци, комбинат што во своите добри времиња работеше во полн капацитет со преку 1.500 работници. Сега, иако тој може и има капацитет да започне со работа, е надвор од функцијата. Сметам дека со мала финансиска подршка тој комбинат може да биде рестартиран и тоа со продуктивно вработување на преку 1.000 работници. Такви комбинати како овој, веројатно ги има по сите градови во Република Македонија.

Воопшто не сум убеден дека со инвестирање во овие работни места, т.е. недостаток на парични средства што работниците ги плаќаат по основ на придонес од плати и тоа околу 1.300 евра по вработен, дека ќе имаме развој и дека Законот ќе ја постигне својата цел. Тоа е само парцијално, времено решение и повеќе од сигурен сум дека нема да има нови промени во бројот на вработените. Сумата од 1.300 евра е безначајна и воопшто не е стимулативна за претпријатија, односно не

овозможува на работодавецот да создава нешто ново. Ако знаеме дека во развиените земји едно вработување чини некаде околу 12.000 евра, во земји со развиена стопанска инфраструктура, тогаш каков развој очекуваме во стопански претпријатија во Република Македонија ако знаеме дека сме многу далеку од тоа што значи база и можност нашите претпријатија со бедни 1.200 евра. Сметам дека со тие средства од 1.200 евра нема шанси да се создадат услови за работа, на пример да се купат машини, да се отворат нови хали, да се посадат нови површини итн. Верувам, тоа ќе биде доволно само да се купи екстензивно средство за работа, мотики, српови итн, а со такви инвестиции тешко дека ќе можеме да вработуваме и да обезбедуваме развој.

Спроведувањето на овој закон во дело, морам да кажам дека ми личи на поранешните политички акции за вработување, што се спроведуваа во 80-тите години од минатиот век, пред повеќе од 20 години и во едно друго време кога имаше интервенции на државата, во време на договорна економија и кога речиси едноставно немаше загуба и лошо претпријатие. Минаа годините кога мораше за 1-ви Мај или за Нова година да се дадат лични доходи независно од профитабилноста или бонитетот на фирмата или претпријатието. Затоа, овој закон да не заличи на тие социјалистички акции за вработување и обезбедените средства од 2 милијарди денари да бидат фрлени по ветер, потребно е Владата истите да ги пренамени, да бидат продуктивно и профитабилно вложени во претпријатија што ќе гарантираат и профит и квалитетен развој, во капацитети што веќе постојат, а им е потребна само мала финансиска подршка.

Од тие причини овој предлог на закон не е прифатлив за мене и нема да гласам за него,затоа што истиот е веќе еднаш виден и доживеа свој крах, особено што не дава одговор на прашањето што со вработувањето, односно невработените високо-школкси кадри што ги има премногу по заводите за вработување и кои што едноставно излез бараат преку бегањето од Македонија, односно одењето и приклучувањето во економииите во развиените западно европски земји.

Според тоа, овие 5 листови во кои што се сместени 17 членови не се и не можат да гарантираат вработувања особено во делот на производството. Значи, каков е законот, такво ќе ни биде и вработувањето.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодариме на господинот Орданчов Тасев.

За реплика се јави госпоѓата Ана Андова.

АНА АНДОВА:

Вашиот настап, господине Тасев во најмала рака го сметам за настап на демагог за социјална правда, без елементарно разбирање за тоа што е социјална правда и кои се нејзините основни принципи. Народот рекол-не прашај гаталец, туку прашај паталец. А, токму сите ние заедно сме во таа категорија и треба да го понесеме товарот на моментот во кој што се наоѓаме и да понудиме излезни решенија.

Знам дека нужните решенија треба да се бараат во насока на фундаменталните приоритети на земјата: потикнување на вработувањето и севкупно подобрување на социо-економскиот амбиент, за да можеме понатаму на среднорочен и долгорочен план да зборуваме за она што вие го истакнавте. Токму затоа, вашето искажување го сметам за чисто политичко лицемерие и лажно морализирање.

Го спомнавте Дрвниот комбинат од Кавадарци, меѓутоа, заборавивте да спомнете како доведувавте таму некои имагинарни фондации што нудеа огромни пари, огромни средства за ревитализација на истиот, направија мал милион долгови кај кај поединечни занаетчии и други лица и институции и исчезнаа како што дојдоа. Се надевам дека по наредните 2 точки ќе се сретнеме или во дискусија или во реплика.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на реплика господине Орданчо Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Нема што да реплицирам на пратеникот од Кавадарци од СДС, меѓутоа морам да потенцирам и сакам да кажам, особено нејзиниот настап, ако некаде има маркетинг во сета работа, тоа е нејзиното излагање затоа што во една можност, сакам да ги запознаам пратениците како и пошироката македонска јавност дека пратеникот Ана Андова во една можност беше во Дрвниот комбинат повикана од вработените да помогне во неговото рестартирање. Меѓутоа, нејзин дециден став беше дека Комбинатот треба да биде затворен,беше проследен со свирежи и нејзино бркање од просториите на Комбинатот. Овде воопшто не се работи за маркетинг или за некаква социјална правда, едноставно ние како партија, лично јас како пратеник ќе се залагам ваквите средства што се обезбедени од Буџетот на Република Македонија едноставно од грбот на вработените во Република

Македонија, на работниците, да бидат продуктивно насочени за создавафње материјална база. А не преку донесување на вакви закони што едноставно имаат само маркетиншки карактер и што ќе го доживеат истиот момент и она што беше во 1998 година со Бранковиот закон. Благодарам.

(пратеникот Ана Андова дофрла од место-Нoторно лажење)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор госпоѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитувана потпретседателке, почитувани пратеници на Владата, почитувани колеги пратеници.

На секоја Влада една од главните преокупации треба да биде решавање на невработеноста и тоа е добро. И на оваа Влада главна преокупација пред се е остварување на, заради остварување на предизборните ветувања, е вработувањето. Тоа значи вработување на околу 200.000 лица. Но, во услови на стагнација на сите сфери во економијата, летаргијата што го зафати целото стопанство и како резултат на тоа драстично намалување на платежната моќ на граѓаните, а истовремено неможејќи да се изнајде нов начин на решавање на проблемот на невработеноста, Владата прави голема грешка затоа што се одлучи да го искористи веќе испробаниот модел и тоа со донесување на овој закон за потикнување на вработувањето што всушност е само преработка на т.н. Бранков закон.

Едно од основните прашања што овде се псотавува е следното, дали Владата навистина направи детална анализа колку невработени навистина ќе се вработат, согласно овој закон, ако се има предвид следното:

Прво, дека одредбите од овој закон не се однесуваат на работодавците доколку тие се државни органи, органи на единиците на локалната самоуправа и Град Скопје, јавна установа и јавно претпријатие или други корисници на средствата на Буџетот;

Второ, одредбите од овој закон не се однесуваат и нема да се применуваат ако работодавецот има неплатени обврски по основ на придонеси за плати и даноци за плати.

Ако се земе предвид умртвеното стопанство, неможноста за обрт на капиталот, а со тоа и нередовна исплата на плати и нередовно плаќање на придонеси од плата и даноци на плата, на повеќе од 80% од вкупниот број на фирми во Македонија, навистина незнам кои фирми ќе ги вработат овие невработени лица,

кокав број на лица тие фирми можат да апсорбираат и дали воопшто, со финансиското растоварување на работниците, може да се постигне ефектот.

Во контекст на ова би сакала да укажам дека и заштитните механизми на државата во врска со спроведувањето на овој закон ниту од далеку не претставуваат гаранција, со оглед дека се работи за директни трансфери од Буџетот на Република Македонија, дека овие две милијарди денари ќе ја постигнат целта, односно нема да бидат фрлени залудно. Кога вака се анализираат податоците ќе се дојде само до заклучок дека ова е привремено решение за легализирање на непријавените лица во фирмите, односно лицата кои работат на црно.

Поентата, доколку навистина се сака решавање на проблемот на невработеноста е не да се донесе закон за потикнување на вработувањето, туку закон за стимулирање на инвестициите што само по себе ќе ја наметне потребата од навистина нови вработувања.

Нареден негативен ефект што ќе се предизвика од спроведувањето на овој закон е потикнување не на вработувањето, туку на нелојалната конкуренција меѓу работодавците, на тој начин што државата со административна мерка ќе овозможи на еден дел од работниците да им го плаќа Шродпмеспт за нововработените, а на друг дел работодавачи ќе им го ускрати тоа право.

Пд ова произлегува дека со овој закон Владата само ќе чести нечесни газди кои досега, кај себе, на црно ги вработуваа лицата и им дава можност само тие да се вработат, без навистина да се вработат невработените лица. Лица пријавени во Заводот за вработување, тие ќе останат. Освен што се стимулира нелојалната конкуренција меѓу фирмите, бидејќи тие различно ги плаќаат придонесите, се врши дискриминација на пазарот на вредноста на трудот.

Понатаму, што ќе се случи доколку работодавецот отпушти поголем број на старите вработени лица, затоа што за нив е должен самиот да ја обезбеди и редовната плата и редовните придонеси и даноци од плата? Да вработи нови невработени лица за кои пак државата ќе ги плаќа придонесите. Дали тогаш и за овие лица кои и до вчера работеле ќе важи овој закон за потикнување на вработувањето. Дали и овие лица тогаш ќе се сметаат како невработени лица или за нив ќе се најде некоја друга формулација.

На крај, не би смееле овде да се залажуваме и да ги залажуваме граѓаните дека со:

Прво, со износот што ќе се исплаќа, но само доколку редовно се исплаќаат плати и плаќаат придонеси;

Трето, со оглед на искуствата, во многу случаеви ќе имаме зголемен апетит за изигрување на прописите од страна на работодавачите и со други ефекти што допрва на своја кожа ќе ги почувствуваат невработените со овој закон, како и старите вработени.

Овој закон ќе ги постигне ефектите, би требало да ги постигне ефектите што само изготвувачот на законот ги знае. Покрај се друго, овој закон само може да го заглави решавањето на проблемот на невработеноста во економската безнадеж.

И, уште еднаш би сакал да кажам и да ја информирам јавноста дека никој од ВМРО-ДПМНЕ не е против вработувањето, туку изразуваме сомневање дека со ваквото вработување навистина ќе се постигне целта што се сака да се постигне со овој закон.

Благодарам.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван потпртседателе, почитувани колеги пратеници, пожитувани колеги на Владата.

Ќе се обидам во пократок временски рок, бидејќи доста дискусии имаше на овој план и јас да дадам допринос околу предложениот закон за поттикнување на вработеноста.

Не би било коректно ако однапред кажам дека овој закон е некорисен кога во РМ, имаме 380 илјади невработени. Би сакал да укажам што не е докажно во овој закон и дали како таков ќе биде корисен.

Лично сметам како што е предложен законот нема да ја постигне својата цел. Истиот со малку разработување на проблематиката на невработеноста и причините кои што ја зголемуваат невработеноста во РМ, бидејќи многу години наназад не се правени такви анализи, не се правени програми на кој начин да ја застанеме бројката на невработени и да почне да паѓа на бројката на оние што се вработуваат. Кај нас бројката на невработени се зголемува секој месец. Ако го погледнеме последниот статистички извештај ќе видиме дека во месец февруари се вработени околу 6 илјади лица, а на Заводот за вработување се пријавиле 8 илјади лица, што значи бројката пак се зголемува.

Предложениот закон со кој се предвидува во текот на оваа година да се вработат околу 20 илјади луѓе, работници, би претставувала некаде околу 5% од вкупниот број на невработени сега, дека ќе се вработат, а имајќи предвид дека таа бројка се зголемува од месец на месец сметам дека ќе биде и сосема незначајна.

Исто така, во самиот закон не е разработено дали таа бројка што ја предвидува Владата од околу 20 илјади работници да се вработи според овој закон ќе биде надвор од бројката што се вработуваат и сега лица пријавени во Заводот, или пак само на оние што се вработуваат и сега секојдневно по некој наместо да се вработуваат на тој начин како што се вработуваа досега, ќе се вработуваат со плаќање од страна на државата на придонесите и тоа на пензионото и здравственото осигурување.

За оваа работа лично сметам дека Владата малку избрзала и не е толку овој закон од итен карактер ако ние го донесеме денеска дека со вработувањето ќе биде се завршено. РМ со невработеноста ќе има проблем најмалку уште 10 или 15 години да ја санира бројката од 380 илјади денеска, да ја доведе во некои рамки од 10 или 15% невработеност, а сега која што брои 40 или 50%, бидејќи бројката на невработени е веќе поголема од бројката на вработени.

Сакам да укажам дека недоволно е разработен законот бидејќи нема пропратни програми кои што и на друг начин ќе овозможуваат услови за вработување, туку овој закон се темели исклучиво на постојните услови што постојат сега во претпријатијата, дали постојат такви немаме евиденција или докази, дали има услови да се вработуваат и таа бројка која што ја смета Владата веројатно е надвор од таа што си оди нормално досега. Дали има таква материјална основа и во кои гранки ја има. Тоа е направено така, сепак водена од претходнот закон кој беше донесен 1997 година дека ќе даде некави резултати.

Таквите резултати може би ќе бидат на евиденција видливи, бидејќи за нив ќе се издвојуваат средства а во стварноста секој ќе треба да се праша далил ке има некој ефект. Дали ќе се успее навистина да се намали бројката на вработените за 20 или 30 илјади луѓе помалку отколку што е тоа сега.

Брзината на законот укажува и фактот што со законот е предвидено на секое вработено лице по овој закон да се издвојуваат по 4280 денари, кои средства наводно работодавецот Ќе ги исплаќа како придонеси за пензионо и здравтвено осигирување и во наредните 60 дена тие ќе му бидат враќани. Јас мислам дека такви средства работодавците нема ни да исплаќаат. Сметам дека тој износ е паушален и пресметуван на некој износ од 8000 денари. Пред неколку дена гледав одговор на пратеничко прашање од Министерството за труд ии социјална политика кога го анализирале работењето во конфенциите во Кочани, гледаме дека тие луѓе исплаќале плати од 3000 до 6000 денари, што укажува дека во тој износ што Владата сака да го плаќа на работодавците скоро ќе ја плаќа и платата и една

половина. На 3000, 4000 до 6000 денари придонесите се некаде помалку, до 2000 денари а не 4200 денари. Сметам дека се е набрзина направено само да се донесе таков закон, како да ублажиме некоја состојба што била во предизборните активности.

Јас би сакал да у кажам на СДСМ да не брза. Сите свои укажувања што ги ветувал во предизборието не може да ги реши за месец два или пет, може би ќе требаат и повеќе. И, се што ветил не може да направи. Добро е да направи било што да остане трајно. Јас сум да остане овој закон траен, да не биде за една година. Моите размислувања се РМ, да има еден поинаков однос бидејќи состојбата со невработеноста е алармантна во РМ. Треба да имаме здрава и цврста стратегија која што ќе ја прифатиме сите пратеници во Парламентот, затоа што сите нас не боли за невработените. И партиите што се во опозиција и тие ветуваа вработувања и затоа би препорачал овој закон да оди во прва фаза да го поддржиме сите. Дискусиите што се дадени од страна на опозицијата, веројатно и позицијата може да размислува на иста основа што треба да го поддржат само така законот, но веројатно и некој од нив мислат поинаку, треба повеќе да се сработи по тој закон и треба друга документација, програма и верувам дека за два-три месеци пред годишните одмори да дојде овој закон и да имаме една чиста основа за негово донесување и за негово подолгорочно гледање на работите. Дали тоа ќе биде за пет или десет години, така да не гледаме ние за 20 илјади вработувања и дека ќе ја решиме состојбата во РМ, туку треба да вработиме за 5 или 10 години 250 илјади од оваа бројка и да останат некаде 100 илјади невработени или некој процент 10 до 15%. Тогаш ќе имаме заеднички интерес инаку, сето ова не ја решава состојбата а може само да се напаѓаме од две политички странки позиција и опозиција, дека едните се за вработување а другите не се. Сметам дека сите сме за иста работа, а имаме само различни гледања.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Ѓорѓе Паљошковски

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници, почитувани министри.

Сметам дека законот за поттикнување на вработувањето во основа е неприфатлив барем од две причини на кои посебно би се задржал.

Првата причина, јасно е дека се прави дискриминација кај стопанствениците по основ на старите и новите вработувања.

Втората причина е поради предвидените казнени мерки со Законот, кој се однесуваат на работодавецот.

Имено, работодавецот кој за својот производен процес ги има потполнето сите предвидени и можни работни места скоро и ќе немаат потреба од новивработувања, наспроти новите стопанственици кои со нови вработувања ќе обезбедат поефитина работна сила со што неправилно настапуваат на пазарот. На тој начин тие ќе имаат можност за намалување на цената на своите производи односно услуги токму за делот на примените надоместоци согласно овој закон.

во тој контекст сметам дека Владата можела да понуди и други решенија со кои би се овозможило поттикнување на вработувањето без да се чувствува оваа неправедност кај стопанските субјекти. На пример можно решение би било намалување на придонесите од плата во износ сразмерно на предвидените средства со Законот. Така правите субкјекти би биле подеднакви во сите услови и при новите вработувања, како и за старите вработени и на пазарот сите би постапувале со иста цел на работна сила.

Од законот исто така се гледа дискриминација на нововработените лица во поглед на тоа што се смета невработено лице. Далеку поправилно би било оваа привилегија да ја имаат сите лица кои се евидентирани во Заводот за вработување отколку сегашната формулација со која предност се дава на лицата евидентирани најмалку една година, на лицата технолошки вишок, на стечајците како и на корисниците на социјална помош.

Од ваквата формулаицја може да се изведе заклучок дека Законот е наменет за решавање на проблемот на загубарите и социјалните случаи, бидејќи за работодавецот се предвидени надоместоци и по овој основ, наместо тој да биде ориентиран на вистинско продуктивно вработување на млади завршени и способни кадри.

Со предложениот закон се санкционира работодавецот ако не ги задржи работниците на работа најмалку двојно повеќе од времето за кое користел надомест на средствата за придонеси од плата, според член 8 став 1.

Од друга страна ако на нововработените лица работниот однос им престане по негово барање, поради кршење на работната дисциплина или неисполнување на обврски работникот со ништо не се санкционира освен што при повторното вработување повторно работодавецот не може да го остварува правото од овој закон за тој работник, член 8 став 2.

Мислам дека со овој закон не се води доволно или никаква сметка за заштита на работодавецот токму од неодговорното однесување на работникот. Сметам дека работникот е тој кој треба да сноси санкции доколку работниот однос престане по негово барање, или негова вина, а работодавецот во тој случај треба да биде ослободен од санкционирање.

Доколку се санкционира само работодавецот тој се наоѓа во незавидна ситуација во однос на невработениот работник бидејќи согласно со Законот ќе биде принуден да го задржи на работа работникот до предвиденото време со Законот или во спротивно ќе го врати и износот на надоместените средства со банкарска камата.

Од Законот може да се види што ќе се случи доколку по истекот на времето за кое работодавецот прима надомест и истиот престане со вршење на дејностај поради случај на стечај или ликвидација, кој во таков случај ќе ги врати користените средства. Може да се претпостави дека одреден број на работодавци би извршиле квалификувана злоупотреба на Законот и искористувајќи ја оваа варијанта како би обезбедиле двегодишен стаж на осигурување на товар на државата за себе и на кругот на своите најблилски.

Од напред наведените причини јас лично не можам да дадам поддршка на овој закон и затоа ќе гласам против.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници,

од досегашната расправа во врска со оваа тожка од дненвиот ред и претходниот ден кога парламентот расправаше пред се од страна на опозицијата беа изнесени некои квалификации, констатации, во однос на предложениот закон за поттинување на вработувањето дека истиот е непотребен и штетен така вели опозицијата. Меѓутоа, со што опозицијата сака да го докаже тоа и сака да ја увери јавноста со аргументи дека е токму така.

Имено, факт е дека Законот за поттикнување на вработувањето е само еден сегмент од макроекономската политика и дел од стратегијата  и од програмата на Владата за вработување и за намалување на сиромаштијата, воедно и за подигање на стандардот на граѓаните на РМ, и тоа на долгорочен план. Што е најбитно тоа се прави уште во првите 5 месеци од функционирањето на новата Влада.  Што е спорно за опозицијата, што го негира и што го оквалификува како непотребен,

штетен овој закон од политички апскт. Веројатно тоа е во прв план потребата опозицијата да биде опозиција, меѓутоа тоа не е ништо спорно ниту трагично во парламентот, меѓутоа, спорно е затоа што самата опозиција е контрадикторна бидејќи тие се изнаснија дека во парламентот ќе бидаст конструктивна опозиција. Овде се работи не за некоја политика, туку се работи за чисти економски мерки кои имаат за цел подобрување на с тандардот на граѓаните. Сега, каде е тука конструктивноста на опозицијаста што самата ја најави и ја декларираше.

Исто така, се поставува прашањето што е тоа поради што опозицијата нема да даде поддршка на овој закон.

Прво, дали е тоа нешто лошо што ќе се предизвика или што ќе се направи со овој закон. Не, не е лошо затоа што ќе се вработуваат луѓе, а вработувањето не може да биде нешто лошо.

Второ, дали, како што вели опозицијата може би е непотребен. Јас би рекол ако ВМРО-ДПМНЕ мисли дека во својот мандат го реши проблемот со вработувањето, тогаш да навистина овој закон е непотребен, меѓутоа, така мисли опозицијата, а народот така не мислеше.

Исто така, можам да се согласам дека е непотребен, меѓутоа, непотребен за оние партиски членови кои беа вработени од страна на ВМРО-ДПМНЕ во изминатиот период со партиски книшки. За нив да, овој закон е непотребен.

За жал во изминатиот период, за време додека сегашната наводна конструктивна опозиција беше власт важеше во РМ, еден друг закон, Закон за партиско вработување односно популарно наречен Љупчов Закон и со тој закон се вработуваа граѓани со партиски книшки.

Напротив, овој пат со овој пакет на мерки, иао е само еден дел, Владата нуди решенија каде што нема партиско вработување, сите граѓани се еднакви без разлика на секаква друга припадност. Исто така, опозицијата вели дека овој закон би бил штетен. Па, јавноста знае дали некој од опозицијата го образложи тоа , еве, да ја земеме и праксата од 1997 година, до 1998 година, кога во една слична ваква форма се применуваше овој закон, сличен ваков закон, дали имаше некои штетни ефекти во тој период. Далина некого му беше нанесена некаква реална штета и никојне кажа ако била нанесена штета на некого или на нешто , која е таа штета, каква е и колкава е таа штета. Значи, отпаѓа и овој аргумент на опозицијата за штетноста на овој закон.

Друг аргумент, кој исто така треба да се земе предвид е дека господата од опозицијата треба да знаат дека , како што напоменав ова не е ниту изборна, ниту

предизборна година, па сега некој да прави ефтин политички маркетинг во смисла на добивање на гласачи, туку напротив ова е првата година од мандатот. Има многу време до изборите, значи, целта е , се сака нешто корисно и продуктивно да се направи за да се подобри економската состојба на граѓаните во Република Македонија. Значи, целта е економска , нема никаква политичка заднина, никаков политички маркетинг и други аргументи кои ги истакнува опозицијата. Сметам дека околу и за сите економски цели , без разликаод кого се предложени во даден момент, поготово, за вакви крупни зафати и проекти , треба да се обединат најголемито број од партиите, без разлика на која провиниенција припаѓаат, дали се опозиција или позиција. А, не преку ова да се собираат други дневни политички поени и тоа што е најтрагично , тоа сега со неподршката го прави ВМРО-ДПМНЕ на штета директно на граѓаните, кои би требало да се вработат како резултат на ефектите од овој закон. Верувам, не би требало дека ниедена политичка партија, па ни опозицијата, ни ВМРО-ДПМНЕ да мисли на некому лошо или да е против вработувањето на било кој граѓанин во Република Македонија . Токму тука ја гледам неконстуктивноста на опозицијата , зашто неподржува економски мерки кои водат единствено кон прогрес и кои можат единствено да сосздадат само позитивни ефекти. Во секој случај негативен ефект неможе да има. Секако, дека треба со пропратни мерки да се надополнуваат одредбите од овој закон, за да во вистинска смисла се покажат ефектите и континуирано тоа да се почитува и да се спроведува. меѓутоа, тоа е вее прашање на политиката на спроведувањето и на извршувањето доследно на овој закон.

Со својат анеподдршка опозицијата ризикува уште нешто. Покрај политичката неконструктивност, бидјеки од нејзиниот политички став произлегува дека ВМРО-ДПМНЕ, иако тоа во денешнава расправа го демантираше, сепак, произлегува , не можеме да извлечеме друг политички заклучок, освен тоа дека опозицијата е против вработувањето на било кој граѓанин и тоа без никакви разлики притоа да се прават вов рска со граѓаните. Тука спаѓаат, што е најпарадоксално и членовите на самата опозиција. Значи, би можело и така да се свати од политички аспект дека опозицијата е всушност против, не подржува мерки кои одат во прилго на вработување , всушност и на самите нивни членови. Со овој закон никој нема да бара партиска книшка или некоја друга подобност партиска или било каква партиска заслуга. Туку, напротив, сите граѓани се еднакви и имаат еднакви шанси во поглед на вработувањето, согласно нивната стручност, стручна подготовка, компетентност и слично.

На крајот, лошо, единствено лошо во овој момент, не како ефект од законот , туку лошо е што со овој закон од страна на опозицијата се води дневна партиска политика , а не се подржуваат проекти кои се во интерес на развојот на државата Република Македонија и во интерес на сите граѓани на Република Македонија без разлика на нивната припадност.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодариме на господинот Борис Кондарко.

Збор има господинот Владо Илиевски.

ВЛАДО ИЛИЕВСКИ:

Почитувна потпретседателке, почитувнаи претставници на Владата, колеги и пратеници,

Јас се откажувамод поголем дел на дискусијата и сакам само да демантирам една теза, со коај се иксажува сомнеж дека со спроведвуање на овој закон за потикнување на вработувањето се создава нелојална конкуренција на пазарот. Апсолутно то ане го гледам така, бидејки на оние работодавци кои веќе го започнале бизнисот сега им се дава можност за нивна експанзија, проширување на асортиманот и по брз развој. Додека, пак, на оние помалку храбрите им се дава можност во нешто поолеснети услови за стопанисување да стартуваат и да инвестираат во бизнисот. Од тие причини јас би гласал за овој закон и тоа како важен во овие состојби на невработеност и со кој закон не се стопираат инвестициите, туку напротив следуваат во пакетот мерки за закони , кои ги подготвува Владата. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодариме на господинот Владо Илиевски.

Збор има господинот Никола Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ;

Почитувани дами и господа, би сакал да се произнесам и да го кажам моето мислење по повод овој закон во најкратки црти. Ценам дека овој закон нуди прилично непазарни мерки за потикнување на вработувањето, за кои што не очекувам дека ќе дадат некои посериозни резултати или пак тие резултати, тие ефекти би биле премали.

Од друга страна моето мислење е дека , сепак, ќе се потроши еден сериозен износ на средства кои би можеле на многу подруг начин да се употребат, на индиректен начин за да се потикнат вработувањата во државата, а што е уште полошо од првото, според мене, и за кое што би требало уште поголемо внимание да се обрне е можноста за создавање на дисторзија на пазарот, со тоа што едни ќе имаат одредени бенифиции, додека други, правни друштва, компании, нема да ги имаат. Да кажеме, неодамна пред еденипол месец од прилика прочитваме во медиумите во весниците еден интересен пример, многу едноставен пример од секојдневниот живот, сервиз за миење автомобили, кој што има вработено луѓе пос тариот закон и до него сервис исто таков со ново вработени според бенифициите од новиот закон. и, можеме да замислиме каква ќе биде конкуренцијата помеѓу нив и кој ќе опстои во една таква конкуренција, иако цената на трудот не е единствениот параметар за конкурентноста и успешноста на една компанија или една фирма. Или пак, да ги земеме примерите во трудоинтензивната дејност во  кожарството,в о текстилната индустрија, каде што можеби ќе се случи да се формираат нови фирми да се купат постојните фирми, во кој што ќе се вработат голем број на вработени, под услови на новиот закон, а оние што дотогаш работеле и што неможат да ги користат тие бенифиции , бо можеле да бидат отпуштени.

Овој пат, како што можеме да забележиме, во законот се извршени повеќе интервенции, за да се избегнат злоупотреби, што е добро и што може позитивно да се оцени, така што се стеснува рамката за злоупотреби, па така имаме можност оние кои што имаа наведено односно кои што имаат неплатено обврски , да не можат да ги користат бенефициите. Потоа, бројката на вработени мора да е на највисоката бројка на вработени на оние кои ги има во фирмата во последните 12 месеци. Невработено лице кое намалку 12  месеци е во Заводотот за вработување и редица други кои што од една страна ја стеснуваат, меѓутоа од друга страна го стеснуваат и кругот на компании , кои што воопшто би можеле да бидат корисници на овие поволности.

Од информациите што ги добив ММФ не радо го прифати овој закон, како нужно зло можеби од поголем број на изборни ветувања , кои што денеск ане можат да е исполнат, како што се Законот за загубарите, сертифиактите ќе се претворат во обврзници или вработување од секое семејство или намалување на стапкат ана данокто на додадена вредност од 19% на 5% и т.н., што значи од една палета на изборни ветувања, сепак, се чини дека можеше Владата да излезе со нешто што го ветуваа, иако ценам дека и имам чувство дека и во редовите на самата Влада

постои соменвање за успехот на овој закон, поготово заради тоа што законто е ограничен до 21 декември оваа година. Значи, ако навистина е толку добар , нормално би било да трае подолго.

Уште еднаш би потенцирал дека ефектот ќе биде незначителен и дека можеби мал ефект ќе има овој закон и кај пријавувањето на веќе вработени што не се приајвени . Но, мислам дек аова не е вистинската мерка за да се натераат оние кои што вработиле луѓе, а не ги пријавиле, да ги пријават. За тоа се потребни енергични контроли на  инспекциит еи други методи. Ова е ми се чини, една од последните мерки, коај што би можеле да се воведе за едно вакво решавање на непријавените вработени. Во просек, гледано математички, излегува дека оние што ќе ги користат бенефициите на работодавачите што ќе ги користат бенифициите од овој закон, ќе излезе дек аоколу 50% во рок од 4 години плаѓаа од придонесеите. Значи 2 години целосно не плаќаат, па 2 години целосно плаѓаат и по правилата на вредноста на парите , тоа ќе дојд еи помалку од 50%, можеби од прилика 40 и неколку проценти. Се ан се мислам дека тие што треба да се вработат во идниот период ќе си се вработат и без овој закон, а многу ретко овој закон ќе биде причина за донесување одлука за зголемвуање на бојот на вработени. Настрана што можеби е тоа ново, но Вадата ќе се обиде медиумски резултатите да ги претстави поинаку.

Да потсетам дека претходната Валда го услови на една жестока војна, во услови на една Косовска криза имаше 110 илјади вработувања и 70 илјади на определено време. Уште еднаш ќе потенцирам дека , според моето мислење, вработувањето е можно само со силни резултати во индустријата,во услужната дејност, во градежната дејност, во сите области кои го сочинуваат еден бруто домашен производ. Паѓање на тоие полиња нема да бид епотпомогнато многу од овој закон. Да кажеме, според последните резултати февруари 2003 година споредено со февруари 2002 година во индустриското производство имавме пад од 13,7%. Февруари 2003 споредено со компјутерот на 2002 година имаме пад од минус 20% во индустриското производство. Двата месеци јануари и февруари 2003 година со двата месеци јануари и февруари 2002 година пад од 3,9% на индустриското производство, а да кажеме само во јануари имаме  регистрирано нови 6600 невработени. Ова се краткорочни резултати и не може да се извлече односно не е поентата да се извлече дека така ќе биде цела година или дека нема нешто да се подобри, се разбира ако Владата воведе соодветни мерки заедно со Централната банка дека работите можат да се подобрат. Во овојмомент работите не изгледаат многу добри,меутоа, само подобрувањето на реалниот сектор, може реално да

донесе нови вработувања, да донесе одржлив развој и одржливи вработувања. Од претходниот Закон знаеме дека скоро половина од тие вработени денес не се вработени, так ашто тоа е мојата оценка дека резултатите од овој закон , не смао што ќе бидат ограничени, туку може да предизвикаат и дисторзија на пазарот. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Љупчо Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, членови на Влада, колеги пратеници,

Вие со овој закон сте овозможиле само на приватниот работодавец. Па, ќе речете од каде сега логиката државата да вработи и да плаќа за нив, ако е државен работодавец. Токму тука е логиката. Зошто да не земе приватниот работодавец, па да се стави во касата на државата. Значи вие сте го направиле спротивното. За приватниот работодавец се плаќа во касата на државата. Исто така, социјалните случаи се во голем број. Се движат околу 52 илјади. Можеби оваа Влада ќе продолжи односно ќе предложи таков законза вработување само на невработени, корисници на слоцијални случаи. Ако изнајдеме заеднички јазик ќе успееме да донесеме таков закон, под услов Уставниот суд и нам да ни прогледа низ прсти, таа да не покрене постапка за оценување на уставноста за законот што ќе го донесемем. Бидејки, за ова има дебели докази и аргументи да покрене псотапка и сов реме да го укине, а не сега да предложи оваа Влада, овој закон да се укине. Така што, Владата и понатаму останув апри својот предлог, законот да биде прифатен, изгласан и донесен. Со тоа што ќе престане да важи овој старито закон и никој од граѓаните во Република Македонија не треба да се плаши дека од утре нема да има вработувања. Напротив, од утре Ќе почнуваат вработувањата и тоа почитувајки ги пазарните законитости и почитувајки ја развојната функција на Буџетот на државата, овоозможувајки странски инвестирања во државата, зашто ние тоа и го правиме. Состојбата ја релаксиравме и ќе овозможиме во Република Македонија ќе има развој на вработувањето. Благодарам.

Почитувани пратеници, ова што го прочитав е дел од стенограмот или поточно кажанокрај на второто обраќање на минситерот за труд и социјална политика од претходната Влада, како при поднесувањето на закон за укинување на закон на вработување. Намерно прочитав малку поголем дел , за да не кажеме дека нешто

сум извлекол од контексот и дек асега тоа лебди во воздух, а инаку во самиот контекс поинаку значи. Ништо повеќе не е кажано плус што сум го испуштил, само што ова е објаснвуањето , со кое што беше укинат тој закон. Не се полемизираа бројките, не се полемизираа резултатите, не се полимизираа фактите. Ако се проанализира ова, се гледа една голема нервоза во истапот на тогашниот минситер, затоа што и самиот знае дека законот кој што го предложија за укинување на закон за вработување, не е вистинското решение односно дека тој закон дава резултати.

Ова го прочитав, само затоа што аргументацијата , инаку сегашната позиција , тогашната опозиција, не е сменета , бидејки состојбите не се сменети, дури се отидени во делот на невработувањето, отидени се на полошо. Ако проанализираме што е овде кажано, прво, се полемизира дека законот е неуставен, па дури се напаѓа и Уставниот суд. нема никаков контакт со тоа зошто се укинува законот. Нормално , политичка аргументација од типот дека ќе се донесе продуктивен закон, закон кој што ќе ги почитува пазарните законитости. Граѓаните можат после 4 години да проценат дали таков закон воопшто е донесен, кој што ги почитува тие пазарни законитости. Резултатите, се сега дека имаме 110 илјади невработени. Но, сега продолжуваме понатаму. Еден друг пратеник од тогашната позиција вели, идејата на овој закон , се мисли на Бранковиот закон, не беше да се реши социјалниот момент на невработените, туку беше идејата овие луѓе да се доведат во поголема штета и незавидна положба. Тоа е интересна констатација дека законот во основа се носи на штета на граѓаните. Но, се дава одговор понатаму. Во што се состои тоа.? Овие луѓе имаа обезбедување преку Заводот за врабортување. Отидоа во тие текстили фабрики и таму ниту имаат плата , ниту имаат било што д апримат. Затоа што за нив не се плаќа. Немаат социјално осигурување, немаат здравственоосигурување, немаат плати. Кажете што добиле тие луѓе. Ако сакате д апродолжиме ова да го правиме и понатаму, јас ќе ви се придружам на ваша страна. Само кажете ни на тие луѓе како да им објасниме дека еднаш немале ништо, а сега немаат апсолутно ништо.

Друг факт и аргумент од висок функционер, кој што е сега висок функционер во третата законодавна власт против Бранковиот закон - никакви аргументи да се негираат резултатите од тој закон. Веќе се користи метода на заплашување, бабарога или “Бу” метода, техника, која и овде ја слушнав во поблага форма, затоа што овој закон ваков каков што е ќе доведе до отпуштање на други вработени за да се примат други, иако тоа не го дозволува еден член од закнот бидејќи се признава број на ново примени работници, а кој е над максималниот број

што постоел во последната година. Тука на некој начин се спречува таа злоупотреба.

И на крајот една пософистицирана варијанта за девалвација на Бранковиот закон од еден пратеник на тогашната позиција: "Што се однесува до бранењето", се мисли на Бранковиот закон, "ако овој закон по кажувањето на опозицијата продолжи со оваа пропорција, ако е тоа бројка 33, не влегувам во точноста кој број е, ако е тоа 33 илјади, да го оставиме овој закон да важи 5 години, ќе немаме невработеност. Меѓутоа, мислам дека не е излезно решение во оваа административна мерка. Излезното решение е точно во она што го нуди Програмата за обнова и развој. Благодарам." Завршува цитатот.

Ова е пософистицирана варијанта како да се исплашат граѓаните дека вакви закони имаат задна намера, затоа што навистина е логично ако 5 години користиме таква стапка на вработување, нормално, нема да имаме невработени за 5 години. Во науката оваа метода е позната како метода на екстраполација и таа најчесто може да доведе до погрешни резултати. Не сакам да кажувам пример, но пратеникот кој што станал голем стопанственик додека бил пратеник, поранешен пратеник, и сега е стопанственик, но има некои проблеми со законот, претпоставувам поради употребата на оваа метода на екстраполација.

А кои беа аргументите во тоа време на тогашната позиција, а сегашната опозиција? Во три реда: "Вработени 38.737", тоа го призна и тогашниот министер за труд и социјална политика, за кое државата потрошила 18.625,000 марки. Тоа го кажа во марки, бидејќи тогаш така се сметало. Опозицијата кажа дека во тоа време проценката била дека едно работно место чини 10 илјади марки, 38 илјади, тоа е отприлика 340 милиони марки колку што би требало државата да даде ако се изврши нормално вработување, легално вработување да отпочне. Ако се поделат 18 милиони на 345, државата супституирала со 5,5% во отворање на работно место. Сметам дека тоа е економично работење и со толку пари да се вработат 30 илјади, сепак е добар резултат на еден таков закон.

Зошто овие 3 делови од стенографски белешки ги прожитав? Ако се проанализира начинот на кој се бранеше тогаш законот за укинување на Законот за вработување овие делови од стенографски белешки, ќе заклучиме дека ни самите предлагачи всушност не верувале дека тој закон не е добар, од едноставна прижина што тој закон покажа на терен дека функционира, покрај сите недоследности кои се појавувале или манипулации од работодавачите.

Сегашниот министер за труд и социјална политика бројките ги кажа во детали, па дури по градови и региони. Она што е факт дека биле 40 илјади вработени, 25 илјади останале до ден денес вработени по тој закон. Тоа се бројки. Но секој закон и секоја бројка има и своја реална животна приказна, посебно за случајот кога станува збор за невработеност, затоа што сувите бројки и статистики можат да дадат глобална насока каде треба да се движиме, но во овој случај статистиката може да биде и окрутна, односно да ги замагли сите аргументи на опозицијата, ако зад тие бројки не погледнеме што е реалност, што е реален живот. Бидејќи едно вработување како статистика ништо не значи, но значи за таа фамилија, за тој човек значи многу. Затоа овој закон треба да го гледаме и од тој хуман солидарен аспект. Се потсетив дека еден голем писател една многу ценета книга ја запожнува со една реченица која вели "Сите семејства се среќни на ист начин, а несреќни на свој начин". Значи, сите вработени можеби се и среќни бидејќи на некој начин може имаат работа, вклопени во општеството. Но секој невработен е посебна прикаска, посебна судбина. Не гледам зошто не сакаме, ако со подржувањето на овој закон и во тие фамилии влезе една светлина, еден призрак на надеж. Сите сме уверени, и јас лично сум уверен дека овој закон не значи решавање на невработеноста, иако овде имаше замена на тези, но тоа никој не го тврдеше, ниту министерот го тврдеше. Овој закон дава можност, надеж и простор да се применат оние работи за кои теоријата и науката докажуваат дека треба да се примени, значи едно време ни овозможува.

Но проблемот на невработеноста, со кој се бориме 12 години користејќи исти теории и исти аргументи од типот инвестиции такви и вакви и Владите со исти експерти се советуваат не даваат резултати. Дали е време да се прашаме дека пристапот на гледање на проблемот треба да ни биде сосема поинаков. Ако некој лек се употреби еднаш и не даде резултати, па се употреби втор пат па не даде резултати, па трет пат, тогаш најлогично е да се прашаме дали лекот е проблематичен и дали тој е вистински.

Проблемот на невработеноста не е исто што и проблемот на вработување. Тоа треба да го разјасниме. Има држави во Европа и ден денес и општо во светот каде имаат и вработеност, имаат раст на бруто националниот доход и на индустриското производство, но сеуште имаат проблем на невработеност. Тоа значи, како што рече некој ако проблемот на невработеност е негација на невработеност, тогаш ако ја зголемиме вработеноста, тогаш би требало обратно пропорционално да падне вработеноста. Тоа не е така. Затоа треба кон проблемот

на невработеноста да се пристапи можеби не со досегашните методи, туку малку научно политички.

Овој закон по мое мислење има една голема фалинка, а тоа е делот околу рефундацијата. Овој народ нема доверба во оваа држава, бидејќи толку чекал за подобри денови, а сега нема доверба ни во претходната, ни во таа претходната и сега работите тешко одат. Овој народ смета дека можеби државата само зема ништо не дава, или ако се тужиш со државата тешко можеш да добиеш. Рефундацијата после 2 месеци а претходно работодавецот да ги плати тие средства може да биде проблематижно. Може да се постави прашање дали јас воопшто ќе ги добијам тие средства назад или ако ги добијам, ќе ги добијам задоцнето, јас сум веќе во клиничка смрт. Како што државата бара санкции за тој кој ќе отпушти работник пред истекот на времето со камати да ја враќа таа дотација, би требало во законот исто така државата да каже ако не ги рефундира за два месеци тие средства исто така со камати ќе ги рефундира тие средства. Проблемот е психолошки, но исто така сериозен, бидејќи досега како држава не покажавме дека треба да се има верба на државниот апарат, особено на административниот апарат.

И на крај повикувам да се гласа за овој закон, не од овие економски аргументи. Јас ќе гласам за овој закон можеби од една банална но хумана причина, ако знам дека ќе бидам барем за миг среќен, бидејќи ќе знам дека некаде во оваа Македонија насмевка на некое дете повторно ќе се роди на лицето.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика за господинот Никола Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Беше споменато дека е елиминирана можноста за злоупотреба на законот. Имам едно конкретно прашање. Тоа го спомнав во моето излагање, меѓутоа можеби не сум бил забележан. Во државата има 50, 60 илјади можеби и повеќе фирми кои или не работат, а само егзистираат на хартија, или пак има фирми со само еден невработен. Може ли некој да купи таква фирма која постои 5 години со еден вработен или со ниеден вработен, да вработи нови 1000 луѓе и да ги користи бенефициите, а да отпушти други 1000 луѓе на кои не може да ги користи бенефициите. Значи, не се работи за формирање на нови фирми, стара фирма, таа фирма постои. Се сеќаваме, во почетокот на 90-тите години сите правеа фирми, во

тоа време беше модерно да се отвораат фирми. Од тие фирми најголемиот број денес не работат, не функционираат или многу малку функционираат. Многу лесно може да се купи таква фирми, за 100 евра ќе се купи или за 500 евра, во судскиот регистар ќе се смени само сопственикот. Значи, имаме фирма со постоење над 12 месеци, со 0 вработени, со еден или двајца вработени и комотно може да се искористат правата од овде, а да се направи злоупотреба. Некоја фабрика со кожарска индустрија или со текстилна индурстрија ќе ги отпушти 1000 вработени од таа фабрика, во оваа нова фирма ќе вработи исто толку и ќе се ги искористи средствата од државата. Тоа е една од слабостите, како што рековте дека се обидуваме само нешто да смислиме. Не, има можности за злоупотреба, што би направило дисторзија на пазарот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор г. Коце Трајановски>

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Јас би сакал во својот говор да истакнам некои свои сомневања и дилеми кои ги имав во врска со овој закон. Би почнал од веројатноста. Како што знаеме, тоа е круна на математиката и со помош на неа преку формули, интеграли, редови и низи се изразува веројатноста за остварување на одредена стохастичка непредвидлива појава.

Овој закон се бави со предвидувања како и секој закон, со веројатност за исполнување на овој закон. Мислам дека нема толку цврсти докази дека сето она што се предвидува и прогира со овој закон дека и ќе се оствари. Значи, кај што има предвидувања, кај што има веројатност, таму има и сомневање. Тоа сомневање го искажува во конкретниов случај опозицијата, односно ние и тоа сомневање секогаш е моторна сила за остварување на одредена активност, во конкретниот случај за овој закон. Значи, можноста да се критикува законот, конкретно овој закон, дека нема да ги даде тие резултати што се предвидени со законот, би требало да се свати како моторна сила што повеќе да се прави напор за остварување на овој закон. Тоа значи нашите дискусии треба да се сфатат како мобилизирање на позицијата да го оствари сето она што се предвидува со овој закон.

Пак би повторил, и претходно дискутирав дека опозицијата треба да се свати како глас на народот, како сомневање на народот. Тоа било секогаш, ќе биде и понатаму, го има и во теоријата и во практиката, иако вие се смеете и минатиот пат и сега гледам, меѓутоа, тоа си продолжува.

Повикот да имаме консензус мислам дека не држи, не води кон некое едноумие, дури на Народна Република Кина гледам не гласа со консензус. Значи и тамудемократијата и слободно искажаниот збор влегува во последниот бастион.

Кои се причините за донесување на овој закон видовме во материјалите што се приложени. Тоа е последица на макро економската политика на Република Македонија за 2003 година. Во неа има програма за зголемување на вработеноста и флексибилност на пазарот на работната сила, а од неа постои обврска за донесување на овој закон. Јас би рекол добро е што се размислува за решавање на невработеноста, добро е што размислувањето е преточено во закон, значи и конкретно, но мислам дека не е добро што се донесува токму ваков закон, бидејќи тој претставува една бледа опаковка на претходниот закон. Беа кажани доста мислења во врска со него и не би сакал да ги повторувам. Значи истиот тој закон со допрецизирање на некои области во областа на заштитни мерки со овој закон.

Во буџетот се предвидени околу 2 милијарди денари за остварувањето на овој закон. И тогаш кажав и сега пак ќе ја кажам својата дилема дека исто така се предвидени пари за работници кои поради структурни реформи, значи технолошки вишок, стечај и различни други основи останале без работа, а исто така се предвидени средства и за социлани случаи. Според законот овие две категории практично ќе добијат вработување според овој закон. И пак би рекол дека во буџетот настана дуплирање на средства и би требало по еден основ да се намалат или во едната или во другата ставка.

Министерот рече дека овој закон е доста ефтин во однос на другите, со оглед на тоа што по работно место како инвестиција ќе бидат употребени околу 1300 евра. Мислам дека инвестицијата не е баш толку, бидејќи 4200 денари помножено со 12 месеци, помножено со 2 години, поделена со вредноста на еврото, испаѓа најмалку 1600-1700 меѓутоа не евра. Меѓутоа, не е само тоа, бидејќи знаеме дека не е само платата она што треба да отворање на одредено работно место, бидејќи најголемиот број на средства, обем на средства отпаѓа на градежни објекти, опрема, инфраструктура. Значи претходно треба тоа да биде задоволено, за да може да се отвораат работни места и да биде предвиден овој износ за новите вработувања.

Се предивдуваат околу 20 иљади вработувања, според кажувањата на министерот. Ориентационо по 4000 иљади денари помножено со 12 месеци за 2 години ја дава вредноста околу 2 милијарди денари. При ова рековте дека околу 300 милиони денари ќе бидат предвидени, барем така разбравме од говорот на министерот, за вработување на работници кои останале без работа поради структурните реформи, значи технолошки вишок, стечај и други основи и за вработување на работници кои сега моментално, работници или невработени кои примаат социјална помош. Значи, тие 300 милиони денари поделени на 2 години, на 12 месеци на 4200 ќе дојдат околу 3000 ново вработени од овие категории невработени лица, или тоа би било околу 15% од предвидените 20 иљади вработувања. Министерот во своето излагање посвети 70-80% токму на објаснувањето на оправданоста на овие две категории, што секако не е во соодност со ефектите од законот. Значи за 15% од ефектите голем дел од говорот беше предвиден.

Мислам дека тука нешто не е во ред. И се прашуваме со оглед на тоа што е минстер за труд и социјална политика дали ова не ќе значи голема грижа, или поголема грижа за растеретување на буџетот отколку за новите вработувања, т.е. за вработување на невработените. Колку ќе биде примамлив овој закон за невработените, практично за нив е наменет, особено за овие две категории, значи јас својот говор го фокусирам на овие две категории на невработени. Тие се привилегирана група на невработени со оглед на тоа што примаат паричен надоместок од Бирото за вработување, т.е. од Република Македонија. И тие се прашуваат: Што ние ќе добиеме со новото вработување? Значи тие, плус што ќе добијат тоа ќе биде платата. Меѓутоа, тие веќе имаат некое примање и сега си прават компарација, колку имам, колку ќе добијам? И нормално е секој гледа да добие повеќе отколку што има и при тоа се зема факторот на ризик, дали јас понатаму воопшто ќе го изгубам надоместокот кој што го добивам од Бирото за вработување.

Во законот во член 8 децидно стои, ако на невработеното лице работниот однос му престане по основ на негово барање по кршење на работна дисциплина, или неисполнување на работните обврски при повторно вработување, работодавецот не може да ги остварува правата со овој закон. Значи, вработувањето може да му престане поради кршење на работната дисциплина и поради неисполнување на обемот на работите. Знаеме дека работите не се нормирани и по овие два основа секоаш може да им престане работниот однос и на

другите, а особено и на оваа категорија на вработени, вработени да речеме дека ќе бидат по овој закон. И сега велиме кога ќе биде најпогодно работодавецот да ги исполни овие два основи, бидејќи најчесто велиме дека се во приватни фирми кои што го гледаат својот интерес, значи финансискиот интерес е пред се и над се, иако на државата и е многу значајно да се смали бројот на невработените, меѓутоа на приватните фирми најважен им е профитот. И тоа е тој критичен момент. Најверојатно кога ќе наполнат две години, кога веќе нема да има дотиварање од државата за плаќање на придонесите по основ на овој закон. И сега е дилемата, што ќе биде со овие две категории на невработени, значи тие повторно треба да дојдат под Заводот за вработувањер. И мојата дилема и прашањето е до министерот, дасли овие две категории на вработени повторно ќе го имаат истиот статус во Бирото за вработување, т.е. ако останале без работа по основ на структурните реформи, технолошки вишок, стечај или слично, или биле социјален случај, дали повторно ќе го имаат истот статус привилегии, или пак ќе бидат обично невработени, регистрирани во Бирото за вработување. Мислам дека оваа дилема е најголемата дилема која што си ја поставуваат овие две категории на невработени и при нормални вработувања, меѓутоа сега со оглед на тоа што овој закон е на дневен ред, особено ги искажуваат своите дилеми. Би сакал туак да добија, одговор доколку е можно.

Инаку, ги отфрлам обвинувањата на позицијата дека ние сме против вработување. Напротив, мислам дека нема човек кој што е против вработување во нашава држава. Меѓутоа, нашите дилеми се дали овој закон ќе ги даде тие резултати кои што помпезно се најавуваат и се искажуваат со него. Бидејќи сите знаеме дека постојат и мнгоу други форми кои што се многу поефикасни, значи тоа се инвестиции, поволни кредити и многу значајно, барање на пазар, барање на пласман, со оглед на тоа што знаеме дека ние имаме многу фирми кои што останаа без работа, имаат своја програма, имаат своја опрема, меѓутоа им фали пазарот, особено во градежната индустрија.

Исто така, би сакал да напоменам дека иако ги има овие заштитни механизми, сепак како никој закон па и овој не може до крај да ги оневозможи сите манипулации, одредени манипулации кои што можат да настанат, а особено пак ќе напомнам беа предвидени и мислам дека со овој закон исто така не се оневозможени т.е. да се пријавуваат фамилијарни, роднински и пријателски врски, при што ќе им се дава плата, меѓутоа таа плата ќе биде фиктивна, се со цел да се искористат придонесите кои што ги дава државата. Значи, иако не се потребни тие

вработувања, ќе бидат пријавени, ќе се зголеми бројоката на вработени по овој закон, меѓутоа нема да бидат реално вработени.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господинот Стаменков.

ВНАЧО СТАМЕНКОВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Законот за поттикнување на вработувањето кој што е денес на дневен ред сигурно се слуша со внимание во македонската јавност и предизвикува голем интерес. Тоа го очекуваа граѓаните на Република Македонија, очекуваа нешто такво, нешто да се стори од Влада на Република Македонија во делот на невработеноста, односно да се зголеми вработеноста во нашата држава. Самата бројка од 379.000 невработени покажува дека невработеноста зазема загрижувачки размери. И последниот податок што беше за месец јануари од Заводот за статистика разликата меѓу декември и јануари е околу 5.000 нови невработени лица. Значи, имаме еден раст на невработеноста. Тоа покажува дека во нашата држава наместо да одиме по нагорна линија, одиме по надолна линија во овој дел. Бројката од 5.000 нови невработени за еден месец е бројка која што покажува дека, или фирмите кои што работат, значи се потешко обезбедуваат плата за своите вработени, така што мораат да отпуштаат од работа, а покажува и дека нема инвестиции во стопанството. Падот на индустриското производство од околу 29% исто така оди во оваа насока и покажува дека економските процеси во државата се во надолна линија. Значи фирмите се помалку работат, се помалку имаме производство, се помалку имаме размена и со странство, а и на домашниот пазар. И загриженоста кај работодавците е се поголема како ќе опстанат и до каде ќе се оди по таа надолна линија. Владата на Република Македонија сега интервенира да го зголеми бројот на вработените во државата со тоа што ќе ги плати придонесите за нововработените работници ако ги исполнуваат условите кои што се наведени во законот. За да некоја фирма вработи одреден работник, потребно е да има работно место на кое што тој работник ќе работи и ќе придонесува за да се зголеми вкупниот приход на фирмата. Значи, веќе оформено работно место кое што е празно. Така што овие пари работодавецот да ги искористи сасмо во насока едноставно да ги намали трошоците на вработените. Се работи за годишно ниво за околу 50.000 денари кои што би ги добиле работодавците со тоа што ќе земат еден нов работник. Ова покажува дека

нема да имаме нови реални вработувања. Единствено ќе се искористат овие пари од работодавците кои што ги немаат пријавено работниците кои што работат во нивните фирми. Бидејќи се работи за многу мали пари за да некој работодавец биде во насока да го искористи овој закон и со нови инвестиции да отвори нови работни места. Тука се споменаа суми колку е едно работно место да се отвори. Тоа е различно по гранки. Има некои критериуми кои што се користат по гранките и зависно од технологијата имаме работни места и од 100.000 евра и од 200.000 евра, некаде имаме и од милион евра, а имаме и како што е конфекциите со најниска стапка на чинење на едно работно место, можеби и од 1.000 евра работно место. Мислам дека баш тука ќе се искористат овие средства и еден голем дел од непријавените работници кои што веќе работат во тие, во текстилните гранки ќе бидат пријавени и едноставно ќе и се плаќаат придонеси одреден период.

Проблемот за сузбивање на сиромаштијата не е во тоа што ќе се плаќаат придонесите за работниците, проблемот е во ниската плата која што ја добиваат овие работници. Со тоа што работодавците ќе ги платат придонесите користејќи ги овие средства, овој закон за поттикнување на вработувањето, нема да им се зголеми платата на работниците во овие гранки каде што гледаме дека нивото на плата е на едно срамно ниво. Едноставно, сметам дека нема да влијаеме со тоа што ќе потрошиме две милијарди денари на подобрување на стандардот на населението во Република Македонија. Исто така, нема да влијаеме на зголемувањето на бруто националниот доход, нема да влијаеме за зголемувањето на производството, нема да влијаеме на раст на економијата во Република Македонија. Сигурно бројката на невработени лица ќе се намали, тоа ќе бидетака. Незнаеме која ќе биде таа бројка, таа е директно зависна од бројот на непријавени работници кои денеска работат во фирмите низ Република Македонија. Јас сум за донесување на законот за поттикнување на вработувањето, но не во оваа форма и не така набрзина без да се направи анализа за македонското стопанство, за македонската економија. Мислам дека ќе направиме грешка што ќе потрошиме две милијарди денари од даночните обврзници, пари кои што многу значат за нашата држава. Има можности да најдеме подобро решение, решение кое што ќе придонесе да ја постигнеме развојната компонента на економијата во Република Македонија, бидејќи без развој нема напредок, без нови свежи пари во економијата кои што ќе отворат реални работни места, увоз на нова технологија, рестартирање на старите капацитети, подобрување на работењето, ние не можеме да очекуваме дека успешно ќе се бориме против сиромаштијата во нашата држава. Затоа, јас нема да

го поддржам овој закон, не затоа што не сакам многу луѓе да се згрижат и да се вработат, туку затоа што ова нема да доведе до подобрување на стандардот на истите, туку само ќе бидат платени придонесите. Нема да се зголемат примањата, тие веќе ги имаат тие прмања. Едноставно само парите кои што ќе се издвојат од буџетот пак ќе се вратат преку придонесите во буџетот. Фактички, немаме нова опрема, немаме нови инвестиции. Со тоа мислам дека нема да му помогнеме на стопанството во државата. Подобро е да се одложи донесувањето на овој закон, да се направат уште дополнителни анализи, за да донесеме еден подобар закон кој што навистина ќе значи повеќе и ќе влијае на растот на економијата во Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас имам свои забелешки во однос на овој закон. Додека позицијата мислам дека овој закон ќе биде успешен и нема надостатоци, а пак опозицијата ги кажува реалните слабости на овој закон и мисли дека овој закон значи фрлени пари. Исто така мислам дека со овој закон ќе се создадат многу фиктивни вработувања. Со оглед на фактот дека и јас во 1997 година во моите приватни претпријатија направив такви вработувања што ми беше дозволено со бранковиот закон. Еве што мислам дека ќе се случи. Многу привтни фирми на кои ќе се изврши притисок од страна на семејствата и блискиет ќе биде обврзан да вработи луѓе, ќе ги држи на тие работни места две години, меѓутоа по тие две години тие ќе мораат на жалба на работодавецот да дадат отказ. Што ќе се случи тогаш доколку вработениот по своја желба ја напушта работата. Дали државата ќе преземе мерки против него.

Второ, со оглед на фактот дека се вели, дека по два месеци на вработениот ќе му се дадат средства со кои ќе плати придонеси за пензија и за други даноци, кој му гарантира нему дека Владатаа Република Македонија ќе му ги врати тие средства. Колку што знам до сега ниту еднаш не е вратен данокот на додадена вредност што беше кажно од минатата Влада. Затоа, јас нема да гласам за овој закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Бонева, реплика имате или..

СИЛВАНА БОНЕВА:

Дискусија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Па вие веќе дискутиравте.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Може да се смета како реплика на пратениците од позицијата, на нивните кажувања.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Пријавен е министерот за дебата.

Ако сте за реплика ќе ви дадам збор, ако не сте за реплика, има предност министерот. Затоа ве прашувам.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Добро.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор министерот Јован Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Јас би и дал предност на пратеничката бидејќи мислев дека сите пратеници завршија со дискусија па сакав да кажам неколку завршни реченици.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Добро, тогаш почекајте.

Има збор госпоѓа Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, почитуван министер, колеги пратеници,

Овие два дена расправа по повод носењето на овој закон, како да преовладува мислење во дискусиите на пратениците на власта дека опозицијата е против носењето на овој закон односно против вработувањето на невработените.

Јас би кажала дека никој од опозицијата, ниту од Партијата ВМРО-ДПМНЕ не е против вработувањето на невработените. Меѓутоа дискутираме за тоа што не е во ред со цел да се подобри содржината на Законот кој се носи, бидејќи со овој закон, покрај другите недостатоци кој што ги има, се овозможува и перење на пари на кое нешто никој од власта во овие два дена не се задржува. Ќе го образложам тоа преку примерот на влијанието на овој закон врз акционерските друштва кои се формираат од поранешните земјоделско-индустриски комбинати кои поради немањето на

средства за исплата на придонеси имаат сосема мал број на пријавени работници на кои се плаќаа придонеси.

Овие акционерски друштва ќе одат на продажба. Поради тешката состојба во која се наоѓаат која е многу ниска. На пример во Струмиц од земојделско-индустриските комбинати се формираа акционерски друштва се проценува дека вредата од 700 иљјади евра до 1.100.000 евра, а сигурно ќе се продадат за најмногу од 200 до 300 иљјади евра.

За да можат нормално да функционираат овие фирми, работодавците кои што ќе ги купат ќе бидат принудени да ги земат стечајните работници, бидејќи тоа е дејност во која е потребно да се ангажираат поголем број на вработени. За пример ќе го земам АД "Струмичко поле" во кое е потребно најмалку 300 вработени, заради тоа што овој работодавец ги вработил овие 300 стечајни работници и годишно од државата ќе добие 252 иљјади евра, а за двете години 504 иљјади евра. Значи не само што државата ќе му ги врати парите со кои го купил акционерското друштво, туку и двапати или неколкупати повеќе ќе го награди за тоа од државниот буџет. Значи ако на некој му дадете 200, 300 или 500 иљјади евра, нема ли простор овде за корупција односно простор за перење на пари и зошто се прискокнува  и игнорира овој момент од страна на власта, зошто не се размисли за обезбедување односно намалување на можноста за корупција и перење на пари.намалување на можноста за корупција и перење на пари.

Во претходната моја дискусија го кажав моето размислување во тој правец  и реков дека недостасува посебен член во кој работодавците ќе се ограничат, оние работодавци кои ќе искористат поголеми суми да не можа да бидат донатори или спонзори на партиите кои ги учествувањето на овој закон.Сметам дека дискусија по овој закон, дискусијата по овој закон треба да ја скренеме и во овој правец. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Госодин Слободан Даневски.

СЛОБОДА ДАНЕВСКИ:

Господин претседателе, дами и господа пратеници, господа министри,

Сигурно дека овој законски проект заслужува внимание, сигурно седницата ја пратат сите во Република Македонија, затоа што конечно Парламентот почна да се занимава со пакетот економски закони. Она што стои во кажувањата на дел од пратениците се наметнува едно чувство  дека дел пртеници се за носење на закон

за вработување, други се против. Длабоко сум убеден дека во оваа сала ниеден пратеник не е стои на тезата дека не треба да се чини и да се работи нешто во интерес на ново вработување во Република Македонија. Знаеме од искажувањата во текот на седницата се оперираше со доста бројки, цифри, бројката е фрапантна, дури е застрашувачка и крајно време е да се нешто сработи. Она што стои како отворено прашање тоа се наметнуваше во текот на дискусијата, како се вработуваат граѓаните во Република Македонија.

Во Република Македонија знаеме уште од 1990 година се вработуваат на два начина, или партиски или со пари. Не постои друго вработување. Многу, многу ретко некој се вработил што е стручен и компетентен. Дали ова теза држи или не, ова е реалност. Она што стои како отворено, сигурно дека животот значи пропорција, а политиката значи компромис. Дајте да размислуваме во делот на она што значи правила на пазарот, или економско размислување. Овој законски проект не се негира од дел на пратениците како таков, незнам како да се нарече Бранков, еден два, не е битно како. Какви ќе бидат ефектите. Се поставува едно суштинско прашање. Дали со овој закон се носи административно вработување, дали со овој закон се носи фиктивно вработување, или дали со овој закон се носи продуктивно вработување. Мислам дека овие укажувања треба да ги свати министерот и да размисли, мимо тоа што стојат таму заштитни мерки околу злоупотреба. Битната поента е дали со овој закон ќе се постигне она барана цел. Дали овае фиктивно вработување, дали ова е административно вработување или продуктивно. Ако знаеме дека, каква е состојбата моментално во стопанството, ако знаеме дека падот на индустриското производство некаде е повеќе од 20%, ако знаеме дека проекцијата за зголемување, односно за развојот е скоро 3%, ќе видиме дека се наоѓаме во една страшна ситуација затоа што ќе ги чекаме резултатите и третиот месец. Прviot квартал кој кажува дека падот на индустриското производсво е застрашувачки, што значи државата и Владата треба да интервенираат, заедно со централната банка, со некои мерки, да се држи курсот на денарот. Значи влегуваме во едно неизвесно време.

Во овие услови кога ќе се сретнат двајца стопанственици, се прашуваат што правиш, што да правам. Што ќе правиш. Вели, пари нема никаде. Тоа е реалноста во стопанството.

Овој законски проект како таков, еве нека вработи 20.000 нека вработи 30.000 работници и 50.000 работници е сам, гол. Него треба да го следат пакет на мерки. Неможеме ние да зборуваме за развој ако имаме рестриктивен буџет. Ние

неможеме да разговараме за развој или за проширување на деност, за инвестиции кога немаме такви проекти. Неможеме да зборуваме за една фирма ако не знаеме каква е состојбата. Скоро сите анализи кажуваат дека сите фирми се обременети со голем број на вработени. Менаџерите и приватните бизнисмени прават икс напори за да се ослободат од вишокот на работна сила. Сега со овој закон дали ние тоа ќе го повратиме. Тука е сомнежот дали овој законски проект ќе ги постигне ефектите што ги сакаме. Сигурно дека и најлошиот закон е подобар од никаков, но треба да знаеме дека пазарот ги диктира условите. Пазарот има свои законитости во економијата, каде постојат некои строги правила на игра и нема бегање од тие законитости и правила на игра. Ако не функционираш ќе пропаднеш. Таков е пазарот.

12 години овде слушам, било која влада да е на власт, постојано не убедува дека Светска банка и ММФ не ни даваат да одиме со зголемување и тн. Еве ова издвојување, некаде две милијарди денари покажува дека мимо она противење на Светска банка или ММФ, Владата си зема обврска дека може да издвои 2 милијарди денари по основ на овој законски проект. Сега дали е тоа најдоброто решение, дали немало други решенија, затоашто дел на економисти и стопанственици размислуваат во друг правец. Зборуваат, ако е можно државата да издвои пари, некаде 2 милјарди денари, во противвредност тоа се 34 милиони евра, зошто, велат државата не направи да даде на сто фирми. Нека бидат најблиски до владеачката партија, нека им даде на сто фирми по 500 илјади евра, нека направат трајно вработување, по сто луѓе, па тогаш да профункционира и овој закон. Да се оди на трајно вработување. Сите се плашат овие пари да не отидат во празно.

Инаку во контактот со многу граѓани кои се интересираат какви ќе бидат ефектите, еве и колегата од Гостивар кажа, има едно искуство кое го поминал. Знаете што ќе се случи? Еден добар дел од оние добростоечки луѓе во Скопје, кои имаат чистачки ќе си ја вработи чистачката за две години ќе и плаќа придонеси. Или во фиктивни фирми. Во фиктивни фирми, имаме илјадници фирми, некаде 50 илјади фирми, тоа беше помодарство 90-тите години секој со сто евра можеше да направи фирма. Никој не може да го спречи да регистрира, односно фиктивно да врботи. Во тој контекст се овие укажувања на пратениците до министерот иако министерот со неговиот амандман што е даден сега го намалува кругот кој ќе можат да се вработат. Имате фирми во Македонија да им дадете и по 10 илјади евра нема да вработи. Нема да вработат затоа што неможат да преживеат. Знаеме колку фирми неможат да си ги платат придонесите, фирми кои не платиле за ПИОМ, фирми кои не се

извозно ориентирани, ја знаеме политиката на банките која е рестиктивна да може да ги стимулира средните и малите фирми, тие што се извозно ориентирани. Значи влегуваме во еден круг, зачаран круг. Така што едно со друго е врзани садови. Дај боже да биде ова, еве да не каже некој, како што зборуваа дел од пратениците, со утопистички тези дека некој има против да не се вработат луѓе. Дај боже овој закон да вработи сто илјади луѓе.

Ова укажување треба да се свати добронамерно и министерот тие забелешки треба да ги погледне и да ги вгради. Добар дел од пратениците прашуваа дали овој законски проект требаше да оди во една или во две фази. Можеби беше потребна една стручна анализа, затоа што во самиот законски проект министерот не кажува каде и на кој целни групи. Анализие не кажуваат кои се тие целни групи или гранки. Министерот кажа дека едно ново вработување со овој закон државата ќе ја чини 1300 евра.

Ако анализите кои сме ги слушале овде со години кажуваат дека едно ново вработување во било која гранка во стопанството чини 10.000 евра, зависи сега, бидејќи законот не ги кажува правите гранки на кои се однсува овој закон, дали се однесува за индустрија, трговија, услужни дејности, дали се работи за земјоделие. Мислам тоа е една фалинка на законот. Мислам дека министерот ќе ги сватиовие забелешки.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот по законот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

(од место се јавува за збор господинот Ѓорѓи Трендафилов)

Ве видов јас но вие многу калкулирате..

Ги молам пратениците кои сакат да се пријават за збор, да се пријават.

Идниот пат кога ќе почнам да ја заклучувам расправата повеќе не давам збор.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Да, но треба да прашате дали некој бара збор и да преминете на она што го кажавте.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Два дена е дебатата. Ако сте имале намера да се јавите, пријавете се.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Поповски мислам дека не е ваша работа кога јас сакам да се вклучам во расправата по било која точка која е на дневен ред на Собранието на РМ.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Трендафилов, пред да продолжите со збор, да ви укажам дека надвор од деловникот ви дадов збор, затоа што ја заклучив расправата пред вие да се пријавите. Ви укажувам дека немавте право на збор, ама ви дадов збор и немојте да полемизирате со мене, особено кога не сте во право.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Сакате да изразам благодарност кон ова што вие го прекршувате деловникот. Ви велам дека се вклучив во моментот кога почнавте да кажувате дека е затворена расправата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе дебатирате по законот или не?

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Да.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Повелете.

А тоа дека сум го прекршил деловникот го отфрлам како ваша забелешка затоа што вие го прекршивте. Ако сакате да го применам деловникот, повелете, повикајте ме, ќе го применам веднаш.

ЃОРЃИ ТРЕНДАРИЛОВ:

Може конечно да почнам да зборувам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сакате да го применам деловникот?

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Поповски, дали јас можам конечно да зборувам за законот кој е на дневен ред.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не, сакам да кажете каде го прекршив деловникот.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Вие сами кажавте дека со тоа што мене ми давате збор го прекршувате деловникот. Инаку јас не гледам причина зошто вие го прекршувате деловникот. Јас се јавив за збор, а не се јавив за ваша милост дали вие ќе ви овозможите дали да зборувам или не. Дали јас можам да зборувам по точката на дневен ред, а тоа е Предлог за донесување на закон за поттикнување на вработувањето.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Трендафилов, се извинувам што го прекршив деловникот. Ви го одземам зборот, расправата беше затворена.

Бидејќи никој повеќе не бараше збор, го заклучив претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за поттикнување на вработувањето.

Ве молам да гласаме за предлогот.

Гласале 66 пратеници, за гласале 59, против 7.

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Дали Собраинето го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Гласале 54 пратеници.

Ги молам службите да утврдт колку пратеници има во салата.

Во салата имаме 56 пратеници.

Ги молам службите нека ги повикаат пратениците.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали Собранието усвојува на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

За предлогот, дали на оваа седница ќе се расправа и за Предлог-законот, дебата нема. Вие тоа го знаете.

Ве молам да гласаме, потоа ќе добиете процедурално.

Гласале 70 пратеници, 60 за, 1 воздржан и 9 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Има збор господинот Трендафилов, процедурално.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Поповски, непријатната ситуација која вие самите ја предизвикавте пред очите на јавноста, иако два дена, како што велите вие, овдека жестоко се дебатирало за потребноста од овој закон, а видовме дека владеачкото мнозинство, десетина минути немаше кворум за работа, за да го спроведете гласањето, ме упатува да ви обрнам внимание дека ми дадовте збор, а потоа ми го одзедовте зборот, иако вие ги рековте следните зборови: бидејќи никој не бара збор. Значи не

прашавте дали некој бара збор, туку едноставно го затворивте претресот, а јас бев пријавен на начин како што е формулирано и образложено во Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија.

Сакам да го изразам својот, личен пред се револт, затоа што вие најверојатно со овој пример успеавте да се надминете себе си и да го оневозможите нормалното функционирање на парламентарната дебата, нешто што сметам дека не смеете да си го дозволите во иднина да го правите повторно, а имам некој впечаток дека од некои само за вас причини влегувате во вербални дискусии со пратениците, односно дека ги пречекорувате вашите овластувања како претседател на Собранието на Република Македонија. Значи во овој случај вие ми оневозможивте да дискутирам по законот кој сега беше изгласан, Предлог-закон за донесување на законто за поттикнување на вработувањето во Република Македонија. Затоа, кога толку веќе се обидувате да бидете стриктни во работењето, би ве замолил, бидејќи вие ми оставате впечаток дека сте по правилата и по формализмот во иднина да најдете некој временски термин да речеме во судиско продолжување. Мислам дека повеќе од три минути е непристојно да ги бркате пратениците на владиното мнозинство, овде за да можете да го спроведете гласањето.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Забелешката апсолутно не ви ја прифаќам во ниеден дел.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 11 за додавање нов став 2 по ставот 1 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 3, став 1 и 2, член 11 и член 12 став 2 и 3, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Ефтим Манев, поднесе амандмани на член 3 став 1 алинеја 1 и на член 8, став 1 и 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1, алинеја 1, поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Поднесениот амандман се однесува на тоа што во Предлог-законот е предвидено има право на вработување лице кое што е пријавено најмалку една година. Со амандманот предлагам тоа да биде три месеци. Инаку и предлогот и амандманот се спротивни на Уставот, бидејќи во Уставот стои дека сите граѓани имаат еднакво право при вработувањето и не е дозволено таква рестриктивна мерка да се бенифицира, или да им се скратуваат правата на одредени лица заинтересирани за вработување. Јас за тоа во мојата дискусија претходно зборував, можеби требаше законот да оди во две фази и можеби треба оваа мерка да се регулира на друг начин, можеби и во самото име на законот, дали треба да биде само законот за поттикнување на вработувањето, или треба да биде од која категорија на луѓе се даваат таквите бенифиции и субвенции.

Сакам да кажам дека три месеци се доволни, иако се рестриктивни и тие.

НИКОЛА ПОПОВСКи:

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучвам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 77 пратеници, за гласале 21 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 и 2, поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ.

Има збор господинот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Сметам дека поднесениот амандман е правилно поставен и незнам министерот од кои причини така гледа. Во Предлогот на законот стои да бидат примени работници по овој закон и доколку бројот на работниците во тоа претпријатије дојде до таа бројка до која што било да почне да прима такви работници, треба да го изгуби тоа право, да неможе да стекнува права да му бидат плаќани ПИО, додека во законот зборува, ако падне под тој број може да се подразбере и 10 и 20 и 50 и 100 работници, а во амандманот зборува до тој број кога ќе дојде, ако имал вработени еден работодавец 100 работника, примил 20, во тој временски период кога ги примил отпуштил од 20, станале повторно 100, тогаш би требало да престане да го користи тоа право на субвенции, односно да му бидат плаќани придонесите за ПИО. А додека во Предлогот на законот вели да падне под тој број, што сметам дека е правно неисправно. Незнам од кои причини министерот смета дека треба да падне под тој број. Инаку со предложениот амандман е до тој број со кој почнал.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Амандманот всушност има два дела.

Првиот дел додавањето на зпорот “под” не се прифаќа, а вториот дел од амандманот по зборот”вработување” се додаваат зборовите “на тоа лице”, тој дел се прифаќа, затоа што го допрецизира.

Значи, еден дел од амандманот не е прифатлив. Двата дела на амандманот немаат врска еден со друг и погрешно се формулирани во еден амандман. Првиот е неприфатлив, вториот е прифатлив.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Манев има збор.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Во амандманот стои дека зборот “под” се заменува со зборот “до”.Тие зборови се заменуваат како што пишува во Предлогот. Во Предлогот пишува зборот “под” се заменува со зборот “до”.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Манев министерот ви го прифаќа амандманот на ставот 2, а не ви го прифаќа амандманот на став 1. Ако се согласувате за таква поделба, ви сугерирам да го прифатите тоа, затоа што во друг случај можеби ќе ви паднат и двата.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Го прифаќам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи амандманот во членот 8, став 1 не се прифаќа и господинот Манев го повлекува, а во членот 8 став 2, вториот дел од амандманот се прифаќа.

Можме ли така господине Манев? (Да).

Со тоа амандманот е прифатен во вториот дел и тој станува составен дел на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 79 пратеници, 60 гласале за, 4 воздржано и 15 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за поттикнување на вработувањето.

Минуваме на точката 20 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештајот на ЗПК, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Јован Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и овој закон како и претходниот и наредниот се дел од владината макроекономска политика и

посебната програма за мерки за поттикнување на вработувањето и зголемување на флексибилноста на пазарот на работна сила.

Веќе во воведниот дел на Законот за поттикнување на вработувањето, укажав на фундаменталната филозофија зад која што стојат овие промени. Таа е да се промени изразито неповолниот соодност меѓу пасивни и активни политики во областа на трудот.

Како што напоменав, во минатата година 5,5 милијарди денари се искористени за таканаречените пасивни политики, или за исплата на кеш надоместоци по разни основи, а само 200 милиони денари за водење на активни креативни политики за апсорбирање на делот од невработените во нормалните работни текови. Тоа е таа фундаментална филозофија која лежи во делот на измените на овој закон по една основа.

Во втората основа предлагаме промени во согласност како дел од всушност, вкупната програма на Владата за приближување на национаното законодавство кон она на Европската унија. Конкретно со овој закон вршиме прилагодување на нашето законодавство работно со три директиви на ЕУ и тоа директивата за принципот на еднакви плати за мажи и жени и директивата за еднаков пристап за работа, образование и еднаков услов за работа и директивата за обврски за докажување во случај на дискриминација.

Остануваат уште неколку директиви да се вградат, меѓутоа, тие во согласност со владината програма, ќе бидат вградени во наредниот период, исто така, не само во овој закон туку и во други слични законски проекти од работното законодавство. Знаи тоа е втората основа.

Третата основа врз која што предлагаме измени и дополнувања на овој закон, всушност е веќе детектираната страшна злоупотреба што ја имаме со непрецизноста и со искривеното применување на член 130 од Законот за работни односи.

Имено, како одговор на  едно пратеничко прашање пред некој ден веќе Владата достави еден одговор, каде што има една импозантна бројка од неколку илјади лица вработени со злоупотреба на тој член. За жал, таа бројка не е финална, затоа што контролите до крај не се извршени во сите буџетски установи и другите јавни претпријатија и фондови. Кога до крај ќе ја завршиме таа контролажеме да кажеме и колкава е финалната  сметкан од злоупотребата на овој член 130.

Имено, таа злоупотреба на сите ви е позната во што се состои. Се прима фиктивно вработен во приватна фирма, кој што потоа  во еден експресно брз рок се

превзема било во јавно претпријатие, било во буџетска установа, било во некој од фондовите. И веќе дел од тие бројки се познати. На пример во јавното претпријатие Електростопанство на Македонија минатата година се примени 1000 нови вработувања и при јасна состојба дека веќе во тој момент има 2000 вработувања, всушност во тоа претпријатие вишок, според потребите и технолошкиот процес во тоа претпријатие.

Слични се состојбите и во другите јавни претпријатија, особено Македонски шуми, Македонијапат и други слични претпријатија. Многу драстични состојби имаме и во Фондот за здравство, значи една безскрупулозна злоупотреба на овој член 130.

Од таму, овој член се менува и прецизно се дефинира кога и под кои услови е можно превземање на работник.

Во рамките на оваа трета основа, спречување на слоупотребите по која го менуваме овој закон, се и промени на уште неколку членови кои ги зајакнуваат и прецизираат овластувањата на државниот инспекторат за труд кој исто така, според нашите анализи, ќе ги дадат очекуваните ефекти во спречување на бројните злоупотреби.

Четвртата основа врз која се предлагаат промените во овој закон е всушност интензивниот дијалог кој се одвива помеѓу Владата на Република Македонија, претставниците на Синдикатот и на Комората.

На една од расправите на Економско-социјалниот совет произлегоа низа конкретни измени и дополнувања кои се предмет на овој закон, пред се, измени и дополнувања кои се резултат на досегашното искуство во примената на овој закон и кои се во функција на поголема заштита на работникот и на пружање на една правна рамка за ;можна помош и на работодавецот кога тој по своја одлука се соочува со поголеми претструктуирања во својата фирма.

Всушност, врз основа на овие 4 основи се предлагаат соодветните измени и дополнувања на повеќе членови.

На почетокот истакнав дека по своето значење секако две се најбитни, основата за зголемување на флексибилноста на трудот и зголемување на инспекцискиот надзор и спречувањето на злоупотребите.

Најбитните, зголемување на флексибилноста на пазарот на трудот би сакал да истакнам неколку посебни работи, пред се, тука во неколку члена се воведува и регулира работењето во домашни услови, тоа е пред се мотивирано од развој на новите тхенологии кои дозволуваат и стимулираат работење во домашни услови и

секако од аспект на реалните намалувања на трошоци во однос на работната сила во случаи кога се работи дома се постигнуваат.

Втората измена од овој делокруг е всушност измената на намалување на висината на испратницата, имено, досега имавме систем две години една испратнина, со максимален број на испратнини 12, сега со овие измени се предлата една испратнина за 3 години со максимален износ на 8 испратнини.

Што е главната мотивација? Главната мотивација е да се растоварат работодавачите, да се растоварат претпријатијата затоа што нема логика претпријатијата да го сносат социјалниот трошок. Во тој дел оваа мерка е во потполност со прокламираната владина политика што е можно повеќе да се растовари стопанството за да може пофлексибилно да одговори на секојдневните промени што се случуваат на пазарот.

Онаку, и понатаму и со дефинирани максимални 8 испратнини, Република Македонија е на врвот на европските земји кои според бројот на испратнините имено, од компаративните податоци со кои располагаме држави кои имаат слична популација, слична економска моќ како Македонија, еве да кажеме Литванија максималниот износ на испратнини е 6, Естонија 4, Словачка 2, Хрватска 6, Србија има 5 испратнини, од другите држави на пример Чешка има 2 испратнини. И со овие промени и натаму според бројот на испратнините Република Македонија е на врвот на европските држави што дава надоместок по овој основ.

Инаку, кон намалувањето на овој надоместок прифативме една сериозна анализа, анализирајќи ги двете компоненти. Имено, испратнината може да се каже дека теоретски има две компоненти. Една социјална во случај на работникот кој е отпуштен да му даде една можност во еден период со тие средства да се снајде, да си го организира својот живот и да продолжи со работа на ново работно место и економската функција, т.е. функцијата со таа сума на пари која ја добива преку испратнина работникот може на некој начин да пристапи кон некаков процес на самовработување т.е. тие средства да ги вложи во сопствено вработување.

Што покажа практиката? Практиката покажува дека економската функција на испратнината воопшто и до сега кога таа беше 12 плати воопшто таа димензија не се користи, а бројот на работници што ги имаат искористено испратнините за самовработување е не само минимален, незначителен, туку речиси никаков, така што од досегашното искуство е јасно дека, за жал, оваа категорија не се користи во оваа насока.

Точно е, за тоа постојат објективни причини, самата таа по себе е прилично мала и не може да има такво иницијално влијание во процесот на самовработување.

Што се однесува до социјалната компонента таа е, како што реков, само теоретска затоа што секој работник што ќе добие испратнина истовремено, како што знаете, веднаш се заведува во евиденцијата на Заводот за вработување и отаму го добива вило краткорочниот било долгорочниот паричен надоместок во зависност од тоа кои услови исполнува, така што неговата базична социјална сигурност е решена преку елементите на краткорочен и долгорочен паричен надоместок.

Оттаму, како што реков, Владата пристапи кон една ваква промена.

Сите овие промени не се палиативни, туку дел од еден систем предложен и во претходниот закон и во наредниот закон за т.н. пасивни трошоци во Буџетот се намалуваат, а активните политики, трошоците за активни политики се зголемуваат. Тоа, како што посочив и во дискусијата од пред некој ден, е всушност основата за да тргнеме да располагаме со некакви средства кои ќе може, доиолку се разбира имаме креативни политики да ги реализираме и на тој начин да вршиме продуктивни вработувања.

Благодарам за вниманието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

(Пратениците прашуваат дали ќе има пауза).

Ќе има пауза.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам ------------(господинот Караџоски реагира).

Ако има дискутанти ќе одевме на пауза, а бидејќи нема сакам да ја затворам, а вие сега се јавивте. Ако има дебата ќе дадам пауза, ако нема дебата само гласањето е 1 минута, нема да дадам пауза, затоа прашувам, вие се јавивте за пауза или за збор?

За збор се јавувате. Повелете.

(Реакција од страна на пратениците).

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Добро, почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Јас очекував дека ќе има пауза, но не е битно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ако сакате да одиме на пауза, но јас не дадов пауза затоа што нема дискутанти.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Зависи од другите колеги. Јас сум подготвен да зборувам, но како ќе одлучите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Добро, објавувам пауза до 15,00 часот.

(Пауза од 14,00 до 15,10 часот).

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон.

Господинот Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Сметам дека овој закон кој сега ни е на дневен ред сепак заслужува да му посветиме малку внимание иако можеби батериите ги испразнивме на преходниот закон, портошивме овеќе време отколку што беше потребно и овој закон заслужува да му обрнеме внимание.

Ако земеме во контекст она што е владина програма и во контекст на она што го кажа министерот кои се причините и основите за еден ваков закон, од излагањето на господинот министер и во самотообразложение на Законот, доаѓаме до констатација дека постојат 4 основи кои даваат за право да се пристапи кон една измена на Законот за работните односи и тоа во согласност со оние мерки кои ни беа приложени како дополнување на самата политика на Владата, односно макро-економската политика за 2003 година.

Сега да не се свати веднаш на почетокот дека еве опозицијата е таа што стално критикува и дека опозицијата има генерални ставови секогаш нешто да критикува, јас би кажал дека во голем дел овој закон е добар закон, значи во голем дел, има решенија кои ги нуди кои навистина имаат потреба да се донесат, има решенија кои воопшто не се новина во Законот за работни односи кои биле претходно постоечки, па со тек на време биле укинати или изменети, сега повторно се враќаат, има измена која, по мене, ако се погледа тоа се однесува на членот 130 од Законот кој по мое сваќање сметам дека е во спротивност со она што до сега и претходно беше зборувано во однос на преетходниот закон за поттикнување на вработувањето.

Би одел со ред, значи по однос на овие меѓународни директиви кои не би сакал сакал да ги споменувам, тука се набројани, ги кажа министерот, повеќе членови се во таа конотација, правата заради раса, боја иако во Уставот сме декларирани еве се почувствува потреба да се внесе и во закони, тоа не е лошо, во секој случај се споменува, понатаму се збнорува за институтот заснивање на

работен однос, имаме два начина за засновање на работен однос тоа е на определено работно време и на определено работно време. Сега се прави еден исчекор од досегашната пракса се продолжува рокот до когаможе да биде заснован работниот однос на определено време и овде се кажува до 3 години како една максимална граница, што значи не се определува минималната граница, а по истекот на 3 години, по истек на т дена тој работен однос може да се трансформира без огласување на неопределено работно време, што е сега новина по однос на овој закон. Значи, претствува новина иако претходните решенија, претходните закони за работни односи познавале вакво институт можеби не со овој рок, но постоела можност за заснивање на работен однос без оглед, трансформирање од работен однос на определено работно време на работен однос на неопределено работно време.

Тука се поставува прашањето зашто било потребно тоа да се измени и укине затоа што господине министре во тоа време имаше доста злоупотреби, ова го зборувам со оглед на тоа дека интенцијата на предлагачот е токму во делот на злоупотребите, чувствувам потреба да наметнам како размислување. Токму тоа беше причината, бидејќи имаше злоупотребување и затоа што многу малку луѓе се вработуваа по институтот огласување на работното место, се почувствува потреба да се укине и да се ограничи заснивањето на работен однос на определено време и се укина онаа можност да се трансформира работниот однос од определено на неопределено работно време.

Сега повторно се прави обид, но за разлика од претходните ставови овој член сега дава една заштита, јас би рекол дека е заштита и добро е во секој случај, значиу максимално треба да поминат 3 години на еден таков работен однос на определено работно време, па и по истекот на 5 дена значи може да се заснива работен однос, што значи нема злоупотреба во делот до 3 години. Тоа е од една страна.

Од друга страна точно е дека има технолошки процеси, има такви претпријатија на кои им е тешко да заснивaат работен однос на неопределено работно време, па се користеше популарно наречено сезонско вработување или надничарско и таа можност, односно неможност од пријавување и плаќање на придонеси поточно засновање на работен однос онака како што треба. Мислам дека овој член е добар.

Понатаму, вршење на работа дома. Овој институт го гледам во Законот за работни односи, јас би кажал тоа не е новина, прв пат го слушнав и видов во Законот за работни односи во времето на Анте Марковиќ кога го донесе тој закон, па понатаму се укина, сега повторно се воведува. Различни се мотивите, се согласувам, тој закон на Анте Марковиќ кога се донесе, а различни се мотивите и денеска, но во секој случај има потреба и добра е можноста особено на денешното време на живеење особено на овој информативен систем, компјутеризација каде таквата работа, работата на информатика и сл. Може да се врши од дома. Добро е да се даде можност, а и други процеси кои можат да бидат дополнување на технолошко производство или било кој дел да се обавува дома.

По однос на примањето на плата таа да биде еднаква врз основа на половата рамноправност мислам дека во Република Македонија таква проблематика сме немале, сега заради директивите ќе се најде во членот 70 особено ако треба да го фалиме тоа се членовите 6, 7 и 8 од измените на овој закон поточно членот 73-а, што се додава член 115, каде конечно се регулира ситуацијата на право на надомест на плата за време кога работникот е отстранет од работа, до сега не беше случај, сега се регулира, потоа онаа можност работникот доколку е отсутен од работа во рок од 24 часа да го извести работодавачот и тогаш кога се носеше и тогаш кога се менуваше Законот јас реагирав дека е многу краток период, сега се пролонгира на 48 часа, значи повторно старото решение што значи доволни се два дена за да може да се извести работодавачот за оправданото отсуство од работа.

Особено членот 8 во кој, како практичар навистина постоеше проблем значи приговорот по однос на решението од извршувањето на одлуката за отказ до донесување на конечна одлука по приговорот. Ова во праксата претставуваше проблем затоа што на сите практичари им создаваше недоумица како да постапат за еден работник кој добил отказ, односно од кога да се смета неговата правосилност и какви права следат до оној момент кога е во фаза приговорот. На овој начин тоа се избегнува, се регулира и мислам дека во иднина барем во тој дел нема да имаме проблеми во практичната примена.

По однос на инспекциите има дел каде се зборува за инспекцискиот надзор, се појачува инспекцискиот надзор и тука мислам дека има добри решенија.

Сега би се вратил на она за кое јас лично сметам дека овде законот не дека можеби нема место, но сметам дека е чисто контрадикторно од она што претходно

го ралзговаравме особено е контрадикторно во делот на борбата и заложбите на Владата за борба против невработеноста.

Сега зборувам за членот 130 кој се менува и гласи, значи членот 130 е член во кој се регулираат правата на работникот по однос, доколку му престане работниот однос по основ на економско-технолошки унапредувања или популарно наречено технолошки вишок.

Ние како пратеници се среќаваме со граѓаните, меѓу другото сме добиле извесни мислења од синдикатот, од синдикалните организации, лично знам дека ставот на синдикатот токму по однос на овој член не е позитивен. Господинот министер во четвртиот основ кажа дека постои интензивен дијалог помеѓу Владата, Синдикатот и Комората и тоа е една од основите заради кои се пристапува кон измените на овој закон. Но, не верувам дека од тие интензивни преговори излегло позитивно мислење од Синдикатот, напротив, мислам дека е негативно, но добро, Владата си ја тера својата политика независно понекогаш што мислам Синдикатот на крајот на краиштата министерот ќе каже па се што ќе сака Синдикатот не мора да прифатиме.

Сметам дека овој член е доста рестриктивен од она што го имавме претходно во правата особено во делот на испратнината.

Ако претходно дискутиравме и водевме полемика по однос на бранковиот закон, поточно по однос на законот за поттикнувае на вработувањето каде што интенција е да се вработуваат што повеќе граѓани, со тој закон некаде околу 17, 20 илјади и внесувавме заштитни механизми во самиот тој закон на кои што заштитни механизми ќе се овозможи што подолго да останат на работа, односно да не бидат злоупотребени како во претходниот пример, значи што подолго да останат на работа со одредени заштитни механизми. Според мене не мора да значи дека тоа е така, но според мене должен сум да си го искажам своето мислење. Сметам дека на овој начин покрај она што се растеретуваат работодавачите во делот на економските аспекти, од друга страна му се дава доста овластување, односно олеснување при креирање на една политика на отпуштање на работници. Сметам дека ако своевремено кога прв пат слушнавме за категоријата технолошки вишок ако постоеше интенција и цел во тој закон, значи ако се отпушта некој по однос на овој основ да се овозможи на тој човек да му се овозможи да си најде работа по основ на испратнината која ја има иако во тоа време можеби беше некоја испратнина мисе чини некаде од 24 лични доходи во тоа време на тој просек мислам дека беше и

солидна основа да може да се отпочне со еден приватен бизнис. Сега како е тоа искористено, тоа е друго прашање за да потоа систематски навлегуваме во еден период каде што доаѓа до намалување на таа издашност да не речам, на 12 просечни плати, еве сега го намалуваме на 8. И сето тоа оди во правец на олеснување на работодавачот, односно овозможување што полесно да ја користи оваа институција испратнина за да се ослободи од непотребниот број вработени. Ние можеме да зборуваме, можеме да правиме споредби, господине министре со сите овие земји кои што ги наведовте, јас не запамтив точно кои беа но верувам дека се тие. Меѓутоа, ако се прави споредба дека во земјите во транзиција постои една ваква институција постојат вакви примери каде што има и многу пократки и многу помали износи на испратнината. Меѓутоа, незнам доколку имате таков податок, не е лошо да го презентирате. Незнам каква е состојбата во тие земји што ги спомнувате во однос на бројот на невработени луѓе. Ако досега зборувавме дека РМ, е рекордер по бројот на невработени граѓани, а од друга страна применуваме некоја пракса што владее во некои други земји и сега ако немаме јасна слика каков е нивниот сооднос по однос на невработеноста, тогаш не треба да се повикуваме секогаш, па знаете како е и во другите земји има помалку итн., тие се исто така земји во транзиција. Сепак, констатиравме барем во претходните дискусии дека состојбата со невработеноста во РМ, е навистина алармантна и може би сме водечки во сите овие транзициони земји. Значи, од една страна логички е и исправно е борбата против невработеност па и со еден закон којшто ние како опозиција го критикувавме да се дојде до едно решение да се намали тој број. Но, од друга страна со членот 130, со неговата измена според мене сметам дека директно се овозможува на голем број работодавци да ја применат оваа институција и да се ослободат од голем број на вработени кои што ги сметаат за вишок на вработени. Не се мал број такви претпријатија, не се мал број такви фирми кои што бараат начин како да се ослободат од прголемиот број на вработени. Ако од една страна се примени претходниот закон, а од друга страна се примени, зборувам во негативна смисла, значи овој закон, или работодавачите го сватат како ова е полесна можност, дај да се ослободиме од оној вишок, можеме да дојдеме и до ситуација да не видиме којзнае колкав позитивен ефект од претеходниот закон, затоа што можеби бројката на примени и отпуштени дури да биде иста. Ова и од друг аспект ако го читаме внимателно членот 130 значи постојат три права кои ги утврдува по основ на престанок на работен однос. Првите два се исти, третиот е испратнината која сега се намалува. Меѓутоа, ставот 4 или 5, она што е новина каде што се забранува,

односно не се дозволува преземање на ваков работник од страна на трговско друштво, или трговец поединец во јавните претпријатија и да не ги редам овде сите што ги кажавте, заради злоупотребите кои што биле во пракса. Тоа доведува до едно стеснување на просторот да се искористи првиот основ, односно точно така првиот основ што го нуди овој член, а тоа е доколку еден ваков работник биде отпуштен од работа заради економски и технолошки преструктуирања на претпријатието, оваа прва можност која ја дава точка 1 да му се овозможи вработување кај друг работодавец со преземање без оглас, бидете сигурни дека апсолутно нема да биде применувана. Затоа што се поставува прашање каде ќе биде преземен. Просторот се стеснува, што значи дека сите оние институции кои се директно под буџет ќе немаат права во една ваква спогодба да преземаат работник. И, ако сега слушајќи ве вас г-дине министре, а сллушајќи и други колеги овде, ако видиме дека главната стапка на вработеност е токму во тие институции, а многу помала е во стопанството со оглед на познатите причини, дека тие причини и понатаму опстојуваат и ако ја видиме и состојбата дека и во иднина не гледаме којзнае какви подобрувања во таа насока, јас сум убеден дека оваа точка 1, апсолутно нема да биде применувана. Што значи дека јас сега кога би бил работодавач и да сакам, каде би го распоредил и кој е тој што сака да преземе работник, кога сите се жалат дека имаат превработеност. Зборувам за останатите друштва, исклучок на оние Буџетските кои што ги наведувате во ставот 4.

Втората точка е преквалификација, доквалификација итн., исто така постоечка од претходниот, воопшто не е изменета. Моите сознанија зборуваат дека ние имаме масовно преквалификувано, доквалификувано голема категорија на граѓани кои што останале невработени по основ на  овој закон, меѓутоа за жал многу малку од нив нашле работа и многу малку од нив има интерес да оди на една таква преквалификација, затоа што не нуди којзнае што нешто ново. Доколку се сменат економските параметри можеби ќе даде можност. Значи, од сето ова останува на третата основа а тоа е испратнината со оглед да три години работен стаж се заменува наместо досегашното решение две години работен стаж со една месечна плата сега е три години со една месечна плата што значи дека се отвара поголем простор за злоупотреба на основната цел и смисла на овој закон. Ако е целта токму тоа заштитна во смисла на тоа заштити работникот да не биде само дајте како да го отпуштиме него да се заштити и сметам дека токму интенцијата на член 130 кога се носеше беше заштитник.

Но сега гледаме дека со оглед која е висината и колкави се тие средства еве нека биде максимално и 8-те просечни плати точно е тоа дека апсолутно со нив ниту може да се отпочне било каков бизнис, од социјален аспект кој знае колку неможат да се подобрат, што значи дека главната интенција би требало да биде на таа категорија на луѓе да се помогне во смисла да иститe се вработат. Ех сега тука како ќе се најде решението незнам, ќе гледаме што ќе се следи со другите мерки значи да резимирам сметам дека заради членот 130 овој закон не оди во правец на намалување на невработеноста, туку сметам дека апсолутно оди во обратен правец и втората причина мислам дека работодавачите односно работодавците со ваквите измени на членот 130 наместо да бидат мотивирани да вработуваат она што е главна интенција  со овој член ќе бидт мотивирани да отпуштаат.Значи обратен ефект. Сега дали тоа така ќе биде на крајот на краиштата ќе каже времето може би да се лажам и дајбоже да лажам да не сум во право меѓутоа јас сметам дека лично кога ова го зборувам сметам дека барем според досегашната пракса обично знаете каква е праксата во РМ имаме основна идеја или интенција да носиме закони меѓутоа граѓаните во пракса  особено работодавците кога се ност закони првата можност што ја  гледаат ја гледааат како да го изиграат. Односно што му дава повеќе простор да не го применат она што е волја и на Влада или на законодавецот кој го носи. Заради тоа и заради овој член 130 иако другите членови ги пофалив нема да бидам во можност да го поддржам овој закон  јас до Законодавно-правна комисија поднесов и амандман во некој  стил, мутоа не беше прифатлилв, бидејќи добив образложение од министерот дека токму главната идеја и главната цел на измената на Законот од страна на Владата е токму членот 130 и тоа е една стратешка позиција. бидејќи знам дека и сега да се трудам или претходно сум се потрудил  да поднесам амандмани овде нема да биде прифатен заради истиот тој член, заради ставот и на поширокиот круг на граѓани па и на синдикатот јас лично нема да гласам ќе гласам против.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани министре, почитувани колеги,

Донесувањето, односно разгледувањето на денешната седница на Предлогот на законот за работните односи сметам дека е во насока на целокупната активност и

на мерките пред се од економскcата свера што ги презема оваа Влада така да покрај економскаста и социјалната компонента за која се појасни денес министерот мислам дека во Законот се гледа една поголема флексибилност во однос на одредбите што досегашниот закон за работни односи ги имаше, а покрај тоа се разбира е тука и усогласувањето на нашето законодавство со Европското во фази и динамика како што е и предвидено. Меѓутоа, она на што сакам посебно да кренам внимание и што сметам дека е во пакет на сите овие економски закони се однесуваат на три одредби од овој Предлог закон. Едната е она за што зборуваше колегата Караџоски и мислам дека ние кои се бавиме во практиката со вакви или слични односи навистина ни беше многу потребна а што недостасуваше во стариот закон тоа е одредбата од член 6 на овој Предлог закон односно да работникот има право на надомест на плата за време додека е отстранет од работното место или од кај работодавецот во висина утврдена со колективен договор, но не помал од 75% од основната плата. Една новина една одредба со која апсолутно се штити работникот во правецот односно во времето на траењето на оние судски постапки за докажување или оспорување на своето право.

Вториот член кој посебно сакам да го потенцирам тоа е членот 9 мислам дека е исто така една убава новина која оди во правец на тоа да работодавецот пред да донесе одлука за престанокот на работниот однос поради промените од член 125 од овој Закон во време од известување на работникот и на синдикатот до донесување на одлука за престанок на работниот однос на повеќе од 50 работници може да се обрати до бирото за вработување со барање за помош и услуги од посредување при вработување согласно закон. И еве тука токму ја гледам онаа социјална компонента на овој закон што нуди и мислам дека одредбата е извонредно добра, и сега конечно доаѓаме на членот 10 односно членот 130 кој навистина можам да кажам не само кај пратениците туку и во јавноста предизвикува неколку вака различити толкувања пред се би рекол.

Што е она што мислам дека е добро. Мислам дека се потценува и од страна на јавноста тоа мора да се појасни една многу битна одредба а тоа е ставот 4, односно тоа доаѓа под став 2 каде што се кажува дека одредбата од став 1 точка 1 на овој член не се однесува за вработување од трговско друштво односно трговец поединец во државен орган, јавно претпријатие, јавна установа, општина град Скопје, фондови, агенции, заводи и други правни лица основани со Закон. Тоа е она што посебно сакам да го потенцирам. Ако слушнавме во воведното излагање додека токму ова беше најелегантниот начин да од фирма тргоец поединец или од трговско

друштво со две или повеќе лица, се најде најелегантниот начин да се вработуваат во јавни претпријатија, а ние со денови овдека минатата недела дискутираме за буџетот, за законот за сите мерки кои оваа Влада се стреми да ги направи кон скратување на сите оние да кажам непотребни давачки и прекубројни вработувања, мислам дека ова е мерката која навистина ја постигнува својата цел. По однос на она што се зборуваше од 12 уште скратуваме на 8 оние отпремнини јас би рекол следново, мислам дека во ред се сите оние да кажеме образложенија дадени во воведната напомена на министерот, меѓутоа би кажал уште нешто. Сега, се враќаме токму со овие две одредби на она што мислам дека единствената забелешка за претходниот закон кој се однесуваше беше потрефена од поранешниот министер за финансии г-динот Груевски во делот каде што зборува за фирми односно вработувања од трговец или трговец поединец или фирми со дваица-тројца пет вработени т.н. каде што сега се предвидува заштита на ова нешто од една страна, а од втора страна морам да го споменам членот 14 од Законот кој предмалку го излгасавме дека надзорот над спроведување на оној закон кој зборувавме го врши државниот инспекторат за труд, управата за јавни приходи и Заводот за вработување на РМ. Во таа насока јас би апелирал за да нема злоупотреби поготово припремата на оваа одредба од членот 10 на овој Предлог закон да истите такви органи вршат засилена контрола но сега не од страна на работниците туку кај работодавачите, а во смисла да оние 8 опремнини навистина бидат исплатени во законски определената рамка, односно согласно последниот месец и ефективно исплатата да биде во кеш. Од тие причини сметам дека Законот е навистина солиден, претставува навистина еден многу квалитетен исчекор напред и она кон што се стремиме конечно не е во спротивно со поттикнување на вработување, јас мислам дека е обратно дека е во согласност и ќе придонесе кон енда поголема интерција  и за нашето стопанство и за новите вработувања.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи ниој повеќе не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот З а к л у ч о к .

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи.

Молам да гласаме.

Гласале 75 пратеници, 60 за, 1 воздржан и 14 против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Молам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 57 за, 14 против. Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2 став 3 и 4 на член 3 во новиот член 24 став 1 и на став 3. Член 3 во новиот член 24-б став 1 и на член 10 став 3, со кој се согласил претставникот на Владата. Тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Ефвтим Манев, поднесе амандман за бришење на член 4, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 4 поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика г-динот Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор.

Господин Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Предложениот амандман е поадекватно решение од предложените измени во законот бидејќи со Предлогот закон за измени по ставот 2 во па член 3 и 4., е предвидено да работникот е должен да склучи договор со работодавецот за одредените права кој што му припаѓаат од работниот однос.

Сметам дека таквата обврска е многу тешко да се исполни и не може работникот да бара таква обврска, можело да стои дека работодавецот и работникот се должни или како што е предвидено во амандманот работодавецот како што, односно се брише ова, па каде што е старата одредба работодавецот е должен, сепак е тој супериорен при склучувањето на договорите и примањето на работа одколку работникот да побара такво нешто што сметам дека никогаш не би го направил ниту еден работник кој  што е зависен од работодавецот, се моли да биде примен на работа а тој ќе бара да склучи договор со него.

Смета дека треба да биде во обратна положба и за несклучување на таков договор може да се побараат и казнени мерки против работодавецот, во овие случаи што би направиле кај работникот ако не склучи таков договор. Од тие причини сметам дека мислам дека е правно по не исправен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој пвоеќе не бара збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставм на гласање,

Молам да гласаме.

Имам вчечаток дека требаше  да го формулирате како што го образложивте. Имате амандман за бришење на членот, а образложивте дека место работникот треба работодавецот да го  склучи договорот. Тука се однесува за сите а таму само за оној кој има најголемо работно време, а тука може да има три, четири такви договори.

Гласале 72 пратеници, за гласале 18.

Констатирам дека Собранието не го усвои амадманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставм на галсање.

Ве молам да гласаме?

Гласале 72 пратеници, 56 за, 2 воздржани и 14 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменвуање и дополнување на Законот за работните односи.

Минуваме на 21 точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменвуање и дополнвуање на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон, поднесен од Владата на Република Македонија и Извештајот на Законодавно-правна комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, дали некој бара збор.

Има збор министерот за труд и социјална политика господинот Јован Манасиевски.

JОВАН МАНАСИЕВСКИ:

И овој закон, како што пред малку појаснив е дел од вкупните мерки за поттикнување на вработувањето и зголемување на флексибилноста на работна сила. Всушност тие мерки се однесуваат и на одделни промени на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. Овие мерки се во правец на зголемвуање на иницијативата меѓу невработените за прифаќање на понудената работа и задржување на работното место во врска со надоместокот за невработенсот и остварување на неговата основна улога која всушност му е намената а тој претставува државна помош на невработените во периодот на транзиција од едно до друго работно место. Целта на законот е во правец на зголемвуање на мотивираноста на невработените активно да бараат работа. Ова пак на фискално ниво ќе овозможи прераспределба на расположивите средства од пасивни кон активни политики.

Основните промени тука се однесвуаат, што се дадени на член 58 каде пререгистрациајта во Заводот за вработување ќе се врши наместо на 6 , на 4 месеци и во членот 71 каде што се врши ревизија на постоечката скала за краткорочен надоместок во случај на невработеност, со што таа се дефинира од 4 до 14 месеци.

Како е дојдено до 14 месеци и зошто 14 месеци.

И оваа бројка од максимана должина на користење на паричниот надоместок од 14 месеци, всушност ја рангира Република Македонија и натаму на прво место во Европа по однос на дарежливоста и издашноста на овој краткорочен паричен надоместок. Имено тука на брзина ќе прелистам еден список од преку 20 земји во транзиција каде што е дефинирана максималната должина на краткорочниот паричен надоместок. Така на пример во Албанија тоа е 11 месеци, во Азербеџан е 6 месеци, во Бугарија 12 месеци, во Ерменија 12 месеци, Естонија 12 месеци, Латвија 9 месеци, Литванија 6 месеци, Молдавија 9 месеци, Романија 9 месеци, Руска Федерација 12 месеци, Словачка 9 месеци, Словенија 12 месеци, Турција 10 месеци, Унгарија 9 месеци, Украина 12 месеци, Хрватска 10 месеци, Чешка 6 месеци. Според овој обемен целосен список Макеоднија и понатаму е број 1 во европски рамки во однос на максималната должина на краткорочниот паричен надоместок, што значи дека макеоднските работници што се отпуштаат од работа и понатаму во Европа примаат најголем краткорочен паричен надоместок. Тоа е само едната димензија.

Другата димензија е уште побитна со тоа што од овие 20 и неколку држави што ги прочитав само уште две имаат форма на долгорочен паричен надоместок која всушност е суштинската во нашиот закон, затоа што од корисниците на паричен надоместок 63% се корисници на долгорочен паричен надоместок, што значи овие промеи што денес ги правиме воопшто нема да ги ефектираат поголемиот дел од корисниците на долгорочниот паричен надоместок., а како што реков таква форма на долгорочен паричен надоместок, всушност тоа е паричен надоместок до пензионирање имаат само уште две од овие споменати држави.

Точно е, како што спомна и еден од пратениците и околу претходната одредба и околу оваа, не се договоривме со Синдикатот, меѓутоа тоа е сосема разбирливо, затоа што Синдикатот постои да си ги штити интересите на своит чпленови, некаде , колку што знам околу 200 илјади. Владата е тука да ги штити интересите на сите граѓани. Главната филозофија на овие промени е, средствата што се даваат во така наречени пасивни политики да се пренаменат во активни политики. Меѓутоа она што останува како факт, и натаму Република Македонија во однос на краткорочниот паричен надоемсток е држава која бара најголеми социјални бенифиции.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Збор има Иванова Цветанка.

ИВАНОВА ЦВЕТАНКА:

Новите измени и дополнвуања на Законто за вработување и осигурување во случај на невработенсот, предложени од Владата , произлегуваат од Програмата на Владата за зголемвуање на вработеноста и флексибилноста на пазарот на трудот, со кои треба да се имплементира макроекономската политика за 2003 година.

Еден од клучните столбови на макроекономската политика, секако е политиката на вработување.

Кога станува збор за вработувањето во Република Македонија јасно е дека тоа е еден од најтешките и најгорливите проблеми во државата, особено со негативни импликации не само врз поедници туку во целокупното општество. Тука мислам на негативни економски ефекти, социјални ефекти и трошоците на државната каса. Затоа и обврската на Владата да работи и да дава приоритет во решавањето на ова прашање.

Последните податоци што ги добивме од Бирото за вработување зборуваат за една алармантна состојба односно за податок дека во месец февруари 2002 година,

евидентирани се околу 300 илјади невработени лица. Ако поконкретно се навлезе во анализата на структурата на невработени, по возраст или по стручна подготовка , се доаѓа до фрапантни податоци. Се пвоеќе расте категоријата на невработени лица на 30 години, а во однос на стручната подготовка повеќе од половина невработени се неквалификвуани , полуквалификувани и лица со нижо образование.

Како резултат на постојниот пораст на невработенсот, забележан е постојан тренд на пораст на невработени лица кои се корисници на паричен надоместок по основ на невработеност. Последните податоци, кон крајот на 2002 година зборуваат дека вакви корисници има околу 47 илајди луѓе што е голем број и што претставува очигледен товар за Буџетот на државата.

Со оглед на тоа што сите невработени лица кои се корисници на паричен надоместок имаат право на пензиско инвалидско осигурување, право на здравствена заштита, значи дека сите воие лица користат средства од Буџетот на Република Македонија и јасна е оптовареноста на Буџетот со социјални трансфери кои пак од своја страна имаат само ефект на аморитизирачки мерки за невработените, а не и стимулативни мерки кои поттикнвуачки би влијале врз вработувањето.

Токму, заради решавање или барем ублажување на овие состојби кои бележат тенденција на влошување со изразито негативни реперкусии во целокупниот општествен живот, се предлагаат измени во постоечкиот Закон. Имено се вршат промени во скалата на времетраењето за исплаќање на паричниот надоместок, во правец на намалување на тоа времетраење односно сега се бара поголем стаж на осигурување.

Иако ваквата измена по својата природа е многу рестриктивна, сепак , според целта коај со неја треба да се постигне, таа е позитивна , бидејки се овозможува расположливите средства , наместо да се користат за пасивни политки, да се прераспределат и да се насочат кон активни политики за зголемвуање на невработенсота, а особено зголемвуање на иницијативата кај невработените за поактивно барање на работа.

Освен тоа во предложенито закон се менува и рокот во одредбата која предвидува јавување на невработено лице во Завод за вработување и тоа од 6 на 4 месеци што значи постојана активност и ангажман на невработеното лице при барањето на работа. Значи генерално земено ако погледнеме со еден заклучок може да конклетизираме дека може да произлезе еден нов заклучок од ова. Дека одредбите што треба да претрпат измени и дополнувања на Законот за вработување и осигурување во случак на невработенсот, се потполно во склад во

согласност со макроекономската политика на Република Македонија , бидејки се чекор напред во правец на прво, зајакнување на контролата на почитувањето на прописите, спречување на порастот на сивата економија, поголема ангажираност иактивност на невработените лица, а се со цел зголемување на вработеноста и флексибилноста н апазарот на трудот, која што впрочем претставува и цел на макроекономската политика за 2003 година на Владата. Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ

Благодарам.

Господин Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Благодарам претседателе. Ќе се потрудам да бидам пократок.

Значи овој е еден од законите кои што долго години се најавуваа, се најавуваше и во јавноста и меѓу вработените дека на овој или оној начин ќе биде донесен. Повод беа и штрајковите, повод беа и преговорите со Синдикат и т.н. и искрен да бидам кога го видов на дневен ред од Владата, претпоставував дека овој е тој закон за загубари така популарно наречен и мислев дека господинот Бранко Црвенковски заедно со сите минситри во Владата конечно се сети да го исполни ветувањето кое го даде во предизборната кампања, особено на членовите на Синдикатот оние 200 илјади кои ги кажа господинот Манасиевски.

Меѓутоа, за жал се случува една друга работа. Очигледно господинот Црвенковски и господинот Муратовски не се разбрале во меѓусебните дијалози. Веројатно господинот Црвенквоски велел дека ќе се намалат издатоците по основ на невработеност, а како сватил господинот Муратовски мене не ми е јасно, меѓутоа најверојатно и на оние 200 илјади членови на Синдикатот изгледа не им е јасно и ќе мора да побараат во што поскоро време одговор како господинот Црвенковски и Муратовски се разбирале и се договарале.

Од друга страна, господинот Муратовски ќе мора да даде објаснување, навистина оние 200 илјади членови на Синдикатот во правец на тоа зошто токму тие 200 илјади беа многу битни како гласови за оваа коалиција која денеска е на власт и токму тоа пресуди да речеме при носењето на победата, затоа што добро се сеќавам на зборовите . Токму Синдикатот гледаше во оваа промена на власт во оваа констулација и во оваа политичка структура, дека токму таа е одговорна што ќе ги исполни барањата на работниците односно на Синдикатот.

Исто така да не заборавиме, на почетокот на овој  мандат во времето на стотте дена истиот тој Синдикат потпиша еден социјален договор, па се случуваше дека она што таа коалиција “За Македонија заедно” , така се викаше, она што го ветила и ќе го оствари во законски проекти. Е, сега господине Манасиевски , ние сме денеска сведоци, на една вистина, а тоа е дека Владата преку овие закони, меѓу другото и овој што е сега на дневен ред  ја промовира и ја реализира само својата програма на штедење. По тоа сте навистина популарни и навистина широко прифатени. Основната цел не е ниту да стимулирате вработување , затоа што ако го читате образложението кое овде го кажувате и кое што овде го пишувате, испаѓа дека работниците си се сами виновни што немаат работа, затоа што немале иницијативи , односно би појавувале интерес да се вработат, и такви ги имаме на куп негде 378 илјади. Заборавате господине Манасиевски дека имаме работници кои чекаат по 15 па и 20 години, верувајте буквално дека некои остареле од чекање, и тоа не значи дека таквите луѓе немаат иницијатива  да се вработат. Но тоа значи дека нема каде да се вработат. За жал ниту оваа Влада таквиот проблем апсолутно не гледа да го реши. Напротив, добро е да се удри  по џебот  на најосетливите, односно на нај загрозените, а тоа е токму оваа категорија.

Сега вие ќе кажете, па ако го цитирате господинот Петар Гошев, министер за финансии, па ќе кажете тоа не е ништо тоа е 0,5% на годишно ниво, којзнае колку не се ни одразува, можеби поединечно не е ни половина плата и т.н., разни математики кои може овде да ме демантирате со незнам какви факти, меѓутоа факт е дека од 18 колку кажува вкупната бројка во претходниот закон, од 18 месечни плати на 14, сепак се 4 плати помалку што за некого можеби не е многу, но за некогу е многу. И сега пак ќе се вратиме на она  Македонија и понатаму број еден, Македонија и понатаму рекордер во споредба со сите овие земји кои што ги набројавте, меѓутоа Македонија навистина е рекордер и во бројот на  невработеноста споредено  пак со сите овие земји кои што ги набројувате. Меѓутоа Македонија е господине Манасиевски рекордер и по  нешто друго, поточно не Македонија како држава, него политичарите кои што ја водат , а тоа е по продавање на демагогија.  Кога сме опозиција овде колегата  Љупчо Јордановски читаше стенограми, верувајте овде ги носам 4  тома на стенограми, ако земам да ви ги читам треба да не раздени, каде што СДСМ во претходниот Парламент толку се трудеше на еден  ваков сличен закон поднесен од пратеникот Слободан Даневски  биде прва точка и под хитно да се донесе затоа што оние граѓани кои  што штрајкуваа и тогаш и сега, му треба еден ваков закон односно онаков каков што го предлагаше колегата пратеник.  Но,

одеднаш токму тука е демагогијата, се додека сме опозиција или се додека се бориме за власт кажуваме едно, ама кога ќе седнеме на фотења и кога ќе станеме валст тогаш зборуваме нешто сосема друго и тогаш ни се битни европските трендови, битни ни се компарациите со оние земји во транзиција, па ни е битно дека Македонија е рекордер по пасивни издатоци, сега ќе ги правиме активни со помош на Бранковиот закон. Колку ќе бидат активни верувам дека 100% ќе станат пасивни, така да се тоа е продавање демагогија.

Една сериозна влада, односно една сериозна политичка партија не пред многу време, зборуваше сосема друго. Каде оддеднаш, во рок од 6 месеци отидоа сите тие ветувања. Каде е одговорноста да се излезе пред граѓаните па да се каже, ние тогаш ветувавме ни требаат гласови, а сега ги добивме гласовите, сега не ни требаат и ние 2006 година ќе излеземе, па ќе се мериме со останатите.

Ако народот повторно му даде доверба на СДСМ, нели реприза. Верувајте дека со вакви демагогии, со вакви извртувања на тезите, односно ветувањата, во некој правци кој апсолутно не даваат ништо надежно за оваа категорија луѓе, која што навистина е огромна, мислам дека трета шанса нема да има. А и втората којзнае до кога ќе трае. Да не биде 15 септември наредниот, во обратна насока. Онаа химна и онаа песна што ја слушавме. Затоа, јас би сакал само да кажам уште еднаш и да го пренесам ставот на пратеничката група дека ние вакви промени на законот нема да поддржиме, ние ништо не ветивме на работниците во насока, како што ветуваше СДСМ, но ни сме ветиле, ниту пак сме во можност тоа да го оствариме. Што значи, ако ветуваш, барем половина оствари, не мора целосно, барем половина. Но, од ветување, да се оди во обратна насока, значи едно кажавме друго спроведовме, тоа не оди на арно. Затоа, можете вие сега да ни кажувате објаснувања колку сакате, повторно ќе се вратам на првиот став дека оваа Влада сака да штеди, притоа почна преку забрана да се пие кафе, преку забрана да се зборува на телефон тоа треба сега министерот да ни одобри ќе ни стане нов претседател само преку него оди да ни дозволи да ги вртиме телефоните и крајно се отиде да ги намалиме сите социјални давачки на работниците, таму воведовме договори за закуп, да му измислиме часовници за струја на секого, па отидовме со законот за социјална заштита, па законот за детска заштита, еве денеска ги имаме уште овие 2-3 во ред, така што навистина се што ветивте, барем во прилог на оваа категорија на граѓани во Република Македонија навистина сме во насока да го остварите, но во обратна насока.

Заради тоа, ние како пратеничка група нема да го поддржиме овој закон и ќе гласаме против.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Караџоски, само сакам да упатам на следново: премиерот на Владата, се разбира дека можеше да го критикувате или да го критикуваме постојано и министерот и мене и тоа е прифатливо. Само би повикал луѓе кои не се избрани од Собранието, ниту кои одговараат за својата работа пред Собранието да не ги критикуваме во Собранието. Мислам дека тоа не е фер.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе намерно го спомнав што се однесува до г. Муратовски јас повторно ќе спомнам, затоа што сакам да го каже тоа Што сега го кажав. Затоа што пратениците од СДСМ реагираат на една ваква забелешка се чудеа од каде го измислив тоа. Еве објаснете му каде сега вие го измисливте тоа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Можете да спомнувате личности, меѓутоа немојте да ги критикувате во Собранието. Тие не одговараат пред нас за својата работа, ниту се од нас избрани, за разлика од министрите. Тоа не е добро.

Има збор господинот Есад Рахиќ.

ЕСАД РАХИЌ:

Почитуван претседателе, драги колеги, сакам да се обратам до господинот Караџоски да не бере гајле за пратеничката група на СДСМ. Јас од неговите жалби, просто се растажив. Она што досега расправавме за штедењето во буџетот е токму резултат од нивното четиригодишно владеење.

Сега се прават 5 години од Конгресот во Струмица, јас нема да го спомнам името на нивниот лидер, но ќе дадам само една реченица извадок од парцијална невработеност и социјални случаи, станавме партија на министри и директори на јавни претпријатија.

Со оглед на тоа како владееја, фала богу, што и оваа Влада се нафати да се обиде да исправи дел од дубиозите што тие ги направија со четиригодишното владеење.

Јас го почитувам правото на г. Караџоски да го каже тоа што го мисли и го почитувам како пратеник, само би замолил во делот на критиките да се задржи токму на онаа суштина во законите, а пратеничката група и нејзините ветувања и популарноста да ги остави на нас самите. Здравје боже можеби по година дена можеби и подоцна ќе има избори, па ќе провериме кој што и како направил.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Караџоски се јавува за реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас не ја критикував пратеничката група, туку ја критикував Коалицијата за Македонија заедно. Тоа што вие припаѓате на таа коалиција изборна, тоа вас ве тангира и тоа е факт. Но друго, опозицијата има токму господине Рахиќ една таква улога нон стоп да ве потсетува што сте ветувале, да знаете во која насока да се движите. Ако ние не ве потсетуваме, очигледно ќе ја изгубите насоката. Ја сменивте насоката, којзнае во која насока отидовте барем од она што ветувавте во оној сегмент, за другите не сакам да зборувам. Кога ќе дојде време, тогаш ќе зборуваме и за нив. Значи, јас сум поучен од претходната опозиција. Она што ветувавме, г. претседател најдобро знае и ние сме токму со таа улога да ве потсетуваме, да не заборавите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Збор има г. Киро Дојчиновски.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Почитуван претседателе, добро е тоа што опозицијата се договара како нема да гласа по некои закони. Тоа е нивно право. Меѓутоа, искрено да ви кажам два дена ги слушам како се мачат да изнајдат некакви формулации за тоа, а сето тоа е толку банално.

Ми се чини, подобро би било да го ослободат Собранието, барем тогаш кога нема што да кажат, да не се служат со формулации кои не држат. Важи тоа и за Караџоски, и за другите дискутанти. Навистина, воопшто не се убедливи.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со дебата.

Има збор г. Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас навистина сакам да му излезам во пресрет на претходниот дискутант и во некоја иднина ако сака да соработува со пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, можеме да поднесеме овде Предлог закон, вие можете да го суспендирате Парламентот ваков каков што е и да се вратите на формите на работа на кои очигледно сте навикнати. Денеска гледам дека има една долга низа на клаузалитет на однесување, почнувајќи од хировите на првиот човек на Собранието, па законите за кои зборувавме и навистина, г. Караџоски е во право кога се повикуваше на демагогијата која беше предавана во предизборната кампања од СДСМ, но јас сакам да истакнам малку поконкретно каде ја гледаме онаа причинско последична врска помеѓу овие три закони, кои денеска беа на дневен ред на Собранието на Република Македонија, а имено факт е дека ќе имаме прилика да зборуваме поконкретно за тоа. Во политичката филозофија на СДСМ навистина, ама баш ништо не е променето од она што сме навикнати да го гледаме во периодот 1992-1998 година, затоа што очигледно дека одредени министри во Владата на Република Македонија се обидуваат повторно да ги задржат позициите на одредени деловни интереси во Република Македонија, без притоа да водат ни малку сметка дека економската атмосфера и условите на работа и на егзистенција во Република Македонија тие се видно изменети. Значи, во земјава тројца министри во Владата на Црвенковски не можат да кажуваат што и како ќе се купува во Република Македонија. Во Република Македонија без оглед на тоа што СДС како опозиција се обиде со сите сили да го уништи процесот на воведување на фискални каси во Република Македонија, исто така е процес кој ќе се одвива. Но, мене ми е јасно дека тие со сили се трудат одредени свои професионални услуги кои не успеаја да ги наплатат во времето кога беа опозиција, сега како министри во Владата на господинот Георгиевски, бидејќи имаат одврзани раце, тоа сесрдно го прават и повеќе од сигорно дека ќе ги наплатат тие професионални услуги за кои навистина им должат пари. Факт е дека тоа луѓето го сработиле.

Инаку, би сакал да ве потсетам дека стимулирањето односно обидот да се врати времето наназад е практично невозможно затоа што во меѓувреме во Република Македонија се случија голем број на промени особено во економијата. Да ве потсетам дека Владата на г. Георгиевски ја зачлени Република Македонија во Светската трговска организација. Би се допаѓало тоа вам или не ви се допаѓа, тоа не

ја менува вистината дека еден блокиран, свесно блокиран процес во Република Македонија и тоа од одредени политичко деловни структури во минатите години беше откочен и реализаран во времето кога г. Георгиевски беше претседател на Владата на Република Македонија.

Што се однесува до начинот на продавање демагогија ние сите се сеќаваме, г. Караџоски зборуваше колку беше силен притисокот на оваа политичка партија која сега ја води Владата на Република Македонија да се донесе едно ваков закон во Парламентот на Република Македонија, кога премиер на Владата беше г. Георгиевски. Но, исто така сакам на мојот колега Караџоски да му обрнам внимание дека треба внимателно да ги следи излагањата на г. Спасов овде во Собранието за да го свати еволутивниот пристап кон нештата односно револуција што тече. Така да не биде исненаден што СДСМ не е оној што беше да речеме на 15-ти септември или на 19-ти март или не знам кога, затоа што вие се менувате во вашата политичка филозофија толку брзо што практично човек не може да ве следи. Затоа се согласувам со г. Караџоски дека овој закон нема да биде поддржан и од мене.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Збор има господинот Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Прво, можеби малку процедурално. Господинот Трендафилов очигледно не го прочитал член 87 каде што говорникот треба да говори по прашањето што е на дневен ред и ставот дека е должен во својот говор да го почитува достоинството на Собранието. Но, тоа е очигледно во доменот на неговото воспитување. Што се однесува до промените кај министрите точно во Владата на Георгиевски има одлични промени, сите станаа мулти милионери за 4 години.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Не сум сигурен тоа вие најдобро го знаете господине претседателе деловнички дали г. Макрадули ќе има право да ми објасни на кој степен од моето

образование не сум ги собрал лекциите по домашно воспитување, дали мисли претшколска возраст или подоцна.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи никој не бара збор, ја заклучувам расправата.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.

Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, 51 за, 1 воздржан и 13 против.

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Дали Собранието го усвокува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници, 54 за, 6 против.

Молам службите да утврдат колку присутни пратеници има во салата.

Во моментот на гласањето имаше 66 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Ефтим Манев поднесе амандман за бришење на член 5, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 5 поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе за амандманот.

Збор има г. Манасиевски, министер за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој бара збор?

Господинот Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Поднесениот амандман е во духот и на досегашните дискусии и на претходните дискутанти што со предложените измени и дополнувања се менува рокот на стекнување на права на работниците на парична помош кој е од најголемиот временски рок од 18 месеци се скратува на 14 и најнискиот рок е 4 месеци. Сметам дека вака предложената правна регулатива е и против уставна затоа што не може еднаш стекнати права да се намалуваат. Не е доволен одговорот на министерот дека во голем број држави таквиот временски рок бил помал, а исто така не е доволен и одговорот дека со намалувањето на временскиот рок за стекнување на паричен надоместок дека кај работниците ќе предизвика да покажат поголем интерес за нивно вработување. Со тоа што, бидејќи роковите биле долги и работниците не покажувале интерес за повторно вработување.

Во еден таков случај во колку постои такво нешто би требало министерот да интервенира малку поинаку. Не да интервенира за намалување, нека ги намали и на нула, ич да ги нема, белки работниците ќе бараат работа секој ден. Во колку на работник му биде понудено да работи тој може да биде симнат од евиденција да прима парична помош и уште првиот месец без разлика што тој има право на 18 месеци. Тогаш би било пореално и правно поисправно отколку на овој начин. Овој начин е очигледен дека сакаме да штедиме на сиромаштија. Што после тие месеци. Во колку ние успееме да им обезбедиме работа, бидејќи донесовме денеска еден закон за поттикнување на невработеност, односно за зголемување на невработеноста. Со тој закон нека ги опфатат сите овие лица кои што се пријавени односно кои што го изгубиле правото на работа и стекнале паричен надоместок, а не со овој закон им скратуваме права на луѓето кои што ги имале стекнато. И, мислам дека без разлика дали во други држави тој временски рок е помал, ние не можеме од еден стекнат временски рок на стекнување на парична помош да ја намалуваме на ваков начин. Има држави каде што стално примаат парична помош се до нивно вработување. Зошто не ги спомнеме тие држави, на таа околност ние зборувавме со министерот и на Законодавно-правната комисија. Не е редно сега да се споредуваме со оние држави што се околу нас или најслаби држави, дајте да тргнеме и од други основи. Од тие причини сметам дека нема место за измени на законот во тој дел и

од тие причини го предлагам амандманот да се избрише членот 5 во предложениот закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласе 67 пратеници, 16 за, 1 воздржан и 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, за гласале 58, 11 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.

Минуваме на точка 22 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлог на закон, поднесен од пратеникот Слободан Даневски, дописот од Законодавно правната комисија и мислењето на Владата на Република Македонија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Господинот Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господин претседателе, дами и господа пратеници, господин министре,

Користејќи го своето уставно и деловничко право, како пратеник му предложив на Собранието на Република Македонија закон кој ете доаѓа по една

редовна постапка и сигурно дека треба да се каже збор - два за патешествието или ретроспективата на овој закон.

Имено, овој закон го предложив и во минатиот состав на минатиот Парламент и мината Влада, тогаш минатата влада немаше сенс да го подржи овој законски проект исто така и Парламентот. И тогаш имаше притисоки и сега, но јас си останав принципиелен на своите принципи и пак го предложив законот, затоа што ова го бараат фирмите загубари оние кои станаа стечајци и технолошки вишок.

Што се случи со законот кој не го гласаше, ги видовме резултатите на изборите, но тоа ќе го прокоментираме подоцна, сега да позборуваме малку за причините поради кои се донесе законот.

Изменувањето и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност се предлага со цел да се запази, колку е можно, социјалната сигурност на невработените лица. Имено, со законот се дава можност за обезбедување на социјална сигурност на работниците кои имаат над 25 стаж на осигурување, а работниот однос им престанал поради екномски, технолошки, структурни и слични промени. За таа цел се предлага невработено лице на кое му престанал работниот однос, а има над 25 години стаж на осигурување да има право на паричен надоместок до негово вработување, односно до настапување на некои од основите за престанок на правото на паричен надоместок, воедно се предлага работникот да прима паричен надоместок не помалку од 50% од најниската основица на која се плаќаат придонеси на пензиско и инвалидско осигурување, а тоа изнесува 65% од просечната плата во Република Македонија.

Околу начелата и содржината на законот, овој закон предлагам да оди во скратена постапка, бидејќи не е обемен, се работи за четири члена. Во Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, “Службен весник на Република Македонија” број 37/97, 4/98, 14/99, 25/2000, 101/2000 и 50/2001, во членот 68 став 1 се менува и гласи: Висината на месечниот паричен надоместок за време на невработеност изнесува 50% од просечната месечна нето плата на работник за последните 12 месеци, но не помалку од 50% од најниската основица на која се плаќаат придонесе за пензиско и инвалидско осигурување пред престанокот на работниот однос на лице кое има право на паричен надомест.

Во членот 2 се заменуваат бројките 20, се додава зборот “до 25” и исто така во ставот 3 по зборот “има” се додаваат зборови “над 25 години стаж на осигуреникот или”...

Она што треба да се каже збор - два за образложението и оценките за состојбите и целите што ќе се постигне со овој закон. Со овој закон за вработување и осигурување во случај на невработеност “Службен весник на Република Македонија” број 37/97, се утврдија основите и условите за остварување на правото на паричен надоместок. Тие услови и основи се однесуваат на утврдување на висината на месечниот надоместок на временскиот период во кој се утврдува висината на платата која е основа за утврдување на висината на паричниот надоместок, како и висината на паричниот надоместок кој што ќе се прими по една година од примањето на паричниот надоместок.

Овие услови и критериуми, поради се полошата економска состојба во државата, кој влијаат на намалувањето на висината на платите што работниците ги примаат доведува до потребата од преиспитување на истите. Имено, применувајќи ги законските решенија, а поради ниските плати на работниците, паричниот надоместок се случува да изнесува и под висината на социјалната помош и работниците после долг временски стаж примаат до сега низок надоместок. Имаме случаи во следната година висината на паричниот надоместок да изнесува и помалку од 1.000 денари. Заради овие причини се предлага измена на членот 68 став 1, со цел да се запази колку што е можно социјалната сигурност на работникот, додека тој повторно не се вработи, односно не ги исполни условите за пензија.

Со измената што се предлага ќе се овозможи работникот да прима паричен надоместок не помалку од 50% од најниската основица на која се плаќа придонес на пензиско и инвалидско осигурување, а тоа изнесува 65% од просечната плата во Република Македонија. Со законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност “Службен весник на Република Македонија” број 25/2000, се изврши измена на ставот 3 од членот 71 од соодветниот закон. Со измената се утврди право на паричен надоместок со ново вработување, односно до настапување на некои од основите за престанок на правото на паричен надоместок да биде исплатување на 55 годишна возраст и најмалку 15 години работен стаж, основи и услови 25 години стаж се избришаа. Со примената на вака утврденото се покажаа и проблемите во остварувањето на правата на паричен надоместок.

Имено, мал број работници можеа и можат да го користат правото од член 71 став 3 бидејќи имаат работен стаж над 25 години, но немаат над 55 години возраст. Примената на ставот 3 од членот 71 создава дополнителни потешкотии и во обезбедувањето на натамошната егзистенција на работниците во претпријатијата

кои се во стечај, или се во ликвидација, како и во претпријатијата, односно другите организации и установи каде што имаме превработеност и работниците треба да се прогласат за технолошки вишок. Сите работници кои се најдоа пред Бирото за вработување, поради високиот цензус од 55 години возраст, не ќе можат да го остварат правото на прием на надоместок до ново вработување, односно до исполнување на услови за пензија. Со оглед на големиот број на невработност во Република Македонија, можноста за ново вработување на работниците што имаат над 25 години работен стаж се скоро никакви, бидејќи тие се на половина од својот работен век, се со одредени занимања за кои нема нови вработувања и работниците, чија работна способност им е намалена поради што работодавците потешко би ги примиле на работа.

Ова се генерално дадените видувања по основ на овој таканаречен закон на загубарите, стечајците и оние што останале како технолошки вишок. Сигурно дека овој закон зафаќа две - три права на работниците кои останале без работа поради разни услови.

Првото е за утврдување на правото на паричен надоместок до ново вработување и второто е за зголемување на основицата која изнесуваше 40% од зафаќањето при пресметувањето, а сега се предлага зголемување за 50% од она што значи 60% од просечната плата во Република Македонија.

Овој закон не помина како што кажав и во минатиот состав на Парламентот и Владата на Република Македонија немаше сенс. Сигурно дека оваа вечер, овој ден, усвоивме пакет закони кои по предлог на Владата на Република Македонија парламентарното мнозинство ги прифати. Сигурно дека треба да се спомене што би значело ова и што би се добило. Обично се вртат бројки и цифри и се поставуваше прашањето кои се тие фирми кои се загубари, кои би го добиле она право, затоа што ценејќи во какви услови се носеше буџетот во Република Македонија, може слободно да кажеме дека дефинитивно паѓа онаа мистификација дека Светската банка или Меѓународниот монетарен фонд се тие кои добро не контролираат, секогаш не караат и не ни даваат ние внатре во самата рамка на буџетот да правиме прераспределба. Ова се потврди дека не е вистина, затоа што ние при утврдување на буџетот за оваа година, направивме зафаќања од 2 милијарди денари кои ќе се користат за правото на законот, бранков закон или незнам јовев закон, или незнам како ќе го наречете, јованов, добро, за тоа што ќе се користат 2 милијарди денари. Со тоа потврдивме дека не важат оние објаснувања од министрите, дека нас Меѓународниот монетарен фонд толку строго не контролира

и не ни дава внатре да распределуваме средства по стапки од буџетот. Ние сме тие што сега ја носиме одговорноста, затоа што еве, списокот на овие кои се загубари е малку поголем, имавме 25 сега се 35. Во минатиот состав имавме добра соработка со Синдикатот, но сега незнам зошто сакаше Муратовски да го повлече законот, од кои причини, незнам дали модерно е луѓето да еволуираат, сигурно се спрема можеби човекот и за претседател на државата, незнам. Но, јас би ги наброил оние претпријатија кои се загубари: ХЕЦ “Југохром” - Јегуновце, вкупен број на вработени 1.945 вработени од кои би оствариле право 645 вработени. “Саса” - Македонска Каменица 1.420, ФАС “11 Октомври” 1.625, Злетово батерии - Пробиштип 984.185, “Тораница” - Крива Паланка 583.150, ФАМ Скопје 422.143, Микрон - Прилеп 34.590, Руен - Кочани 1.280460, Искра инженеринг - Куманово 579.152, Злетово - Пробиштип 1 580.524, Астибо - Штип 1.997.639, Македонка - Штип 2.448.730, Годел - Скопје 1.917.270, Фротирка - Делчево 496.062, Готекс - Гостивар 417.054, Нокатекс - Велес 370.054, Каракош - Ткајачница - Крива Паланка 271/106, Газела - Скопје 1.070.238, Силика - Гостивар 280.131, Порцеланка - Велес 1.760.216, Техника - Скопје 404.205, ЗИК - Куманово 263 и други загубари од агрокомплексот на Република Македонија кои некаде бројат 39. Сигурно дека иако овде се изнесени бројки и анализите кои ги имаат направено во Синдикатот со соработка со Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии, имаат дадено и преглед што би значело со плаќање на овие работници кои би го искористиле правото со над 25 години работен стаж. Број на вработени Синдикат на металци, енергетичари, рудари на Република Македонија 3.443 - месечна исплата би била 164.630 евра, Синдикат на работници на текстилна, кожарска и чевларска индустрија 1.915, месечна исплата 90.547 евра, Синдикат на работници на Агроиндустриски комплекс на Република Македонија, број на вработени 996 би користеле 47.000 евра, Синдикат на работници од хемија и неметали на Република Македонија 367 - 18.000 евра, број на работници од сообраќајот и врски на Република Македонија - 308 - 19.540 евра, вкупниот број на работници кои по основ на овој закон би зафаќале од буџетот на Република Македонија се 7.029 или би користеле месечно 344.204 евра, тоа е месечна исплата, годишна 4.154.000.000 евра.

Сега пак се поставува прашањето дали има пари или нема пари. Дасли беше ова ветено на вработените пред изборите, дали требаше овој законски проект да се заврши, дали имаше услови, дали држи тоа дека преговарачите со Светската банка и Меѓународниот монетарен фонд можеле да испреговараат, можело да им се

обезбеди на оваа категорија на граѓани, затоа што гледајќи по бројот на средствата и по бројот на вработените кои останале без работа по еден, друг или трет основ, земајќи дека во делот на она што значи рестартирање на дел од фирмите загубари, случајот е со “Југохром”, гледаме дека се намалува бројот.

Сигурно дека е евидентно и реално во Република Македонија да не постои ваков закн. Најдобро е да сите загубари се рестартираат, да се најдат стратешки инвеститори, да почнат да работат. Но, што ни се случува. Ние во овие услови имаме луѓе кои остануваат во едни најдобри години, па еве и ние чекориме натаму, средновечни години, кои некаде имаат по 45 години, кои имаат деца за факултет, за школо, но немаат никаква помош, не остваруваат никакви права и бенефиции. Најголема заблуда е тоа што и со овој закон што го предлага сега и Владата на Република Македонија дека работодавачите сигурно би примиле некој кој има 45 години на работа. Ни случајно не му паѓа на никој газда на памет, на никој бизнисмен, работодавач да прими кога има избор од 25 години, млада работна снага, квалификувана и некој има 45 или 50 години кој е веќе амортизиран. Посебно да зборуваме за оние кои се во текстилната индустрија. Таму женската работна снага е доминанта, таму имаме амортизирана работна сила, со што никој од оние новопечени бизнисмени или оние кои работат во Република Македонија, а еве гледаме дека се движи, има позитивен тренд, скоро сите текстилци работат, имаат работа, ниеден од оние газди и домашни да кажеме и бизнисмени и оние од страна, никој при изброт не сака на она што дава Заводот за вработување при структурата на вработените, никој кога би избирал не би зел амортизирана госпоѓа од 45 години, 50 години. Сигурно би избрал од 25 години, да, сигурно е тоа.

За жал, не е смешно, тие луѓе провеле 50 години на машината, нормите сега им се светски, олимписки, така да тешко ја достигнуваат нормата. Сега се поставува прашањето дали државата, ние сите се декларираме дека сме и социјална држава, дека водиме ред за граѓаните. Ако се земе ова, укажувањето на Владата на Република Македонија која доаѓа со задоцнето мислење, ако се земе дека во постапката како што требаше да оди во редовна постапка законот, а знаеме дека матичната комисија и сите други комисии кои требаа да го гледаат овој закон не го гледаа, и ако се види дека е ставен последен, со тензија, така тоа се работи во политиката, да биде на крај, оправдано, тоа е право на господинот претседател, се има впечаток дека ваков закон нема потреба да се носи. Јас сум убеден дека нема да се изгласа. Но, судбината како што ја доживеа онаа Владата на Република Македонија на господин Георгиевски, исто ќе биде. Може да се најде сенс, луѓето

нема да заборат, бидејќи предизборните ветувања беа јасни, им се вети на граѓаните. Некој ќе каже, па добро, колку си ја завршија улогата не знам, дали Муратовски ја изиграл утакмицата како што треба незнам, тоа тој ќе си даде отчет, бидејќи човекот не е прусутен тука во Парламентот, сигурно ќе си даде отчет на неговите таму во Синдикатот. Но, очигледно е дека еволуира, ќе си има потешкоти и оние мерки кои ги преземавме, оние кои сега ги презема Владата на Република Македонија и Парламентот, затоа што Владата на Република Македонија штом се огради. Владата на Република Македонија ја префрли целата работа до Собранието на Република Македонија.

Ние сме последниот филтер, ние сме тие кои ќе треба да му дадеме виза, или да го одбиеме овој законски проект. Но, политиката, еве флуид, политиката не е планината Водно, па не ја менуваш. Видовме, едни што викаа дека ќе бидат 100 години, се сменија, така што времето оди брзо. Еве, ни поминаа скоро шест месеци. Сега дали се излажани граѓаните или не, тоа ќе го кажат граѓаните, доаѓаат избори, па затоа постојат локални избори, постојат претседателски избори. Во вакви услови овој закон го предложив затоа што имав морална обврска и принципиелно пред она што го дадов пред Синдикатот. Останува последниот збор, сигурно дека ќе го кажат пратениците но, како што стојат работите и расположението веќе е јасно, затоа што Парламентот веќе утврди, односно донесе закони кои се рестриктивни кои ги предлагаше Владата на Република Македонија. Јас оставам на сите пратеници да се изјаснат по сопствено убедување и би било редно да се направи за онаа категорија на граѓани  затоа што остануваат, тоа е поголема категорија на граѓани. Не држи и неможе да се брани тоа дека еве, не ни даваат ММФ и Светската банка, дека нема пари, има пари, дека се работи за користење на правото од 2004 година, затоа што добар дел на работници, овие кои го користат сега правото на 18 месеци. Така што ќе беше добро ако го усвоеше Владата, затоа што ќе почнеше некаде од  2004 година и ако Владата има тензија и има замислено реформи сигурно и се работи на проектот да се вратат во функција, да се рестартираат скоро сите загубари, со тоа што еден дел ќе се намали, бројот на невработени ќе се намали. Така што со не големи пари, со многу помалку пари со две милијарди денари мислам дека ќе и овоозможеше на оваа категорија, бидејќи сите сме должни затоа што им ветивме. За жал тие граѓани се во оние години некаде 40, 45, 50 години и се во зрелото доба на живеење, но немаат теоретски услови и со преквалификација да добијат некое ново вработување.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господинот Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

На сите ни е познато дека овој Предлог на закон во континуитет и во минатиот мандат и Собранието и минатата Влада се соочи. Секако дека треба да се има респект спрема предлагачот кој ја наметнуваа оваа тема, со оглед на тоа дека проблемот постои. Проблемот постои во континуитет и не би помогнало многу ако се генерира, односно се објаснува како е дојдено до еден таков број на вработени да потпаднат под загубари. Но, во основа може да се каже со сигурност дека случувањата за тој број на работници кои остануваат надвор од производствениот процес, многу малку, или да речам во некоја релација на проценти помалку од 20% ги исгубиле своите работни места заради економски,односно пазарни збиднувања. Добар дел од фирмите кои ги водевме под законот за загубари се дојдени во таа ситуација низа години наназат поаѓагќи од процесите на редефинирањето на поранешната заедничка држава во која добар дел од тие фабрики беа изградени и направени во услови кога внатрешниот пазар на државата беше 22 милиони и кога добар дел од нив по некое планско стопанство беа регионално поставени едни како полусуровински, други како енергетски многу зависни, а трети можеби и заради биланс, или политички дебиланс во рамките на таа федерација. Несреќата дојде и со глобализацијата, со отворањето на Кина, на распадот на Советскиот Сојуз, со поефтинувањето на енергијата и работната сила. Но, несреќата и во регионот беше заради бројните случувања од политичка природа, поаѓајќи од војните, блокадите, вклучувајќи ги и настаните внатре во Република Македонија. Оттаму тој екстерен фактор во многу влијаел овие фабрики да неможат да се заживеат. Но, заедно со транзицијата тие дополнително го диживеаа својот крах, дел заради лошата приватизација, добар дел заради криминализацијата внатре во време додека беа општествени. Еден дел заради познатите политички состојби во Република Македонија во период 1993-1995 кога заради случувањата со блокадите спрема Југославија се изврши прелевање од производствените агрегати во трговските агрегати, со познатите високи каматни стапки кои ја надминуваа профитната стапка. И добар дел од овие фирми тогаш ги направија најголемите долгови воглавном спрема банките и спрема трети коминтенти со што се создаде и најголемиот внатрешен долг на фирмите во Република Македонија. Значи постојат причини во кои во континуитет политиката допринела овој број на луѓе да неможе да си го

оствари своето право од Уставот за работа, уште повеќе што во континуитет две влади до пред две години водеа политика на таканаречено реструктуирање или заживување, рестатирање на овие фабрики со кои дополнително се изгуби време се до пред година ипол кога во преговорите со Светската банка се промени моделот за решавањето на овие фирми кое се сведе на постапка на банкрот, преземањето на работниците на Завод за вработување и овозможување на постапка под ЕСМ метода како што ја викаат во Светската банка да се оцени дали некоја фирма може да се понуди на пазарот за да се рестартите во форма во која некоја нејзина основна дејност тоа го овозможува, или е нужно таа да се затвори засекогаш за да не претставува извор на нови загуби. Се чини дека стартот на новата Влада е уште понеповолен за решавањето на овој број на вработени, не минимизирајќи го Законот што го донесе Парламентот околу поттикнувањето на вработеноста. Но овие луѓе дефинитивно со престанокот на надоместокот што го добиваат заради постапката за стечај на нивните фирми дефинитивно остануваат надвор од било каква социјална грижа на државата. Првите два, а очигледно и третиот месец ќе покаже дека падот на индустриското производство е околу 20, а да не речам месец со месец и над 20%. Оттука илузорно е да се смета дека во оваа година може да дојде до било каков циклус на заживување на постојните капацитети, а дополнително не се согледуваат некакви најави, процеси на заживување на странските инвестиции. Исто така, со политиката на Владата која може да се каже дека на долг рок може да даде ефекти во услови кога се намалуваат директните даноци, а се зголемуваат индиректните во овој момент тежок социјален меч се става на главата на овие луѓе. Значи, нема причина Парламентот да не расправа, а уште помалку Владата да биде инфериорна во овој момент и надвор од парламентаризмот да не присуствува ниту еден министер од Владата, да ги слушне аргументите зошто еден ваков закон треба да биде донесен. Во таа смисла сакам да го поддржам предлогот за донесувањето на Законот и мислам дека еве шанса и на позицијата која во континуитет ваквото решавање го поддржуваше од минатиот состав, еве шанса каде може да се приближат и да се направи одреден политички консензус помеѓу политичката елита во Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Јордан Михајловски.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, неможам анблок да се сложам по овој законски проект што го предлага господинот Даневски дека се

работи за вакум и дека Владата нема изострено чувство за судбината на работниците загубари. Бев мотивиран да се јавам, да кажам неколку збора, заради тоа што беше спомнат и Рудникот “Тораница” од општината од која што доаѓам. Мислам дека Владата, ако го слушавте внимателно експозето на премиерот тука пред нас, можеше д асе разбере целата стратегија на Владата во економската сфера и токму во оваа сфера која го начнува проблемот со загубарите. Нека ми биде дозволено да повторам само неколку генерални определби во таа стратегија на Владата, а тоа е зголемување на обемот и ефикасноста на инвестициите, кредитна, даночна и надворешна трговска политика во функција на поддршка на инвестициите, континуиран процес на структурни промени во стопанството, промени во системот ан образованието и стимулирање и вклучување на македонската економија во глобалните трендови. Се разбира, дека ние во моментот се соочуваме со прболемот, а тоа е меѓународниот монетарен фонд спрема кој мора да имаме изострен слух заради поширокитe перспективи во нашиот развој. Меѓутоа, сепак загубарите останувааt наша специфичност, сакале или нејќеле ние мораме да размислуваме и за судбината на овие луѓе. Во разговори што деновиве ги водев со луѓе кои директно доаѓаат од производството од рудникот “Тораница” дословно ми беше речено од луѓето дека не сакаат да бидат армија на млади пензионери. Што значи очекуваат структурни реформи, очекуваат рестартирање на самиот рудник и тука ја гледааст единствено својата надеж за егзистенција на чесен и достоинствен начин да се најдат во производство. Што значи по извршената трансформација на рударскиот комплекс јас ја гледам тука шансата кога рударскиот комплекс ќе биде понуден на пазарот, дека тука треба да ја гледаме иднината во рестартирање на овие објекти и дека тие објекти барем во прва фаза ќе вратат половина од работниот потенцијал што го имаат. Мислам дека тука треба да се гледа таа надеж. Мислам дека ова што ни се нуди како законски проект во овој момент не одговара на нашата реалност, на нашата економска реалност во моментот. Ние мислам дека и како законодавен дом ќе имаме изострен слух за овие проблеми кои во перспектива ќе ги решаваме на начин за кој зборував и мислам дека тоа е единствениот и објективен начин овој проблем така да се решава.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Даневски бара збор.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Мала реплика на господинот, бидејќи кажа дека потекнува од рудникот “Тораница”. Сигурно не ме следел добро. Мојата заложба и во самото излагање

беше вака, нема потреба од носење на ваков закон ако се рестартираат сите овие фирми кои се загубари. Таму во Тораница е друг случајот. Таму имаше нешто продавање со Алмако банка, таму се недефинирани работите. А тоа дали сакаат да бидат социјални случаи, или млади пензионери, сигурно е дека луѓет бараат да работат, затоа што и пензијата знаеме колку ќе биде. Но, да видиме како ќе оди со трансформацијата на Тораница. Сигурно ако се најде некој стратешки инвеститор, ќе видиме. Но, дека дел на луѓето се оставени на отворена сцена да кажеме, немој да испадне по старото: ќе го научиме магарето да не јаде до зелена трева, па магарето да умре. Некои од луѓето мора да преживеат. Сега во моментот е државата таа која треба да интервенира. Во овој момент оваа категорија на граѓани треба да преживеат, а камо да се стават во фукнција сите загубари. Така беше моето кажување.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе ве замолам за поумесни компарации.

За реплика се јави господинот Јордан Михјајловски.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Јас мислам дека не сме се разбрале доволно. Јас зборував во глобала за целиот проблем. Само како специфичност го спомнав рудникот Тораница. Инаку што се однесува за рудникот Тораница, господинот да не биде загрижен, бидејќи од јуни кога се затвара целиот случај со рудникот, перспективата ќе се бара токму на тој начин и во тој правец за што јас се залагав тука.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, иако не се присутни претставници на Владата сакам да го кажам моето размислување во однос на овој закон. Деновиве во овој Парламент се донесоа повеќе закони кои што се со рестриктивна политика што се прекршува на грбот на најсиромашните граѓани во државата односно се одзема од најсиромашните граѓани во државата за да им се даде на побогатите, односно работодавачите. Посебно тоа беше утврдено со законот што претходно го донесовме таканаречениот Бранков закон за

потикнувањсе на вработувањето. Меѓутоа, овој предлог на закон е во спротивен правец од оваа политика, односно ако се поддржи ќе биде во правец на помагање на најсиромашните граѓани.

Ќе го поддржам овој закон од две причини. Првата е содржана во член 68 каде што во постојниот закон досега беше утврдено дека паричниотнадоместок за време на невработеност изнесуваше 50% од просечната месечно нето плата на работникот за последните 12 месеци, или 40% за оние кои што примаат подолго од 12 месеци месечен надоместок. Меѓутоа, овие одредби на член 68 беа навистина во ова време сосема неповолни за оваа одредена категорија на граѓани чии што примања се многу ниски и се помалку од 3000 денари. И се случуваше во овој момент да земаат надоместок кој е помалку дури и од 1000 денари. Токму заради ова ја поддржувам измената на овој член 68 со кој што  паричниот надоместок се утврдува да не биде помалку од 50% од најниската основица на која што се плаќа придонесот на пензиското и инвалидското осигурување. Тоа обезбедува некаква социјална сигурност на оваа категорија на граѓани. Значи, за тоа колкав е овој износ што во моментот го примаат граѓаните не треба да зборуваме што значи 1000 денари, со овие средства колку може да преживее некое семејство и мислам дека измените ја обезбедуваат социјалната сигурност на граѓаните.

Понатаму во член 71 ств 3 кажано е дека невработените лица кои што имаат над 55 години возраст и најмалку 15 години стаж на осигурување можат да земат паричен надоместок до нивното повторно вработување. И сметам дека оваа одредба беше сосема несправедлива за една голема категорија на невработени граѓани кои што имаат над 25 години стаж на осигурување, меѓутоа немаат 55 години старост. Токму од аспект на справедливоста и од аспект на неминовната потреба да бидат социјално обезбедени и оваа категорија на граѓани кои што имаат 25 години стаж на осигурување, а немаат 55 години старост. Ќе го поддржам донесувањето на овој закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ

Инаку само да потсетам, предлагач на овој закон не е Владата на Република Македонија. Предлагач е господинот Даневски. Тој е како претставник на предлагачот, условно кажано.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Владата треба да го каже своето мислење.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не можеме да се обраќаме на неа за овој закон. Не е должна.

Ја прекинувам седницата.

Ќе продолжиме утре со почеток во 10,00 часот.

(Седницата прекина во 17,00 часот.)